**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**

**ВО СКОПЈЕ**

ISSN-1857-9779

# Б И Л Т Е Н

**НА**

**УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**

**ВО СКОПЈЕ**

**Број 1107**

**Скопје, 15 септември 2015 година**

**Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

Ул. „Гоце Делчев“ бр. 9, 1000 Скопје

**ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО МАЈ 1957 ГОДИНА**

**Уредник на издавачката дејност на УКИМ:**

**проф. д-р Велимир СТОЈКОВСКИ, ректор**

**Уредник на Билтенот: Томислав БАШЕВСКИ**

**Лектор: Весна Илиевска - Цветановска**

Бр. ___________

_5.8. 2013_

Скопје

**Предмет: Материјали за Билтенот за објавување на веб-страницата на УКиМ**

Согласно член 132, став 5 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ" бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011 и 123/2012), на веб-страницата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, од бројот 1059 од 15 август 2013 година, ќе се објавуваат рефератите за избор во наставно-научни, научни и соработнички звања, рецензиите за подобност на темата и оспособеноста на кандидатот за вршење научна работа, прегледите на одобрените докторски дисертации, прифатените магистерски и специјалистички теми, рецензиите на учебници и учебни помагала, како и рефератите за доделување на звањето почесен професор и титулата почесен доктор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј". По објавување на материјалите на веб-страницата, факултетите и институтите за своите потреби, истите треба да ги отпечатат во материјална форма за да можат да ги доставаат на членовите на наставно-научниот, односно научниот совет. Поради тоа, потребно е сите материјали што се предвидени за објавување во Билтенот на Универзитетот, благовремено да ги доставувате во **електронска форма**.

Поради усогласеност и униформност на текстовите потребно е материјалите за објавување да се доставуваат како Microsoft Word 2003 документи во кои исклучиво ќе се користи системскиот фонт **Georgia**. Овој фонт содржи богато множество на кирилични (македонски, српски, руски), латинични (со различни видови на надредени знаци), грчки и други знаци. Варијанта на овој фонт со корегирани знаци во италик формата за македонските букви '***g***', '***ū***', '***ш̄***', '***ī***' може да се добие во компјутерскиот центар на УКиМ на барање на факултетот. Исто така, таму може да се добие софтверско решение со кое може да се испрограмира тастатурата на персонален сметач кога работи под Windows XP оперативниот систем при притискање на копчето '`' во македонска поддршка да се добие знакот '**è**', а при притискање на копчето '~' во македонска поддршка да се добие знакот '**ѝ**'.

Поради запазување на роковите за објавување на материјалите во Билтенот, но и на веб-страницата, ве молиме, рефератите откако ќе бидат лекторирани, да ја доставите оригиналната верзија (лекторирана со потписите), а електронската верзија да ја доставите на e-mail адресата: t.basevski@ukim.edu.mk (so mali bukvi).

Неблаговремено доставените материјали и оние кои нема да бидат напишани согласно упатството нема да бидат објавени во тој број, туку ќе бидат поместени за објавување во наредниот број од Билтенот, односно откако ќе ја добиеме бараната верзија.

Ви благодариме за соработката.

Со почит,

**Проректор**

**Проф. д-р Коле Василевски**

Изготвил:Т.Б.

Одобрил:К.М.

**Содржина на Билтен број 1107 од 15 септември 2015 година**


**АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од областа на историјата на архитектурата и уметноста и група предмети од областа на заштитата на градителското наследство на Институтот за заштита на градителското наследство и историја на архитектурата на Архитектонскиот факултет во Скопје **(д-р Ана Ивановска Дескова)**..........7-22
2. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област архитектонско проектирање на Институтот за архитектонско планирање при Архитектонскиот факултет во Скопје **(д-р Саша Тасиќ)**..........23-44
3. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Архитектонскиот факултет во Скопје **(Елизабета Ангелова-Петри, Искра Филипова, Симона Трајанова, Катерина Толеска, Маринела Арсова, Бисера Стојанова, Христина Ѓеоргиева, Хекуран Хазари, Едип Кефајет, Љупќо Стефанов, Ивана Топаловска Јовичиќ, Бојана Алексиќ, Милка Черепналковска, Горан Милевски, Симона Михајловска, Маријана Арсова, Мерита Хасани, Јасна Јовеска, Фиторе Ајро)**..........45-47

**ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област хидротехнички објекти на Градежниот факултет во Скопје **(д-р Стевчо Митовски)**..48-65

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот факултет во Скопје **(Мартин Мајсторов, Славица Тодоровска, Ксенија Поповиќ, Марко Георгиевски, Игор Саздовски, Игор Анѓелоски, Јовица Кузманоски, Слаџана Ќуиќ, Весна Максимоска, Даниел Илиевски, Елена Ќосевска, Дејан Степаноски, Светлана Маслова, Тамара Џекова, Петар Темелковски, Александар Јанковски, Анастасија Шулајковска, Даниел Додевски, Далиборка Спасеноска, Ирина Јандревска, Горан Цветкоски, Рената Десподова, Марија Николова, Јанко Николовски, Елена Глигорвска, Гани Аслани, Анастасија Војновска, Ивона Вељаноска, Антица Павлеска)**..........66-69

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Машинскиот факултет во Скопје **(Никола Гаџовски, Дејан Шишковски, Дарио Гечевски)**..........70

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на асистент-докторанд по предметот хигиена на Медицинскиот факултет во Скопје **(м-р д-р Мирјана Димовска)**..........71-76
2. Реферат за избор на асистент-докторанд за стручните предмети од тригодишните стручни студии по логопедија на Медицинскиот факултет во Скопје **(д-р Татјана Георгиевска Јанческа)**..........77-80
3. Реферат за избор на два асистенти-докторанди по предметот биохемија и клиничка биохемија на Медицинскиот факултет во Скопје **(помл. ас. д-р Марија Ѓеракароска Радовиќ, помл. ас. д-р Ирена Костовска)**..........81-87
4. Реферат за избор на асистенти-докторанди по предметот ортопедија на Медицинскиот факултет во Скопје **(д-р Александар Јакимовски, д-р Александар Савески)**.......88-94

5. Реферат за избор на асистент-докторанд по предметот физиологија на Медицинскиот факултет во Скопје **(д-р Иванка Караѓозова)**....................................................95-97
6. Реферат за избор на асистент-докторанд по предметот хумана генетика на Медицинскиот факултет во Скопје **(спец. Гордана Илиева, помл. ас. д-р Мери Киријас)**.........98-104
7. Реферат за избор на 1 научен работник по предметот социјална медицина на Медицинскиот факултет во Скопје **(м-р д-р Данче Гудева Никовска)**..................105-115
8. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Конгенитални аномалии на бубрезите и уринарниот тракт (cakut) – клиничко-генетска студија со посебен осврт на E469G варијантата на TSHZ3 генот,** од **д-р Надица Ристоска-Бојковска,** пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје.....................................................116-119

**ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“**

1. Реферат за избор во соработничко звање-асистент, поточно за еден извршител од областа математички науки и информатички науки, по предметите: основи на информатиката, за студиските групи одделенска настава и предучилишно воспитание, на македонски наставен јазик, и информациска писменост, за студиската група библиотекарство на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје **(м-р Јасмина Јовановска)**................120-124
2. Реферат за избор во соработничко звање-асистент од областа основи на тесно-стручните предмети, по предметот основи на музичката култура со методика, за студиските групи одделенска настава и предучилишно воспитание, на албански наставен јазик, на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје **(м-р Мујесер Иљази)**...125-128

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област применети политички науки на политичките студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје **(д-р Милена Апостоловска-Степаноска)**.................................129-146
2. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област економски науки на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје **(д-р Андреја Митески, д-р Катерина Шапкова)**.....................................................................147-167
3. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје **(Даниела Јовческа-Ѓуровска, Ивана Смаќоска, Влатко Бундев, Александар Тасев, Маја Петковска, Дарјан Стојановски, Сања Богданоска, Дејан Рошкоски, Славко Петлески, Милан Стојановски, Сашо Трајковски, Даниел Николов, Илија Патиров, Даниела Трпческа, Љупка Ваневска)**.........................................................................................................168-173

**СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на докторска дисертација на Стоматолошкиот факултет во Скопје **(д-р Весна Јуруковска Шотаровска)**...........................................174

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ**

1. Рецензија на ракописот **Вовед во математика за инженери** од авторите: **Соња Геговска-Зајкова, Катериа Хаџи-Велкова Санева, Елена Хаџиева, Марија Кујумџиева-Николоска, Анета Бучковска, Билјана Јолевска-Тунеска, Билјана Начевска-Настовска, Весна Андова, Сања Атанасова,** пријавен на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје...........................................175-180
2. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје **(Магдалена Рашковска, Андреј Вангелски, Маја Арнаудова, Билјана Беловинов, Мартин Крушаров, Николче Мојанчевски, Ване Митев, Филип Гитов)**.......................................................181-183

## ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА


1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) зеленчук на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје **(д-р Рукие Агич)**..............................................................................................................184-206
2. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област економика на земјоделството и развој на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје **(д-р Ана Котевска)**..........................................................................207-239


## ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ


1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во областа балетска педагогија, за наставните предмети методика на класичен балет и репертоар на Факултетот за музичка уметност во Скопје **(м-р Тања Вујисиќ-Тодоровска)**............................240-268


## ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ


1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области (дисциплини): современа филозофија, историја на филозофијата, филозофија (општ курс) на Филозофскиот факултет во Скопје **(д-р Ристо Солунчев)**.................269-277
2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Влијанието на политиката на НАТО за развој на одбранбените способности врз реформите во одбранбениот сектор: примерот на Република Македонија и Република Словенија,** од **м-р Тони Наумовски,** пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје.................................278-288


## ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“


1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) германски јазик на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје **(м-р Маријана Ѓорѓиева)**...................................................................................289-307
2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Централните заменски системи во македонскиот јазик со осврт кон состојбите во албанскиот јазик** од **м-р Ангелина Панчевска,** пријавена на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје.............................................................................................................308-312


## ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ


1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот институт во Скопје **(Ружица Ангеловска, Андреја Трајковска, Мила Караташева, Круме Ноневски, Сања Јосифовска, Марко Каранфиловиќ, Моника Арсова)**........313-314


## ЗЕМЈОДЕЛСКИ ИНСТИТУТ


1. Реферат за избор во звањето соработник-истражувач на научното поле биотехнички науки, научна област (дисциплина): економика на земјоделството и развој **(м-р Лазо Димитров)**.............................................................................................315-321


## ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА


1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Верските заедници во вардарскиот дел на Македонија (1918-1941)** од **м-р Рејхан Мандак,** пријавена на Институтот за национална историја во Скопје.......................................................................322-326

# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА ИСТОРИЈА НА АРХИТЕКТУРАТА И УМЕТНОСТА И ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА ЗАШТИТАТА НА ГРАДИТЕЛСКОТО НАСЛЕДСТВО НА ИНСТИТУТОТ ЗА ЗАШТИТА НА ГРАДИТЕЛСКОТО НАСЛЕДСТВО И ИСТОРИЈА НА АРХИТЕКТУРАТА ПРИ АРХИТЕКТОНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Архитектонски факултет - Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија" и „Коха" од 20.8.2015 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од областа на историјата на архитектурата и уметноста и група предмети од областа на заштитата на градителското наследство на Институтот за заштита на градителското наследство и историја на архитектурата при Архитектонскиот факултет, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, 08 бр. 6/170 (31.08.2015), донесена на 24.8.2015 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Елизабета Касапова, вонреден професор на Архитектонскиот факултет - претседател, д-р Јасмина Хаџиева Алексиевска, редовен професор на Архитектонскиот факултет (во пензија) - член и д-р Минас Бакалчев, редовен професор на Архитектонскиот факултет - член.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од наставно-научната област историја на архитектурата и уметноста и група предмети од областа на заштитата на градителското наследство при Институтот за заштита на градителското наследство и историја на архитектурата при Архитектонскиот факултет, во предвидениот рок се пријави кандидатката ас. д-р Ана Ивановска Дескова.

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката ас. д-р Ана Ивановска Дескова е родена на 27.6.1978 година во Скопје. Средно образование завршила во гимназијата „Никола Карев" во Скопје во 1996 година со континуиран одличен успех. Со високо образование се стекнала на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Дипломирала на 7.9.2002 година, со просечен успех 9,2.

Кандидатката активно се служи со англискиот и италијанскиот јазик.

Во учебната 2003/2004 година се запишала на втор циклус (магистерски) студии на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Студиите ги завршила во октомври 2008 година, со просечен успех 10. На 9.2.2010 година го одбранила магистерскиот труд на тема: *Утврдување на методи за заштита на објектите од периодот на Модерната во Р. Македонија преку примерот на ОУ „Јохан Хајнрих Песталоци"* под менторство на проф. д-р Јасмина Хаџиева Алексиевска.

Докторска дисертација пријавила на 30.11. 2011 година на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Дисертацијата на тема: *Архитектурата од периодот на постземјотресната обнова на Скопје – вредности и состојба во рамки на современиот контекст* ја одбранила на 17.8.2015 година пред Комисија во состав: проф. д-р Минас Бакалчев (ментор), проф. д-р Мартин Гулески, вон. проф. д-р Елизабета Касапова, проф. м-р Елизабета Аврамовска и проф. д-р Сашо Коруновски. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на технички науки од научната област архитектура и урбанизам.

На 27.2.2003 година е избрана во звањето *помлад асистент* во Институтот за заштита на градителското наследство и историја на архитектурата на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во областа на историјата на архитектурата и уметноста и во областа на заштитата на градителското наследство.

Во моментот е асистент на Институтот за заштита на градителското наследство и историја на архитектурата на Архитектонскиот факултет, УКИМ - Скопје. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр.1052 од 15.4.2013 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот бр. 820, 986 и 1052, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОЧЕТОКОТ НА КАРИЕРАТА ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

### Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на Архитектонскиот факултет при УКИМ, кандидатката д-р Ана Ивановска Дескова од 2000 до 2003 година била ангажирана како *демонстратор* во Институтот за заштита на градителското наследство и историја на архитектурата на Архитектонскиот факултет при УКИМ - Скопје.

Од вработувањето во 2003 година до денес, кандидатката д-р Ана Ивановска Дескова изведува вежби, теренска настава, консултации итн., на двете групи предмети за кои конкурира и тоа, според старата наставна програма: *архитектура и уметност на стар век, архитектура и уметност на среден век, архитектура и уметност на нов век, современа архитектура и уметност, архитектура и уметност во Македонија, реставрација и ревитализација на градителското наследство, типологија и морфологија на градителското наследство и ревитализација на историски јадра,* а од учебната 2008/2009 година според новата ЕКТС - програма на интегрираните петгодишни студии од прв и втор циклус по архитектура, на предметите: *историја на архитектура и уметност 1, историја на архитектура и уметност 2, историја на архитектура и уметност 3, историја на архитектура и уметност 4* (во првиот циклус студии) и предметите: *архитектура и уметност на Македонија, документирање и истражување на градителското наследство, конзервација и реставрација на градителското наследство*

*и ревитализација на градителското наследство* (во вториот циклус студии). Покрај ова, во рамките на редовната настава по предметите, кандидатката одржала низа предавања под менторство на предметните наставници, особено истакнувајќи го нејзиниот ангажман од учебната 2009/2010 до денес во наставата на предметите *историја на архитектура и уметност 1, историја на архитектура и уметност 4 и ревитализација на градителското наследство* според новата ЕКТС - програма.

Освен на матичните предмети на Институтот за заштита на градителското наследство и историја на архитектурата, кандидатката д-р Ана Ивановска Дескова учествувала во реализацијата на наставата на предметите од областа на архитектонското проектирање како: *внатрешна архитектура, продлабочена настава на тема Постиндустриско реобликување на градската територија на примерот Скопје,* како и *архитектонско студио 3* и *архитектонско студио 4* според новата ЕКТС програма.

## Летни школи, семинари и работилници

Паралелно со редовните активности во наставно-образовната дејност, кандидатката д-р Ана Ивановска Дескова во периодот од 2002 до 2011 година активно учествувала во процесот на пошироко образование преку летни школи, семинари и работилници главно од меѓународен карактер, како во Македонија така и надвор од неа. Освен како учесник во рамките на овие активности, кандидатката најчесто се појавува во улога на ментор каде уште поубедливо доаѓаат до израз нејзините стручни и педагошки квалитети.

Во Анексот 2 (член 2), кој е составен дел од овој Извештај, детално се наведени сите активности од областа на наставно-образовната дејност, со датуми и други релевантни податоци.

## Научноистражувачка дејност

Во изборниот период, кандидатката д-р Ана Ивановска Дескова покажала завидни резултати во областа на научноистражувачката и стручно-уметничката дејност. Последните четири години нејзина главна преокупација беше докторската дисертација под наслов: *Архитектурата од периодот на постземјотресната обнова на Скопје – вредности и состојба во рамки на современиот контекст.* Овој пионерски труд за првпат прави темелно и сеопфатно претставување, истражување и вреднување на архитектонската продукција од значајниот историски период на градот Скопје и нуди инструменти за понатамошна анализа на современите архитектонски феномени. Научните сознанија во докторската дисертација на д-р Ана Ивановска Дескова претставуваат значаен придонес во проучувањето на полето на националната историја на архитектурата, како и на заштитата на градителското наследство кое недвосмислено го опфаќа и овој сегмент од поновата историја на архитектурата во Македонија.

Д-р Ана Ивановска Дескова има објавено вкупно 5 научноистражувачки и стручни трудови од областа на нејзиниот потесен интерес, од кои еден труд е објавен во форма на самостојна публикација, еден труд во научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор, два труда во зборници од научни/стручни собири, од кои еден со меѓународен уредувачки одбор и еден труд во стручно/научно популарно списание.

Кандидатката учествувала во два научноистражувачки проекта, од кои еден национален и еден меѓународен, а со два труда земала учество на научни/стручни собири надвор од земјата. На покана на Универзитетот „Американ колеџ“ од Скопје одржала две предавања.

Вреднувајќи ја научноистражувачката дејност на д-р Ана Ивановска Дескова може да се забележи нејзиниот особен интерес во областа на националната историја на архитектурата, како и во областа на заштитата на градителското наследство, давајќи драгоцен придонес во проучувањето и афирмацијата на оваа архитектонска продукција како во земјата, така и надвор од неа.

Во Анексот 2 (член 3), кој е составен дел од овој Извештај, детално се наведени сите активности од областа на научноистражувачката дејност, со датуми и други релевантни податоци.

## Стручно-уметничка дејност

Во периодот од 2003 до 2015 година, д-р Ана Ивановска Дескова како дел од тим активно учествувала на 8 архитектонско-урбанистички и друг вид конкурси од национален или меѓународен карактер, од кои посебно се истакнува првонаградениот труд на меѓународниот конкурс за надградба на Градскиот трговски центар во Скопје (2008). Самостојно или во тим изработила 4 идејни архитектонски решенија и проект за конзервација, реставрација и реконструкција. Нејзината стручно-уметничка дејност јавно ја верификувала со 4 самостојни и 4 групни претставувања на домашни и меѓународни манифестации, како што се Биеналето во Венеција (2008 и 2014), БИМАС (2011), АСК (2011) и др.

Во Анексот 2 (член 4), кој е составен дел од овој Извештај, детално се наведени сите активности од областа на стручно-уметничката дејност, со датуми и други релевантни податоци.

## Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Д-р Ана Ивановска Дескова активно е вклучена во стручно-апликативната работа од областа на нејзината потесна специјализација. Самостојно или во тим изработила 4 главни (основни) проекти и 5 стручни студии при што доминираат објектите од градителското наследство на македонската национална архитектура. Нејзината плодна стручна дејност е шест пати јавно објавена во домашни и меѓународни публикации, списанија и каталози достапни за пошироката јавност.

Кандидатката остварила стручно усовршување во странство со 2 студиски престоја, и тоа во Универзитетот во Лунд, Шведска (2007) и Католичкиот универзитет во Валпараисо, Чиле (2008).

Особена активност кандидатката покажува во дејностите од поширок интерес. Редовно е вклучена во работата на повеќе стручни комисии и работни групи при Архитектонскиот факултет каде што покажува висок степен на ангажираност.

Во Анексот 2 (член 5), кој е составен дел од овој Извештај, детално се наведени сите активности од областа на стручно-апликативната дејност како и дејности од поширок интерес, со датуми и други релевантни податоци.

**<u>Оценка од самоевалуација</u>**

Кандидатката д-р Ана Ивановска Дескова континуирано добива високи оценки на анонимно спроведените анкети на студентите на Архитектонскиот факултет. Во последната учебна година кандидатката доби просечна оценка 9,64.

## Заклучок и предлог

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката, стручно-уметничката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Ана Ивановска Дескова.

Капацитетите и достигнувањата на кандидатката далеку ги надминуваат поставените критериуми на високото образование за избор во наставно звање по групата предмети од областа на историјата на архитектурата и уметноста и од областа на заштитата на градителското наследство. Комисијата го истакнува високиот степен на педагошките квалитети на кандидатката, посветеноста во работата со студентите и во унапредувањето на наставниот процес воопшто. Од особено значење за Комисијата се високите дострели во научноистражувачката, стручно-уметничката и стручно-апликативната дејност каде што кандидатката д-р Ана Ивановска Дескова е максимално присутна на меѓународната сцена со што придонесува за афирмација на стручната и научната мисла во високото образование на Архитектонскиот факултет и на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од почетокот на кариерата до денес, Комисијата заклучи дека д-р Ана Ивановска Дескова поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето доцент во научната област историја на архитектурата и уметноста и заштита на градителското наследство.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет во Скопје, д-р Ана Ивановска Дескова да биде избрана во звањето **доцент** во научната област историја на архитектурата и уметноста и заштита на градителското наследство во Институтот за заштита на градителското наследство и историја на архитектурата при Архитектонскиот факултет.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. **Вонр.проф. д-р Елизабета Касапова, претседател, с.р.**
2. **Проф. д-р Јасмина Хаџиева Алексиевска, член, с.р.**
3. **Проф. д-р Минас Бакалчев, член, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ

## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **Ана Зоран Ивановска Дескова**

**Институција:** **Архитектонски факултет – Скопје /**

**Институт за заштита на градителското наследство и историја на архитектурата**

**Научна област:** **историја на архитектура и уметност,**

**заштита на градителско наследство**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред.бр | НАЗИВ НА АКТИВНОСТА: | ПОЕНИ |
|---|---|---|
| 1 | Архитектура и уметност на среден век (2+2), летен семестар, 2002/03<br>вежби: 2 часа x 15 недели x 0,03 поени x 4 групи = 3,6 | **3,6** |
| 2 | Архитектура и уметност во Македонија (2+2), летен семестар, 2002/03<br>вежби: 2 часа x 15 недели x 0,03 поени x 3 групи = 2,7 | **2,7** |
| 3 | Архитектура и уметност на стар век (2+2), зимски семестар, 2003/04<br>вежби: 2 часа x 15 недели x 0,03 поени x 6 групи = 5,4 | **5,4** |
| 4 | Архитектура и уметност на среден век (2+2), летен семестар, 2003/04<br>вежби: 2 часа x 15 недели x 0,03 поени x 4 групи = 3,6 | **3,6** |
| 5 | Архитектура и уметност во Македонија (2+2), летен семестар, 2003/04<br>вежби: 2 часа x 15 недели x 0,03 поени x 4 групи = 3,6 | **3,6** |

| | | |
|---|---|---|
| 6 | Архитектура и уметност на стар век (2+2), зимски семестар, 2004/05<br><br>вежби: 2 часа x 15 недели x 0,03 поени x 6 групи = 5,4 | **5,4** |
| 7 | Архитектура и уметност на среден век (2+2), летен семестар, 2004/05<br><br>вежби: 2 часа x 15 недели x 0,03 поени x 4 групи = 3,6 | **3,6** |
| 8 | Архитектура и уметност во Македонија (2+2), летен семестар, 2004/05<br><br>вежби: 2 часа x 15 недели x 0,03 поени x 4 групи = 3,6 | **3,6** |
| 9 | Реставрација и ревитализација на историски објекти – продлабочена настава (2+8), летен семестар, 2004/05 вежби : 8 часа x 15 недели x 0.03 x 1 група = 3,6 | **3,6** |
| 10 | Архитектура и уметност на стар век (2+2), зимски семестар, 2005/06<br><br>вежби: 2 часа x 15 недели x 0,03 поени x 4 групи = 3,6 | **3,6** |
| 11 | Реставрација и ревитализација на историски објекти – продлабочена настава (2+8), зимски семестар, 2005/06 вежби : 8 часа x 15 недели x 0.03 x 1 група = 3,6 | **3,6** |
| 12 | Архитектура и уметност на среден век (2+2), летен семестар, 2005/06<br><br>вежби: 2 часа x 15 недели x 0,03 поени x 4 групи = 3,6 | **3,6** |
| 13 | Архитектура и уметност во Македонија (2+2), летен семестар, 2005/06<br><br>вежби: 2 часа x 15 недели x 0,03 поени x 4 групи = 3,6 | **3,6** |
| 14 | Внатрешна архитектура (2+3), летен семестар, 2005/06<br><br>вежби: 3 часа x 15 недели x 0,03 поени x 1 групи = 1,35 | **1,35** |
| 15 | Архитектура и уметност на стар век (2+2), зимски семестар, 2006/07<br><br>вежби: 2 часа x 15 недели x 0,03 поени x 6 групи = 5,4 | **5,4** |
| 16 | Архитектура и уметност на среден век (2+2), летен семестар, 2006/07<br><br>вежби: 2 часа x 15 недели x 0,03 поени x 6 групи = 5,4 | **5,4** |
| 17 | Архитектура и уметност во Македонија (2+2), летен семестар, 2006/07<br><br>вежби: 2 часа x 15 недели x 0,03 поени x 4 групи = 3,6 | **3,6** |
| 18 | Архитектура и уметност на стар век (2+2), зимски семестар, 2007/08<br><br>вежби: 2 часа x 15 недели x 0,03 поени x 4 групи = 3,6 | **3,6** |

| | | |
|---|---|---|
| 19 | Внатрешна архитектура (2+5), зимски семестар, 2007/08<br><br>вежби: 5 часа x 15 недели x 0,03 поени x 2 групи = 4,5 | **4,5** |
| 20 | Архитектура и уметност на среден век (2+2), летен семестар, 2007/08<br><br>вежби: 2 часа x 15 недели x 0,03 поени x 5 групи = 4,5 | **4,5** |
| 21 | Архитектура и уметност во Македонија (2+2), летен семестар, 2007/08<br><br>вежби: 2 часа x 15 недели x 0,03 поени x 6 групи = 5,4 | **5,4** |
| 22 | Внатрешна архитектура (2+5), зимски семестар, 2008/09<br><br>вежби: 5 часа x 15 недели x 0,03 поени x 2 групи = 4,5 | **4,5** |
| 23 | Реставрација и ревитализација на историски објекти – продлабочена настава (2+4), зимски семестар, 2008/09 вежби : 4 часа x 15 недели x 0.03 x 2 група =3,6 | **3,6** |
| 24 | Историја на архитектура и уметност 1, ЕКТС, I циклус на студии, зимски семестар<br><br>2008/09 (28 контакт часа/сем.) вежби: 24x0,03= 0,72 | **0,72** |
| 25 | Архитектура и уметност во Македонија (2+2), стара програма, летен семестар, 2008/09 вежби: 2 часа x 15 недели x 0,03 поени x 6 групи = 5,4 | **5,4** |
| 26 | Историја на архитектура и уметност 2, ЕКТС, I циклус на студии, летен семестар<br><br>2008/09 (28 контакт часа/сем.) вежби: 16x0,03= 0,48 | **0,48** |
| 27 | Историја на архитектура и уметност 3, ЕКТС, I циклус на студии, зимски семестар<br><br>2009/10 (28 контакт часа/сем.) вежби: 16x0,03= 0,48 | **0,48** |
| 28 | Историја на архитектура и уметност 4, ЕКТС, I циклус на студии, летен семестар<br><br>2009/10 (28 контакт часа/сем.) вежби: 16x0,03= 0,48 | **0,48** |
| 29 | Архитектонско студио 4, ЕКТС, I циклус на студии (0+6), летен семестар, 2009/10<br><br>студио: 6 часа x 15 недели x 0.03 x 1 група = 2,7 | **2,7** |
| 30 | Архитектонско проектирање – продлабочена настава, стара програма (3+5),<br><br>летен семестар, 2009/10 вежби: 5 часа x 15 недели x 0.03 x 1 група = 2.25 | **2,25** |

| | | |
|---|---|---|
| 31 | Документирање и истражување на градителско наследство, ЕКТС, II циклус на студии, зимски семестар, 2010/11 вежби: 1 часа x 15 недели x 0.03 x 3 група = 1,35 | **1,35** |
| 32 | Архитектонско студио 3, ЕКТС, I циклус на студии (0+6), зимски семестар, 2010/11<br><br>студио: 6 часа x 15 недели x 0.03 x 1 група = 2,7 | **2,7** |
| 33 | Конзервација и реставрација на градителско наследство, ЕКТС, II циклус на студии, летен семестар, 2010/11 вежби: 2 часа x 15 недели x 0.03 x 3 група = 2,7 | **2,7** |
| 34 | Архитектонско студио 4, ЕКТС, I циклус на студии (0+6), летен семестар, 2010/11<br><br>студио: 6 часа x 15 недели x 0.03 x 1 група = 2,7 | **2,7** |
| 35 | Документирање и истражување на градителско наследство, ЕКТС, II циклус на студии, зимски семестар, 2011/12 вежби: 1 часа x 15 недели x 0.03 x 3 група = 1,8 | **1,8** |
| 36 | Ревитализација на градителско наследство ЕКТС, II циклус на студии, зимски семестар, 2011/12 вежби: 3 часа x 15 недели x 0.03 x 1 групи = 1,35 | **1,35** |
| 37 | Архитектонско студио 3, ЕКТС, I циклус на студии (0+6), зимски семестар, 2011/12<br><br>студио: 6 часа x 15 недели x 0.03 x 1 група = 2,7 | **2,7** |
| 38 | Конзервација и реставрација на градителско наследство, ЕКТС, II циклус на студии, летен семестар, 2011/12 вежби: 2 часа x 15 недели x 0.03 x 3 група = 2,7 | **2,7** |
| 39 | Архитектонско студио 4 (0+6), ЕКТС, I циклус на студии (0+6), летен семестар, 2011/12 студио: 6 часа x 15 недели x 0.03 x 1 група = 2,7 | **2,7** |
| 40 | Ревитализација на градителско наследство ЕКТС, II циклус на студии, зимски семестар, 2012/13 вежби: 3 часа x 15 недели x 0.03 x 2 групи = 2,7 | **2,7** |
| 41 | Архитектонско студио 3, ЕКТС, I циклус на студии (0+6), зимски семестар, 2012/13<br><br>студио: 6 часа x 15 недели x 0.03 x 1 група = 2.7 | **2,7** |
| 42 | Конзервација и реставрација на градителско наследство, ЕКТС, II циклус на студии, летен семестар, 2012/13 вежби: 2 часа x 15 недели x 0.03 x 3 група = 2,7 | **2,7** |
| 43 | Архитектонско студио 4 (0+6), ЕКТС, I циклус на студии (0+6), летен | **2,7** |

| | | |
|---|---|---|
| | семестар, 2012/13 студио: 6 часа x 15 недели x 0.03 x 1 група = 2,7 | |
| 44 | Документирање и истражување на градителско наследство, ЕКТС, II циклус на студии, зимски семестар, 2013/14 вежби: 1 часа x 15 недели x 0.03 x 5 група = 1,8 | **2,25** |
| 45 | Ревитализација на градителско наследство ЕКТС, II циклус на студии, зимски семестар, 2013/14 вежби: 3 часа x 15 недели x 0.03 x 2 групи = 2,7 | **2,7** |
| 46 | Архитектонско студио 3, ЕКТС, I циклус на студии (0+6), зимски семестар, 2013/14<br>студио: 6 часа x 15 недели x 0.03 x 1 група = 2,7 | **2,7** |
| 47 | Ревитализација на градителско наследство ЕКТС, II циклус на студии, зимски семестар, 2014/15 вежби: 3 часа x 15 недели x 0.03 x 3 групи = 4,05 | **4,05** |
| 48 | Конзервација и реставрација на градителско наследство, ЕКТС, II циклус на студии, летен семестар, 2014/15 вежби: 2 часа x 15 недели x 0.03 x 5 група = 2,7 | **4,5** |
| 49 | Архитектонско студио 4 (0+6), ЕКТС, I циклус на студии (0+6), летен семестар, 2014/15 студио: 6 часа x 15 недели x 0.03 x 1 група = 2,7 | **2,7** |
| 50 | 14-та Меѓународна летна школа по архитектура во Св. Јоаким Осоговски, Крива Паланка, Македонија (Куќа во период на транзиција) – коментор, 2005 | **1** |
| 51 | 15-та Меѓународна летна школа по архитектура во Св. Јоаким Осоговски, Крива Паланка, Македонија (Процес) – ментор, 2006 | **1** |
| 52 | 16-та Меѓународна летна школа по архитектура во Св. Јоаким Осоговски, Крива Паланка, Македонија (Град за сите) – ментор, 2007 | **1** |
| 53 | 17-та Меѓународна летна школа по архитектура во Св. Јоаким Осоговски, Крива Паланка, Македонија (Нови простори од најдени материјали) – ментор, 2008 | **1** |
| 54 | 20-та Меѓународна летна школа по архитектура во Св. Јоаким Осоговски, Крива Паланка, Македонија (Невидливи лавиринти) – ментор, 2011 | **1** |
| 55 | СЕЗАМ - Меѓународна архитектонска работилница, Крушево, (Ре-анимација) – ментор, 2006 | **1** |
| 56 | Архитектонска работилница „Оживување на левиот брег на реката Вардар“, во соработка со град Скопје, ментор, 2007 | **1** |
| 57 | Меѓународна работилница Охридски летен универзитет „Балканско културно наследство, уметност и визија“, учесник, 2004 | **1** |

| | | |
|---|---|---|
| 58 | Меѓународна работилница „Манастирот Св. Никита и селата Чучер и Горњани“, во соработка со Универзитетот од Трст, Италија, учесник, 2003 | **1** |
| 59 | Меѓународна работилница на Форум УНЕСКО „Средновековна археологија на островот Елба“, учесник, 2003 | **1** |
| 60 | Меѓународна работилница „Историски и културни итинерари...“, во соработка со Универзитетот од Трст, Италија, учесник, 2002 | **1** |
| | **ВКУПНО** | **165,26** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред.бр** | **НАЗИВ НА АКТИВНОСТА:** | **ПОЕНИ** |
|---|---|---|
| 1 | Учесник во национален научноистражувачки проект: „Корпус на градителското наследство во Македонија, Пилот-проект: Сакралната архитектура од 19 век во Македонија – Вардарски регион“, проект од национален интерес во културата од обласата на заштитата на недвижното културно наследство за 2015 г., финансиран од Министерството за култура на РМ (во тек) | **3** |
| 2 | Учесник во меѓународен истражувачки проект-студија за инвентаризација на објекти во спомеинчката целина Стара Чаршија, Скопје, во соработка со Национална институција – конзерваторски центар-Скопје и градот Бајон, Франција, 2007-2010 | **5** |
| 3 | Труд со оригинални научни резултати објавен во форма на публикација; Проект Наоди - македонски национален претставник на Венецискотобиенале за архитектура, истражување на облиците на ширење на модерната парадигма во Скопје низ примерот на јавните објекти, издание на Младински културен центар Скопје, 2014 | **3,6** |
| 4 | Труд со оригинални научни резултати објавен во научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор, под наслов: „Housing against citizenship on the case of Zlokukjani settlement in Skopje“, во ZAWIA, (2012) pp. 190-203 | **3,6** |
| 5 | Труд со оригинални научни/стручни резултати објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор, „Urban Dialog: strategies for soft reconstruction of city historic district in Skopje“, 2011 | **1,8** |
| 6 | Труд со оригинални научни/стручни резултати објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир, под наслов: „Modeling pedestrian | **1,8** |

| | | |
|---|---|---|
| | mobility as a designer's tool in urban protected areas", во „Reliability and Statistics in Transportation and Communication", Conference proceedings RelStat '11, Riga, Latvia (2011), pp.408-418 | |
| 8 | Труд со оригинални научни резултати објавен во стручно/научно популарно списание „Прифаќање на предизвикот и продолжување на континуитетот" во Пресинг, год. III, бр. 18, Скопје, 2014, стр. 62-70 | **1,8** |
| 9 | Учество на научен/стручен собир со реферат под наслов: "Updating a modern building, the elementary school J.H. Pestalozzi", Conservation and Management of Historic Buildings, Valparaiso, Chile, 2008 | **1** |
| 7 | Учество на научен/стручен собир со реферат под наслов: "A Mosque with a two-domed Porch: Case Study of Dukjandzik Mosque in Skopje", XVth Turkish Congress of History, Ankara, 2006 | **1** |
| 10 | Одржано предавање на покана на Факултетот за архитектура и дизајн при Универзитетот „Американ колеџ" во Скопје на тема: „Наоди", одржано на 8.10.2014 г. | **1** |
| 11 | Одржано предавање на покана на Факултетот за архитектура и дизајн при Универзитетот „Американ колеџ" во Скопје на тема: „Архитектурата во Скопје во периодот 1963-1990 г.", одржано на 22.4.2015 г. | **1** |
| | **ВКУПНО** | **24,6** |

**СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред.бр** | **НАЗИВ НА АКТИВНОСТА:** | **ПОЕНИ** |
|---|---|---|
| 1 | Учество на меѓународен архитектонско-урбанистички конкурс (EUROPAN) за станбено деловен комплекс со јавен простор, Виена, Австрија, 2013 | **4** |
| 2 | Идејно архитектонско решение за едносемејна куќа со деловен простор во населбата Тафталиџе, Скопје, 2012 | **4** |
| 3 | Учество на архитектонско-урбанистички конкурс за Типски повеќесемејни станбени згради за колективно домување во Скопје и низ градовите во Македонија, Скопје, 2010 | **4** |
| 4 | Учество на архитектонски конкурс за Катна гаража на Булевар „Мито Хаџивасилев Јасмин", Скопје, 2010 | **4** |
| 5 | Учество на архитектонски конкурс за Катна гаража на Булевар „Даме | **4** |

| | | |
|---|---|---|
| | Груев“ (втора награда), Скопје, 2010 | |
| 6 | Учество на меѓународен архитектонски конкурс за Надградба на Градски трговски центар (прва награда), Скопје, 2008 | **4** |
| 7 | Учество на архитектонски конкурс за Библиотека во Берово, 2007 | **4** |
| 8 | Идејно архитектонско решение за објекти од комплексот Арабати Баба-теќе во Тетово, 2007 | **4** |
| 9 | Идејно архитектонско решение за повеќесемејна станбена зграда на ул. „Емил Зола“, населба Кисела Вода, Скопје, 2006 | **4** |
| 10 | Идеен архитектонски проект за конзервација, реставрација и реконструкција на Дуќанџик џамија во Скопје, соработник, 2003 | **4** |
| 11 | Учество на конкурс Ордени и медали на Република Македонија (Откуп), 2004 | **4** |
| 12 | Учесник на светска архитектонска манифестација XIV Биенале во Венеција со национално претставување на Р. Македонија, како коавтор на проектот под наслов: „Наоди“ (куратор: Ј. Ивановски), 2014 | **8** |
| 13 | Учесник на светска архитектонска манифестација XI Биенале во Венеција со национално претставување на Р. Македонија, како коавтор на проектот под наслов: „Метамак – Отсечоци“ (куратори: М.Бакалчев, М. Хаџи Пуља, В. Коробар), 2008 | **8** |
| 14 | Самостојно јавно претставување на архитектонски и урбанистички дела со публикација, со изложбата под наслов: 100.000м2 за Скопје – SCArS+Архитектри, одржана во Музејот на град Скопје, 2009 | **8** |
| 15 | Самостојно јавно претставување на архитектонски и урбанистички дела со публикација, со изложбата под наслов: outBOX – SCArS+Архитектри, одржана во Музејот на град Скопје, 2011 | **8** |
| 16 | Групно јавно претставување на архитектонски и урбанистички дела, во рамки на БИМАС 2011, со проектот за едносемејна куќа со деловен простор во населбата Тафталиџе во Скопје, Музеј на град Скопје, 2011 | **2** |
| 17 | Групно јавно претставување на архитектонски и урбанистички дела, во рамки на АСК 2011, со проектот за едносемејна куќа со деловен простор во населбата Тафталиџе во Скопје, Музеј на град Скопје, 2011 | **2** |
| 18 | Групно јавно претставување на архитектонски и урбанистички дела, во рамки на изложбата „60 години Архитектонски факултет, Скопје“, во Музејот на град Скопје со проектот за надградба на Градскиот трговски центар во Скопје, 2010 | **2** |
| 19 | Групно јавно претставување на архитектонски и урбанистички дела, во | **2** |

| | | |
|---|---|---|
| | рамки на изложбата „Балканологија – урбаните феномени во југоисточна Европа“ , одржана во Архитектонскиот центар во Виена (Базел, Сараево, Букурешт, итн.) со проектот за надградба на градскиот трговски центар во Скопје, 2009 | |
| | **ВКУПНО** | **84** |
| | | |
| | **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ+ СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | |
| | **НИ + СУ** | **108,6** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред.бр** | **НАЗИВ НА АКТИВНОСТА:** | **ПОЕНИ** |
|---|---|---|
| 1 | Главен (основен) проект за архитектонска адаптација и обликување на музејската поставка на Музејот на холокаустот на Евреите од Македонија, соработник на The Berenbaum Group – Michael Berenbaum, USA , 2012 | **2** |
| 2 | Главен (основен) проект за ревитализација на комплексот Арабати Баба теќе во Тетово, меѓународен проект финансиран од Република Турција, 2007, соработник | **2** |
| 3 | Главен (основен) проект за повеќесемејна станбена зграда на ул. „Емил Зола“, населба Кисела Вода, Скопје, 2006, проектант | **4** |
| 4 | Главен (основен) архитектонски проект за конзервација, реставрација и реконструкција на Дуќанџик џамија во Скопје, 2003, соработник | **2** |
| 5 | Студија на постојната состојба, валоризација и режим на заштита на комплексот Арабати Баба теќе во Тетово, меѓународен проект финансиран од Република Турција, 2007, соработник | **1** |
| 6 | Студија на постојната состојба на Кебир Мехмед Челеби џамија во соработка со Национална институција Конзерваторски центар-Скопје, 2005, автор | **2** |
| 7 | Студија на постојната состојба на Доцноантичкото термално лечилиште во с. Банско, Струмица, 2003/04, коавтор | **2** |
| 8 | Студија на постојната состојба, цртачка реконструкција и валоризација со режим на заштита на Дуќанџик џамија во Скопје, 2003, соработник | **1** |
| 9 | Студија на постојната состојба на Чифте-амам во Скопје за потребите на проектот „Адаптација на Чифте-амам во Скопје во уметничка галерија“, | **1** |

| | | |
|---|---|---|
| | 2003, соработник | |
| 10 | Објавено дело во каталог од национална ликовна манифестација, со проектот за архитектонско и ликовно обликување на музејската поставка „60-те, Светот, Скопје и скопјани“, во рамки на Бела Ноќ 2012 во Музејот на град Скопје, 2012 | **1** |
| 11 | Објавено дело во меѓународна публикација/списание “ОРИС - магазин за архитектура и култура“ – бр.69, во форма на резиме од самостојната изложба на архитектонски проекти и модели OUTBOX 2010, Загреб, 2011 год. | **2** |
| 12 | Објавено дело во меѓународна публикација/списание “А10” - бр.31, во форма на резиме од самостојната изложба на архитектонски проекти „100.000м2 за Скопје“, од проф. д-р Влатко Коробар, 2010 год. | **2** |
| 13 | Објавено дело во меѓународна публикација/списание “Projekt” - бр.18, во форма на резиме од самостојната изложба на архитектонски проекти „100.000м2 за Скопје“, од арх. Мароје Мрдуљаш, 2009 год. | **2** |
| 14 | Објавено дело во меѓународна публикација/списание Balkanology, S-AM 06, Базел, Швајцарија, 2008 год. | **2** |
| 15 | Објавено дело во меѓународна публикација “Fundamentals, Absorbing Modernity 1914-2014”, La Bienalle di Venezia– 14. Mostra Internazionale di Architettura, 2014 год | **2** |
| 16 | Објавено дело во меѓународна публикација “Out There – Architecture Beyond Building”, La Bienalle di Venezia – 11. Mostra Internazionale di Architettura, 2008 год. | **2** |
| | **ВКУПНО** | **30** |

## ДЕЈНОСТ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

| **Ред.бр** | **НАЗИВ НА АКТИВНОСТА:** | **ПОЕНИ** |
|---|---|---|
| 1 | Студиски престој до 3 месеци на Универзитетот во Лунд, Шведска, 2007 | **0,5** |
| 2 | Студиски престој до 3 месеци на Католичкиот универзитет во Валпараисо, Чиле, 2008 | **0,5** |
| 3 | Студиски патувања со студенти од Архитектонски факултет во Грција (2004), Турција (2006) и Италија (2010) – организација на програмата и раководство | **1,5** |

| | | |
|---|---|---|
| 4 | Член на ННС на Архитектонскиот факултет во Скопје од редот на асистентите, 2005-2009 | **0,5** |
| 5 | Член на комисии на Архитектонскиот факултет во Скопје, 2003-2015 (6x0,5) | **3** |
| 6 | Член на Асоцијација на архитекти на Македонија | **0,5** |
| | **ВКУПНО** | **6,5** |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | **ПОЕНИ** |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **165,26** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ+ СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | **108,60** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **30,00** |
| **ДЕЈНОСТ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | **6,50** |
| **ВКУПНО** | **310,36** |

ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА

1. Вонр.проф. д-р Елизабета Касапова, претседател, с.р.
2. Проф. д-р Јасмина Хаџиева Алексиевска, член, с.р.
3. Проф. д-р Минас Бакалчев, член, с.р.

РЕФЕРАТ

# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ АРХИТЕКТОНСКО ПРОЕКТИРАЊЕ НА ИНСТИТУТОТ ЗА АРХИТЕКТОНСКО ПРОЕКТИРАЊЕ ПРИ АРХИТЕКТОНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје / Архитектонскиот факултет / Институтот за архитектонско проектирање, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Koha“ од 16 јули 2015 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област архитектонско проектирање (домување) на Институтот за архитектонско проектирање при Архитектонскиот факултет, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 6/168, донесена на 24.8.2015 год., формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Минас Бакалчев, редовен професор - претседател, д-р Зорица Блажевска, редовен професор - член, и д-р Влатко П. Коробар, редовен професор – член.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Koha“ од 16 јули 2015 година за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област архитектонско проектирање (домување), во предвидениот рок се пријави д-р Саша Тасиќ, дипломиран инженер -архитект.

## 3. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот д-р Саша Тасиќ, дипл.инж.арх., е роден на 2 август 1972 год., во Скопје. Средно образование завршил во ГУЦ „Здравко Цветковски“ во Скопје на отсекот за архитектура. Со високо образование се стекнал на Архитектонскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Дипломирал на 15 октомври 1999 година на тема „Едносемејна станбена куќа“, под менторство на проф. д-р Зорица Блажевска. Студиите ги завршил со просечен успех 8,0 и среден успех од предметите од областа на архитектонското проектирање со 9,75.

Кандидатот активно се служи со англискиот и српскиот јазик.

| 1. | Никола Гаџовски | Истражување на топологијата на гасоводните системи интерактивно со струјнотехничките параметри и услови | Research of gas network topology with interactive fluid flow parameters and conditions | Вонр. проф. д-р Зоран Марков | 02-1889/2<br>31.08.2015 год. |
| 2. | Дејан Шишковски | Активна адаптивна контрола на вибрации на конзола со примена на електромагнетен актуатор | Active adaptive vibration control of cantilever beam using electromagnetic actuator | Вонр. проф. д-р Виктор Гаврилоски | 02-1521/2<br>31.08.2015 год. |
| 3. | Дарио Гечевски | Анализа на влијателните фактори за развој на одржливи логистички системи | Analysis of impact factors for development of sustainable logistics systems | Проф. д-р Радмил Поленаковиќ | 02-1841/2<br>31.08.2015 год. |

# РЕФЕРАТ

# ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ-ДОКТОРАНД ПО ПРЕДМЕТОТ ХИГИЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 132 од Законот за високото образование (Службен весник на РМ бр. 35/08,103/08,26/09, 99/09, 115/10, 17/11,51/111,123/12,15/13, 24/12,41/14,116/14,130/14,10/15,20/15 и 98/15), а во врска со членовите 9,42, 46 и 48 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни звања, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 274/13), Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје на својата XI редовна седница одржана на 9.7.2015 година, а во согласност со конкурсот објавен на 23.6.2015 година, донесе решение за формирање на Рецензентска комисија за избор на 1 (еден) асистент-докторанд по предметот хигиена, во состав:

1. проф. д-р Драган Ѓорѓев
2. проф. д-р Михаил Кочубовски
3. доц. д-р Гордана Ристовска.

Откако ја проучи доставената документација од пријавената кандидатка **м-р д-р Мирјана Димовска**, Рецензентската комисија има чест да му го достави на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### *БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ*

Кандидатката **м-р д-р Мирјана Димовска е родена во Скопје на 27.4.1972 година.** Основно и средно образование, како и Медицинскиот факултет ги завршила во Скопје. Државниот испит го положила во 1998 година. Својот работен стаж го започнала во Здравствен дом Скопје - Поликлиника Чаир. Од јуни 2005 година е вработена во ЈЗУ Институт за јавно здравје на РМ во Скопје. Во истата година се запишала на постдипломски студии по јавно здравство на Медицинскиот факултет во Скопје. Од ноември 2013 година започнала специјализација по хигиена на Медицинскиот факултет во Скопје. Член е на Лекарската комора на Македонија и на Македонското лекарско друштво. Зборува англиски и руски јазик. Успешно се користи со поголем број апликативни компјутерски програми од интерес.

### *НАСТАВНО-НАУЧНА АКТИВНОСТ*

На 27.3.2012 успешно го одбранила својот магистерски труд со наслов „Ниво на здравствено-еколошка свест кај децата и младите и влијание врз политиките во оваа област" и се стекнала со звањето магистер на науки по јавно здравство. Како магистер подолго време учествува како соработник во одржувањето и демонстрирањето на вежбите за студенти и специјализанти по медицина. Била и соработник во пишувањето на **УЧЕБНИКОТ „ХИГИЕНА НА ХРАНА И ИСХРАНА" од авторите** Ѓорѓев Драган, Владимир Кендровски и Гордана Ристовска, Златанка Димитровска - Скопје: Медицински факултет, 2008 CIP – Каталогизација во публикација 613.2 (075.8) ISBN 978-9989-2594-6-3 Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски"-Скопје.

### *СТРУЧНА АКТИВНОСТ*

М-р д-р Мирјана Димовска работи во ЈЗУ Институт за јавно здравје на РМ од јуни 2005 година како истражувач во Секторот за здравствена екологија.

Во текот на работата, кандидатката континуирано се едуцира и стручно се усовршува на домашни и меѓународни конгреси и семинари од областа на јавното здравство и превентивната медицина. Во 2005 година учествувала на интернационалниот центар за обука B.EN.A за одржлив развој на животната средина во рамките на процесот на хармонизација со ЕУ-легислативата. Во 2005 година, исто така, посетувала обука за хемикалии како ненамерни и неочекувани глобални закани за животната средина на NATO ASI (Advanced Study Institute). Учесник е на Третиот конгрес за превентивна медицина на Македонија со меѓународно учество во 2006 година во Охрид. Во 2007 година посетила интернационална напредна програма за опасни материи во Харперс Фери, Западна Вирџинија, САД. Во 2009 година била вклучена во програмата CMEPP (Civil Military Emergency Preparedness Program) за јакнење и унапредување на капацитетите на цивилното и военото здравство во услови на кризи. Во 2012 година ја посетила обуката на Јапонската агенција за меѓународна соработка (JICA) на тема "Environmental Education" во Китакјушу, Јапонија.

Кандидатката учествувала на многубројни работилници организирани од агенциите на Обединетите нации и Европската комисија, а кои се однесуваат на градење на националните капацитети за унапредување на безбедноста на храната и имплементацијата на современите принципи за превенција на болестите поврзани фактори од животната средина.

М-р д-р Мирјана Димовска учествува во голем број програмски активности и промотивно-превентивни акции.

Номинирана е од министерот за здравство и Владата на РМ за член на Работна група за имплементација на ЕУ-регулативите во националното законодавство и подготовка на преговарачки позиции за преговори за членство во

ЕУ (NPAA) и Прогрес-мониторингот за животна средина. Член е на Работна група за изработка на национална легислатива и подзаконски акти што се однесуваат на квалитетот на води наменети за капење. Член е во работни групи за изработка на национални стратешки и плански документи.

***ТРУДОВИ ЗА РЕЦЕНЗИЈА***

1. Mihail Kochubovski, J. Janevski, M. Dimovska, S. Simjanoski, V. Ristova. **MONITORING OF THE AMBIENT AIR QUALITY IN SKOPJE AND VELES AND EVALUATION OF THE HEALTH EFFECTS IN 1990-2006.** Book of abstracts of the International Conference on "Quality of life and environment in the frame of EU sustainability", Belgrade; 2007: 22.

Целта на трудот беше да се изврши евалуација на квалитетот на амбиентниот воздух во Скопје и во Велес со параметрите сулфур диоксид и чад и стапка на морбидитет од респираторни заболувања во периодот 1990-2006 година.

Според резултатите од мониторингот најдена е статистичка значајност помеѓу просечната годишна концентрација на сулфурен диоксид во амбиентниот воздух со повисоки вредности во Велес (просек=0,06 $mg/m^3$), споредено со Скопје (просек=0,03 $mg/m^3$). Во двата града е забележан намалувачки тренд на сулфур диоксид. Истата ситуација се забележува и во однос на чадот со значително пониски концентрации во Велес (просек=0,02 $mg/m^3$), споредено со Скопје (просек=0,03 $mg/m^3$). Инциденцата на респираторните заболувања е повисока во Скопје, особено во Велес, споредено со останатите градови во РМ. Забележан е намалувачки тренд на стапката на инциденца на респираторни заболувања (ICD – 10 J00-J99) на 1000 жители во периодот 1990-2006 година во Скопје и во Велес.

2. M. Kochubovski, B. Aleksoski, V. Kendrovski, M. Dimovska. **REVIEW OF BACTERIOLOGICAL AND PHYSICOCHEMICAL QUALITY OF NATURAL MINERAL WATER PRODUCED IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA.** Journal of Environmental Protection and Ecology, Vol. 8, No. 4, Sofia; 2007: 950-955.

РМ како земја-кандидат за ЕУ има за цел хармонизација на националната легислатива во однос на заштитата на животната средина. Една од постигнатите цели е конечниот нацрт на Правилникот за безбедност на природната минерална и минерализирана вода. Во периодот од 1 јануари до 20 декември 2005 година во лабораториите на РЗЗЗ испитани се 235 примероци на 17 различни типови пакувана природна минерална вода произведена во РМ. 187 примероци на природна минерална вода се доставени од страна на ЗЗЗ-Скопје во согласност со предвидениот мониторинг. Дирекцијата за храна доставила 4 примероци, додека

44 примероци се доставени на барање на локалните производители. Резултатите од тестирањата покажале дека 13 примероци се неисправни заради зголемена содржина на нитрити (5,7%), по 1 примерок заради зголемена содржина на никел, хлориди, стронциум, фосфати, 3 примероци заради зголемена потрошувачка на $KMnO_4$ (1,3%) и 15 примероци заради бактериолошка контаминација (6,6%). Како резултат на некомплетна декларација, 2 примерока се одговорени како несоодветни за употреба. За сето горенаведено применети се ЕУ-стандардите и стандардите на Codex Alimentarius со цел да се хармонизираат граничните вредности на параметрите од интерес.

3. Z. Dimitrovska, I. Spiroski, M. Dimovska, V. Kendrovski, B. Aleksoski. **HEALTH PROMOTION BY PREVENTIVE CHECK-UPS AND HEALTH RISK DETECTION.** Journal of Environmental Protection and Ecology, Vol. 8, No. 8, Sofia; 2007: 565-568.

Со спроведувањето на превентивни медицински прегледи и мерки кај одредени популациони групи може да се детектира и да се процени ризикот по здравјето, особено за развој на КВЗ и дијабетес. Беа извршени 200 превентивни медицински прегледи кај мажи и жени на просечна возраст 45±15. Изведени се следните анализи и мерења: телесна тежина и висина, обем на половина и колк, крвен притисок, гликемија, прашалник за навиките во исхраната и практицирање на физичка активност. Извршени се антропометриски мерења на ИТМ и индексот половина/колк. Според ИТМ, 40% од испитаниците се со прекумерна телесна тежина, 21,3% се со здебеленост тип I, II и III. 34% од жените и 29,7% од мажите имаат зголемен ризик од развој на КВЗ според индексот половина/колк. 0,3% имаат ниво на гликоза во крвта преку 10 mmol/l. 52,6% не практикуваат физичка активност, а 47,4% главно пешачат. Испитуваните лица не се загрижени за својата исхрана и не консумираат доволно свежо овошје, зеленчук и производи од интегрални житарки.

4. M. Kochubovski, B. Aleksoski, M. Dimovska, D. Gjorgjev. **PRELIMINARY ENVIRONMENTAL HEALTH ASSESSMENT OF EXHAUST GASES FROM REFINERY "OKTA".** Journal of Environmental Protection and Ecology, Vol. 9, No. 1, Sofia; 2008: 60-66.

Целта на овој труд беше да се направи прелиминарна проценка на потенцијалниот ризик по здравјето од емисиите на издувните гасови од рафинеријата "ОКТА" и евентуалните негативни здравствени ефекти кај луѓето кои живеат во близина на рафинеријата. Беше извршена анализа на податоците од здравствените регистри на ПЗУ "Д-р Митко Матеничарски" од с. Марино. Од анализата на овие податоци може да се заклучи следново: 1943 посети кај доктор од септември 2002 до февруари 2003 година (период пред започнување со работа на погонот за десулфуризација на рафинеријата "ОКТА"; 2276 посети кај доктор од септември 2004 до февруари 2005 година (период по започнување со работа на погонот за десулфуризација). Регистрирано е значително зголемување на стапката на вкупен морбидитет кај деца на возраст 0-14 во с. Марино кое е лоцирано 4,5 km

на запад од рафинеријата “ОКТА” споредено со населба Илинден која се наоѓа на 5,5 km западно. Забележано е зголемување на стапката на вкупен морбидитет за 55,8 кај деца на возраст 0-14 во с. Марино во периодот септември 2004-февруари 2005 споредено со септември 2002 - февруари 2003 година. Во текот на истиот период забележано е минимално зголемување на вкупниот морбидитет кај деца 0-14 години во населба Илинден. Регистрирано е зголемување на инциденцата на на фарингит (+181) и ларингит (+10) кај деца на возраст 0-14 години во с. Марино за период септември 2004-февруари 2005 споредено со септември 2002-февруари 2003. Од прелиминарното истражување не можат да се изведат финални заклучци за вистинската корелација помеѓу аерозагадувањето предизвикано од погонот за десулфуризација на рафинеријата “ОКТА” и појавата на негативните здравствени ефекти кај експонираната популација.

5. *M. Dimovska, D. Gjorgjev, F. Tozija.* ***ARE SCHOOLS IN MACEDONIA READY TO ACHIEVE CHILDREN’S ENVIRONMENTAL AND HEALTH POLICY GOALS?*** *Injury Prevention 2012; 18 (Suppl 1); A1-A246 doi: 10.1136/injuryprev-2012-040590d.30*

Целта на истражувањето беше да се процени нивото на свеста на деца на училишна возраст за здравствено еколошките ризици, како и да се процени подготвеноста на училиштата за постигнување на приоритетните цели на Здравствено-еколошкиот акционен план за деца во Европа (CEHAPE), поврзани, меѓу другото, и со спречувањето и контрола на повредите.

Студијата претставува студија на пресек, која беше спроведена со примена на два анкетни прашалника на национален репрезентативен примерок од 1.359 ученици (12-18 години) во земјата.

Резултатите покажале дека учениците се повеќе загрижени за загадувањето на воздухот по потекло од сообраќајот како ризик за здравјето и за животната средина, отколку за ризикот од повреди од сообраќајни несреќи. Свеста на учениците за повредите и насилството е многу ниска и покрај високата стапка на повреди (30%) и булинг (10%). Едукација за безбедно возење велосипед е предвидена во 6 од 10 училишта, без обезбедени безбедни рути за одење и возење велосипед, места за чување на велосипеди или посебен влез за велосипедистите. Имајќи предвид

дека безбедните училишта се меѓу приоритетите во националната политика за здравје и животната средина, активното вклучување на децата и младите луѓе треба да бидат основата на овој процес.

6. *Dimovska M. Gjorgjev D.* ***ENVIRONMENT AND HEALTH OF CHILDREN AND YOUTH IN MACEDONIA–NEEDS, BARRIERS, CHALLENGES AND VISIONS****. Archives of Public Health, Vol. 5 No. 1, Skopje; 2013. ISSN 1857-7148:10-19*

Истражувањето имаше за цел да ги идентифицира потребите на децата и младите во РМ, да ги согледа бариерите кои ги одвраќаат да практицираат здрав животен стил и да ги прикаже нивните визии за здрава животна средина и здрав живот во целина. Крајната цел беше младите да станат активни учесници во процесите на креирање на таквите услови и во креирањето на националните политики поврзани со животна средина и здравје на деца и млади.

Истражувањето претставува трансверзална (cross-sectional) студија. Се изведе на 1359 испитаници на возраст од 12 до 18 години, односно ученици од основни и средни училишта од шест статистички региони во РМ од различно етничко потекло, од кои најголем процент се Македонци (64,02%), 29,21% се Албанци, 3,31% Турци и други-3,46%. Постои значајна разлика во однос на бариерите за здрав животен стил помеѓу испитаниците според местото на живеење и возраста. За главни приоритети кои значително влијаат врз нивното здравје, испитаниците го сметаат непосредното опкружување, потоа квалитетот и безбедноста на водата за пиење и останатите теми. Најголемиот дел од испитаниците се во состојба да идентификуваат одредени состојби во животната средина како проблем, но не и да сугерираат идеи за подобрување.

***ЗАКЛУЧОК***

Врз основа на увидот во приложената документација и одличното познавање и следење на професионалната кариера на кандидатката, нејзините досегашни активности и постигнатите резултати во стручната, научната и наставната дејност, Рецензентската комисија има чест да му предложи на Наставно-научниот совет кандидатката м-р д-р Мирјана Димовска да биде избрана за соработник во звањето асистент–докторанд по предметот хигиена на Медицинскиот факултет во Скопје.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

1. Проф. д-р Драган Ѓорѓев с.р.
2. Проф. д-р Михаил Кочубовски с.р
3. Проф. д-р Гордана Ристовска, с.р.

# РЕФЕРАТ

# ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ-ДОКТОРАНД ЗА СТРУЧНИТЕ ПРЕДМЕТИ ОД ТРИГОДИШНИТЕ СТРУЧНИ СТУДИИ ПО ЛОГОПЕДИЈА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 132 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија број 35/08, 103/08, 26/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/140, 10/15, 20/15 и 98/15), а во врска со членовите 9, 42, 46 и 48 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр.274/13), Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на својата XI редовна седница одржана на 9.7.2015 година, во согласност со конкурсот објавен на 23.6.2015 година, во дневните весници „Утрински весник“, „Дневник“ и „Коха“, донесе Решение за избор на 1 асистент-докторанд за стручните предмети од тригодишните стручни студии по Логопедија, бр.02-3158/32 од 13.7.2015 година и формира Рецензентска комисија во состав: проф.д-р Марина Давчева Чакар, проф.д-р Славе Наумовски и проф.д-р Никола Николовски.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на асистент-докторанд за стручните предмети од тригодишните стручни студии по логопедија, во предвидениот рок се пријави д-р Татјана Георгиевска Јанческа.

**Д-р Татјана Георгиевска Јанческа**

## БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката д-р Татјана Георгиевска Јанческа е родена на 28.4.1979 година во Скопје. Основно и средно образование (Средно медицинско училиште„Д-р Панче Караѓозов“) завршила во Скопје со континуиран одличен успех. Студиите на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје ги завршила во 2004 година со среден успех 8,89. По завршувањето на приправничкиот стаж го положила стручниот испит, и од 2005 година се стекнала со лиценца за работа. Од 2005 година е во редовен работен однос како доктор по стоматологија во ординација по општа стоматологија. Истовремено и била одобрена приватна специјализација по

ортодонција на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а специјалистичкиот испит го положила во февруари 2008 година. Во мај 2008 година се вработила како доктор на стоматологија, специјалист по ортодонција во ЈЗУ „Завод за рехабилитација на слух, говор и глас“-Скопје.

Во 2008 година се запишала на тригодишни стручни студии по логопедија на Медицинскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ и ги завршила во 2012 година со просечна оценка 9,05 со што се стекнала со стручен назив-дипломиран логопед. Во периодот 2013-2015 на истиот факултет завршила стручни специјалистички студии (втор циклус студии) по Клиничка логопедија со просечна оценка од 9,3. Во април 2015 година го положила специјалистичкиот испит и се стекнала со стручен назив-клинички логопед-специјалист.

Од 2013 година на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Медицински факултет Скопје, согласно со Законот за високото образование, изведува настава на студиите по логопедија како искусен стручњак од практиката.

Кандидатката е запишана на трет циклус студии на Школата за докторски студии при Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје, Стоматолошки факултет-Скопје, од областа на превентивно-реставративната стоматологија и ортодонција од учебната 2011/2012 година, а моментно работи на докторскиот труд.

Д-р Татјана Георгиевска Јанческа одлично го владее и активно се служи со англискиот јазик и поседува Кембриџ-сертификат за прелиминарен англиски (B1). Редовно ги користи и можностите на информатичките технологии.

## НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

### Наставно-образовна дејност

Од 2013 година, во рамките на наставно-образовната дејност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Медицински факултет Скопје, кандидатката д-р Татјана Георгиевска Јанческа успешно ја изведува теоретската и практичната настава како искусен стручњак од практиката на тригодишните стручни студии по логопедија, и тоа: ортодонција со максилофацијална хирургија и патологија на јазик (во прв циклус студии), и логопедска протетика на стручните специјалистички студии (втор циклус студии) по логопедија.

### Научноистражувачка дејност

Д-р Татјана Георгиевска Јанческа учествувала на неколку домашни и меѓународни конгреси и конференции од областа на стоматологијата и ортодонцијата. Кандидатката има објавено и презентирано ревијални трудови на тема ортодонтските аномалии и

изговорот на гласови, како и за улогата на велофарингеалниот сфинктер во говорот кај пациентите со расцепи. Во подготовката на докторскиот труд на тема „Проценка на велофарингеалниот сфинктер и неговата улога во говорот кај пациентите со расцепи“, кандидатката спроведувала и научноистражувачки активности од оваа област.

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Д-р Татјана Георгиевска Јанческа во секојдневната работа активно е вклучена како специјалист по ортодонција и клинички логопед-специјалист во дијагностика на ортодонски аномалии и рехабилитација на говор во ЈЗУ Завод за рехабилитација на слух, говор и глас-Скопје.

Кандидатката го координира националниот Акциски план за превентивни прегледи за рана дијагностика на пречки во развојот на слух, говор и глас на децата од предучилишна возраст и директно учествува во спроведувањето на планираните активности и тоа како специјалист по ортодонција-логопед. Акцискиот план произлегува од Програмата за систематски прегледи на учениците и студентите во Република Македонија за 2015 година која Владата на Република Македонија ја носи секоја година и ја финансира со средства од буџетот на Република Македонија.

Стручното надградување и усовршување го реализира во континиутет преку учество на повеќе домашни и меѓународни курсеви и семинари. За потребите на докторските студии, кандидатката била на еднонеделен едукативен престој во Dental Klinik Margareten во Виена, Австрија.

Д-р Татјана Георгиевска Јанческа учествувала во национална телевизиска образовна програма поврзана со ортодонтските аномалии и нивното влијание врз говорот на луѓето.

Член е на Стоматолошката комора на Република Македонија и на Здружението на логопеди на Република Македонија.

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатката д-р Татјана Георгиевска Јанческа, во 2014 година доби висока (9,66) позитивна оценка од спроведената анкета на студентите на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

## ЗАКЛУЧОК

По разгледувањето на целокупната доставена документација на конкурсот за избор на еден асистент-докторанд за стручните предмети од тригодишните стручни студии по логопедија, Рецензентската комисија позитивно ги оценува научните, стручните, педагошките и други остварувања на кандидатката.

Комисијата заклучи дека д-р Татјана Георгиевска Јанческа поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето асистент-докторанд за стручните предмети од тригодишните стручни студии по логопедија.

Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, д-р Татјана Георгиевска Јанческа, да биде избрана во звањето асистент-докторанд за стручните предмети од тригодишните стручни студии по логопедија.

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Марина Давчева Чакар с.р.

2. Проф. д-р Славе Наумовски с.р.

3. Проф. д-р Никола Николовски с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА ДВАЈЦА АСИСТЕНТИ-ДОКТОРАНДИ ПО ПРЕДМЕТОТ БИОХЕМИЈА И КЛИНИЧКА БИОХЕМИЈА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 132 од Законот за високото образование (”Службен весник на Република Македонија” број 35/08, 103/08, 26/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15 и 98/15) а во врска со членовите 9, 42, 46 и 48 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр.274/2013), Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на својата XI редовна седница одржана на 9.7.2015 година, донесе решение за избор на двајца асистенти-докторанди по предметот биохемија и клиничка биохемија во согласност со конкурсот објавен на 23.6.2015 година, во дневниот весник „Утрински весник“, „Дневник“и „Коха“ ја формираше следнава Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Јасна Богданска, проф. д-р Даница Лабудовиќ и доц. д-р Катерина Тошеска Трајковска.

На конкурсот се пријавија кандидатките помл.ас.д-р Марија Ѓеракароска Радовиќ и помл.ас.д-р Ирена Костовска. По разгледувањето на доставените документи и познавањето на кандидатката, Рецензентската комисија го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### Помл. ас. д-р Марија Ѓеракароска

### Биографски податоци

Д-р Марија Ѓеракароска-Радовиќ е родена на 03.03.1984 во Скопје, каде што ги завршила основното и средното образование со одличен успех. Во учебната 2002/03 се запишала на УКИМ-Медицински факултет во Скопје, каде што дипломирала на 21.1.2009 со просечен успех 9,86. Во октомври 2009 година го положила стручниот испит за доктор на медицина и се стекнала со основна

лиценца за работа. Специјализацијата по интерна медицина ја започнала во октомври 2010 година, а специјалистичкиот испит го положила во мај 2014 година. Специјализацијата по медицинска биохемија и е одобрена на 1.9.2014. Од септември 2010 е ангажирана на Катедрата за биохемија и клиничка хемија и на Катедрата за медицинска хемија при Медицинскиот факултет во Скопје како демонстратор за изведување на практичната настава за студентите по медицина и стоматологија, за предметите медицинска хемија и биохемија. Во редовен работен однос на Институтот за медицинска и експериментална биохемија при Медицинскиот факултет во Скопје стапила во декември 2011 година. Во декември 2011 е избрана за помлад асистент по предметот биохемија на Катедрата за биохемија и клиничка хемија и предметот медицинска хемија на Катедрата за медицинска хемија при Медицинскиот факултет во Скопје. Во учебната 2014/2015 ги започнала докторските студии по медицина во рамките на Школата за докторски студии при УКИМ и во моментов следи настава од вториот семестар на студии. Член е на: Македонското здружение на медицинска биохемија и лабораториска медицина, Лекарската комора на РМ и работната група за промоција при Европската федерација за лабораториска медицина (ЕФЛМ).

**Наставна активност**

Како помлад асистент, д-р Марија Ѓеракароска-Радовиќ активно била вклучена во изведувањето на практичната настава по предметот биохемија за студентите по медицина и стоматологија, за студентите од Природно-математичкиот факултет, насока: аналитичка биохемија, студентите од високите стручни школи (Високата школа за стручни медицински сестри и Високата школа за физиотерапевти), како и во практичната настава по предметот медицинска хемија за студентите по медицина.

Својата наставна дејност помл.ас.д-р Марија Ѓеракаровска-Радовиќ ја документира со Потврда од Катедрата за биохемија и клиничка биохемија бр. 561 од 17.6.2015.

**Стручна и научно - истражувачка дејност**

За време на студиите, д-р Ѓеракароска-Радовиќ реализирала три едномесечни престои во универзитетски болници во рамките на програмата за студентска размена организирана од IFMSA (International Federation of Medical Students Association), и тоа: Оддел за кардиологија, Универзитетска болница-Дебрецен, Унгарија; Оддел за интензивно лекување, Универзитетска болница-Плзен, Чешка; Клиника за детски болести, Универзитетска болница-Асиут, Египет. Заради склоноста кон научно -истражувачката работа, во текот на

специјализацијата била вклучена во проект на Клиниката за пулмологија и алергологија„SUMMIT – клиничка студија, фаза III“, спонзориран од GlaxoSmithKline, со цел тестирање на долгорочните позитивни ефекти на лекот Reloviar во намалување на белодробните и кардиоваскуларни компликации кај лица со ХОББ. Во октомври 2013 добила стипендија за учество на 13. Постдипломски курс за клиничка хемија и лабораториска медицина, одржан во Дубровник, во организација на ЕФЛМ. Активно е вклучена во рутинската лабораториска и научноистражувачка дејност на Институтот за медицинска и експериментална биохемија.

За избор во звањето помлад асистент во Билтенот на Универзитетот “Свети Кирил и Методиј“ во Скопје, број 1020 од 1 декември 2011 година, има два рецензирани труда.

За избор во звањето асистент-докторанд ги доставила следниве трудови:

3. S. Jovanova, F. Arnaudova Dezhulovikj, **M. Gjerakaroska**, M. Nakovska. University Clinic of Cardiology, Medical Faculty, Skopje, Macedonia. Does atrial fibrillation predict worse prognosis in patients with decompensated chronic heart failure? .Third World Heart Failure Congress; Istanbul, Turkey; 02-04 Dec 2013; abstract published in Cardiovascular Therapeutics Journal
4. S. Jovanova, F. Arnaudova Dezhulovikj, **M. Gjerakaroska**, M. Nakovska. University Clinic of Cardiology, Medical Faculty, Skopje, Macedonia- Co-morbidities frequencies in chronic heart failure patients with and without atrial fibrillation . Euro Heart Failure Congress 2013. The annual meeting of the heart failure association of the ESC, 25-28 May, Lisbon, Portugal; abstract published in European Journal of Heart Failure
5. F. Arnaudova-Dezhulovikj, S. Jovanova, L. Popovska, **M. Gerakarovska**, M. Nakovska, S. Kedev. University Clinic of Cardiology, Medical Faculty, Skopje, Macedonia. Heart failure with and without atrial fibrillation. Is there clinical and echocardiographic differences?. IX Congress of Croatian Society of Cardiology, Opatija, 13-16 Oct 2012 (abstract published in Cardiol Croat. 2012;7(Suppl 1):47).
6. J. Brezovska Kavrakova, **M. Gjerakaroska**. Department of ME Biochemistry, Medical Faculty, Skopje, Macedonia. Bioluminescence method for determination of adenosine triphosphate concentration in patients with leukemias. 20th Meeting of the Balkan; Clinical Laboratory Federation; 8th EFLM Symposium for Balkan Region; 18th Congress of Medical Biochemists of Serbia. P050
7. Kostovska I, Cekovska S, Tosheska Trajkovska K, **Gerakaroska M**, Bosilkova G, Bogdanska J.-Comparison of the results for the most frequently appointes biochemical parameters obtained with manuel and automated assay procedures. Balkan Journal of Clinical Laboratory 2013; XXI, 1: 141, abs. PF032.

Помл. ас. д-р Марија Ѓеракароска активно ги познава германскиот и англискиот јазик, а своето познавање на англискиот јазик го документира со потврда за познавање на англискиот јазик, и тоа TOEFEL со 113 бода за за iBT-TOEFL

**Помл. ас. д-р Ирена Костовска**

**Биографски податоци**

Д-р Ирена Костовска (р. Маџова) е родена во Скопје на 2.3.1980 година, каде што ги завршила основното и средното-медицинско образование со одличен успех. На Медицинскиот факултет во Скопје се запишала во учебната 1998/1999 година, а дипломирала во 2006 година со среден успех 9,75. Во јуни 2007 година го положила стручниот испит за лекари и се стекнала со основна лиценца за работа како општ лекар. На Институтот за медицинска и експериментална биохемија при Медицинскиот факултет во Скопје се вработила во април 2009 година. Во мај 2008 е избрана за помлад асистент по предметот биохемија, а во март 2011 е реизбрана за помлад асистент по предметот биохемија. Во април 2010 година ја започнала специјализацијата по медицинска биохемија, а специјалистичкиот испит го положила во октомври 2013. На третиот циклус на студии при УКИМ се запишала во учебната 2013/2014. Член е на: Македонското здружение на медицинска биохемија и лабораториска медицина, Лекарската комора на РМ, Работната група за хармонизација на целокупниот тестирачки лабораториски процес при Европската федерација за лабораториска медицина (ЕФЛМ) и Работната група на Центарот за кариера на Медицинскиот факултет во Скопје.

**Наставна активност**

Како помлад асистент, д-р Ирена Костовска активно била вклучена во подготовката и изведувањето на практичната настава по предметот биохемија за студентите по медицина и стоматологија, за студентите од Природно-математичкиот факултет, насока: аналитичка биохемија, студентите од високите стручни школи (Високата школа за стручни медицински сестри и Високата школа за физиотерапевти) како и во практичната настава по предметот медицинска хемија за студентите по медицина.

Своето активно учество во наставата го документира со Потврда од Катедрата за биохемија и клиничка биохемија бр. 560 од 17.6.2015.

**Стручна и научно - истражувачка дејност**

Како специјалист по медицинска биохемија, др Ирена Костовска е вклучена во рутинската лабораториска и научноистражувачка дејност од областа на медицинската и експерименталната биохемија. Посебно се занимава со електрофоретските техники, а во тој контекст е вклучена во работата на Лабораторијата за сепарација на уринарни протеини со СДС-ПАГ електрофореза. Од вработувањето до денес учествувала како млад истражувач во изработката на два научноистражувачки проекта, финансирани од Министерството за наука на Република Македонија:

1. СДС-ПАГ електрофореза на уринарни протеини во евалуација на деца со инфекции и малформации на уринарниот тракт - главен истражувач е проф. д-р Петраќи Корнети.

2. Биотоксичност од пестициди во површински води и вкупни атмосферски преципитати - главен истражувач е проф. д-р Снежана Ефремова Аарон.

Во ноември 2012 добила стипендија за учество на 12. Постдипломски курс за клиничка хемија и лабораториска медицина, одржан во Дубровник, во организација на ЕФЛМ.

За избор во звањето помлад асистент има два рецензирани труда во Билтенот на Универзитетот ”Свети Кирил и Методиј” во Скопје, број 938 од 14 март 2008 и број 1001 од 1 февруари 2011 година.

За избор во звањето асистент-докторанд, помл. ас. д-р Ирена Костовска ги доставила следниве трудови:

1.**Irena Kostovska**, Svetlana Cekovska, Ana Kocevska, Katerina Tosheska Trajkovska. Biochemical evaluation of diabetic patients according to their glycemic control. Balkan Journal of Clinical Laboratory 2012; XX, 1:47, abs. P026.
2.**I. Kostovska**, S. Cekovska, K. Tosheska Trajkovska. Lipid profile in diabetic patients according to their glycaemic control. 20th IFCC-EFLM European Congress of Clinical Chemistry and Laboratory Medicine, Milano, 2013; abs. W190.
3. **Kostovska I**, Cekovska S, Tosheska Trajkovska K, Gerakaroska M, Bosilkova G, Bogdanska J. Comparison of the results for the most frequently appointes biochemical parameters obtained with manuel and automated assay procedures. Balkan Journal of Clinical Laboratory 2013; XXI, 1: 141, abs. PF032.

4.S.Cekovska, **I.Kostovska**, J.Georgievska. Phastsystem SDS-PAG electrophoretic profiles of urinary proteins in women with normotensive and hypertensive pregnancy. Clin Chem Lab Med 2014;52, Special suppl, abs.1121.
5.K. Tosheska-Trajkovska, S.Cekovska, **I.Kostovska**, G.Bosilkova, N. Tosheska-Spasovska, S.Alabakovska. Quality management system and accreditation process of the biochemical analyses laboratory. Clin Chem Lab Med 2014;52, Special suppl, abs.0858.
6.**Kostovska I,** Cekovska S, Tosheska-Trakjkovska K, Labudovic D. Urinary protein analyses in diabetic patients. Biochemia medica 2014;24(Suppl1):S1-S78, abs.P5.
7.Tosheska-Trajkovska K, Cekovska S, **Kostovska I**, Bosilkova G, Toseska-Spasova N, Alabakovska S. Accreditation process and experience of the biochemical analyses laboratory. Clin Chem Lab Med 2015; 53(4): eA36-eA37.
8.**Kostovska I,** Tosheska Trajkovska K, Alabakovska S, Cekovska S, Bosilkova G, Labudovic D. Preanalytical quality indicators calculation. Clin Chem Lab Med 2015; 53(4): eA24–eA25.
9.Katerina Tosheska Trajkovska, Svetlana Cekovska, Gordana Bosilkova, **Irena Kostovska**, Natasa Toseska-Spasova, Sonja Alabakovska. Accreditation of medical laboratories in the Republic of Macedonia. Knjiga sazetaka, Locus 2015, P055.
10.Katerina Tosheska Trajkovska, Svetlana Cekovska, Gordana Bosilkova, **Irena Kostovska,** Natasa Toseska-Spasova, Sonja Alabakovska. The External Quality Assessment Scheme: Four years experience as a participation laboratory. Knjiga sazetaka, Locus 2015, P056.
11.S Cekovska, **I Kostovska**, K Tosheska Trajkovska, G Bosilkova, M Krstevska, M Gerakarovska, V Tasic. Variability of urinary N-acetyl-beta-d-glucosaminidase activity during stress tolerance test in individuals with orthostatic proteinuria. Clin Chem Lab Med 2015;53, special suppl, S 1091, ppW065.
12.**I Kostovska,** M Gerakarovska, K Tosheska Trajkovska, S Cekovska, G Bosilkova. Evaluation budget for the measurement uncertainity of alanine aminotransferase in serum. Clin Chem Lab Med 2015;53, special suppl, S 1127, ppW101.
13.K Tosheska Trajkovska, D Labudovic, S Cekovska, **I Kostovska,** N Tosheska Spasova, S Alabakovska. LCAT and CETP in normal weight healthy men: Relationship with triglyceride concentration and insulin sensitivity. Clin Chem Lab Med 2015;53, special suppl, S 295, pp M124.
14.**I Kostovska**, I Samardjiski, K Tosheska Trajkovska, D Labudovic, S Cekovska, S Alabakovska. Evaluation of urinary proteins in women with preeclampsia by SDS PAGE. Clin Chem Lab Med 2015;53, special suppl, S 1094, ppW068.

Помл. ас. д-р Ирена Костовска своето познавање на англискиот јазик го документира со потврда за познавање на англискиот јазик, и тоа Camridge English Entry Level Certificate in ESOL International (Entry 3) (Preliminary) со Preliminary English Test Level B1.

## З А К Л У Ч О К

Врз основа на извршениот увид во доставената документација, Рецензентската комисија утврди дека кандидатките помл. ас. д-р Марија Ѓеракароска-Радовиќ и помл. ас. д-р Ирена Костовска во целост ги исполнуваат условите за избор во звањето асистент-докторанд по предметот биохемија и клиничка биохемија.

Комисијата ги имаше предвид сите факти и околности што се изнесени во извештајот и врз основа на општите услови предвидени со Законот за високото образование и Правилникот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет, помл. ас. д-р Марија Ѓеракароска-Радовиќ и помл. ас. д-р Ирена Костовска да бидат избрани во звањето асистент-докторанд по предметот биохемија и клиничка биохемија на Медицинскиот факултет во Скопје.

**Членови на Рецензентската комисија**

1. Проф. д-р Јасна Богданска, с.р.
2. Проф. д-р Даница Лабудовиќ, с.р.
3. Доц. д-р Катерина Тошеска Трајковска, с.р.

# РЕФЕРАТ

# ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТИ-ДОКТОРАНДИ ПО ПРЕДМЕТОТ ОРТОПЕДИЈА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен во весниците „Утрински весник“, „Дневник“ и „Коха“ од 23.6.2015 година, за избор на асистенти-докоторанди по предметот ортопедија, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факулет во Скопје, бр. 02-3158/57, донесена на 9.7.2015 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Анастасика Попоска, проф. д-р Милан Самарџиски и проф. д-р Златко Темелковски.

Како членови на Рецезентската комисија, по прегледувањето на доставената документација, го донесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на асистенти-докторанди во научната област медицина по предметот ортопедија, во предвидениот рок се пријавија д-р Александар Јакимовски и д-р Александар Савески.

1. Д-р Александар Јакимовски

## БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Д-р Александар Јакимовски е роден во Скопје на ден 28.06.1970 година. Основно образование завршил во ОУ „Христијан Тодоровски-Карпош“ во Скопје, а средно училиште во УСО „Никола Карев“ во Скопје, насока за биотехнологија.

Во 1989 година се запишал на Медицинскиот факултет во Скопје и во рекорден рок го завршил. За време на студирањето континуирано бил стипендиран од посебна стипендија за талентирани студенти а студиите ги завршил со просек 9,04.

Во текот на студиите, на повеќе наврати престојувал во универзитетски болници и образовни институции кои се под организација на универзитетите на Кембриџ и Нотингам во Велика Британија, каде што активно учествувал во разни активности на клиничките оддели и оперативните интервенции во операционите сали.

Во 1997 година го положил стручниот испит и се здобил со лиценца за работа според тогашните закони.

Во 2000 година започнал со специјализација по ортопедија на Медицинскиот факултет во Скопје и ја завршил во рекордно време од 4 години.

Од 2004 година работи како специјалист-ортопед на Универзитетската клиника за ортопедски болести во Скопје.

Во 2008 година бил избран за помлад асистент на Катедрата за ортопедија при универзитетот „Св Кирил и Методиј“ во Скопје. Активно учествува во едукација на студентите од општа медицина, физиотерапевти и други.

Во јуни 2012 година поминал две недели едукација во Акершус-универзитетската болница во Осло, Норвешка каде што активно учествувал во оперативните интервенции на Одделот за ендопротетика на колк и колено.

Во 2014 година бил на едукација во траење од 6 месеци во 4 универзитетски болници во Истанбул, Република Турција. Активно учествува во оперативните интервенции во областа на ортопедската хирургија и се здобил со практични искуства за нови оперативни интервенции на рамо и колено.

Д-р Александар Јакимовски има објавено повеќе трудови кои се рецензирани.

Д-р Александар Јакимовски уште во текот на студентските денови покажал интерес за научна дејност со учество на студентски конгреси и посета на странски универзитетски болници во Велика Британија кои се дел од Универзитетот во Кембриџ, Универзитетот во Нотингам и Универзитетот во Кардиф. Одлично го владее англискиот јазик за што има и сертификат положен IELTS ( International English Language Testing System), ниво Б2. Студент е на магистерски студии од областа на ортопедијата.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почеток на кариерата, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

Научна активност

Рецензирани трудови:

Во мај 1993 година учествувал на XVII конгрес на студентите по медицина со меѓународно учество во Охрид - Македонија со темата:

Јувенилна (идиопатска) сколиоза- дијагноза и третман. Трудот е објавен во Книгата на апстракти на 17-от македонски медицински интернационален студентски конгрес одржан 7-9 мај, 1993 година.

Ментор: проф.д-р Ѓорѓи Зафириски.

Апстракт: Јувенилната сколиоза е заболување со недоволно разјаснета етиологија. Раната дијагноза е многу значајна во навремено започнување на терапијата. Од анализираните случаи, заклучено е дека јувенилната сколиоза се јавува почесто кај женскиот пол и тоа најчесто на возраст од 13 до 15-годишна возраст. Етиологијата на заболувањето не е позната. Дијагнозата се поставува со помош на клинички преглед, и со РТГ на `рбетен столб. Рано започнување со физикална терапија е клучна во лекувањето на сколиозата.

2.Во 1995 година учествувал на XIX конгрес на студенти по медицина со меѓународно учество со темата **Компаративна проценка на хируршкото лекување на солитарните коскени цисти и локална апликација на стероиди** објавен во Книгата на апстракти на 19 Македонски медицински интернационален студентски конгрес оджан од 5-8 мај 1995

Ментор: проф. д-р Ѓорѓи Зафироски.

Апстракт: Идиопатските коскени цисти се најчесто слушаен наод на рендгенграфијата на долгите коски на екстремитетите. Во периодот од 1987 до 1993 година, лекувани се 79 пациенти со јувенилни коскени цисти (ЈКЦ) на Клиниката за ортопедски болести и Рендген институт во Скопје Времето на следење било од 18 до 72 месеци. Од 79 пациенти, 30 (37,97% ) биле третирани со директна апликација на метилпреднизолон ацетат во доза од 160 до 200 мг. При пункција бил земен материјал за цитолошки преглед, а содржината на цистата евакуирана. Кај 11 ( 36,66%) пациенти цистата се полнела со воден раствор на контрастно средство јодамид. Кај 19 пациенти (63,33%) во цистата биле инјектирани само стероиди. Само кај 3 (15,8%) од пациентите лекувани со директна апликација на стероиди немал комплетен одговор и тие беа оперирани.

Кај сите 11 пациенти со примена на контраст и стероиди биле санирани ЈКЦ. Од 49 пациенти третирани со хируршки методи, кај 14 (28,57% ) пациенти се појави рецидив.

Заклучок: Кај ЈКЦ, директната апликација на стероиди е лесна и ефикасна метода на лекување.

3. На 30.11 2001 година, во Куманово, на секцискиот состанок на МАДОТ кандидатот ја презентираше темата: **Рохемптонска техника на ампутација** каде што се опишуваат во детали сите постапки за сигурно и безбедно изведување на оваа оперативна техника.

На секцискиот состанок на МАДОТ одржан на 29.3.2003 година во Дојран ја презентираше темата под наслов **Репарација на фрактури** каде што се анализира и се објаснува процесот на репарација формирање на калус и постапки за негово стимулирање.

Во 2006 година во ACTA ORTOPEDICA ET TRAUMATOLOGICA MACEDONICA Vol.: 4 е објавен труд под наслов **Остеобластом на ’рбетен столб-приказ на случај** каде што се анализира еден пациент со овој тип на ретка бенигна коскена неоплазма. Пациентот е успешно дијагностициран и е лекуван соодветно што резултираше со добар резултат без појава на рецидив.

Труд презентиран на:

Fifth SICOT/SIROT Annual international Conferentie 29 August – 1 September 2007, Marrakech, Morocco

“**The influence of hydrostatic pressure as real specific stimulus of supporting tissues in the lengthening procedure of extremities**”

Mishev B; Atanasov N; Jakimovski A; Dzambazova-Zdravkovska S.

Hospital for Orthopedic Diseases by University- Skopje, Macedonia

Во март 2008 година како учесник на Вториот словенечки конгрес со интернационално учество и апстракт книгата се објавени два труда.

1. Значењето на биомеханичката и клиничката имтерпретација на методите на напрегање и затегнување кај постапките на издолзување на екстремитети.

   **Автори: Б. Мишев, Н. Атанасов, А. Јакимовски, С. Џамбазова.**

   Во оваа студија се анализирани три типа на методите на напрегање и затегнување кои се во употреба на надворешен фиксатор на 1567 пациенти во периодот од 1975 до 2005 година. Материјалот е од клиниката за ортопедски болести во Скопје. Трудот ги компарира и ги анализира разните типови на надворешна фиксација по Андерсон, Вагнер и Илизаров. Употребата на методата по Андерсон и остеотомијата не даваат соодветни резултати. Употребата на методата по Вагнер дават само делумни резултати. Употребата на методата по Илизаров дават задоволителни резултати ако не се употребуват пред 5-годишна старост на пациентот. Тридимензионалната стабилизација на конструкцијата по Илизаров е добар избор и гарантира успех кај деца. Со помош на оваа метода се добиени издолжувања на големи дистанци.

2. Спасување на екстремитети кај пациенти со хондросаркома

   **Автори: Самарџиски Милан, Зафироски Ѓорѓи, Јакимовски Александар**

   Соодветниот третман кај хондросаркомите се состои во рана ампутација или радикална ресекција на туморот. Воведувањето на нови протоколи со хемотерапија го подобрува преживување на пациентите со високо малигни хондросаркоми. Целта на оваа студија е да се подобри 5-годишно преживување на пациентите со спасување на екстремитетите.

   За време од 5 години се оперирани 19 пациенти со хондросаркома кои се третирани со радикална хируршка ресекција на туморот. Хондросаркомот е резистентен на хемотерапија и зрачење. Пациентите со тумор на екстремитетите имале подобар прогностички и функционален резултат.

**<u>Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес</u>**

Д-р Александар Јакимовски активно е вклучен во стручно-апликативната работа на Универзитетската клиника за ортопедски болести, и тоа во амбулантски и оперативен третман на заболувања на колкот кај возрасни и кај деца, ендопротетика на колкот, туморска патологија кај деца и возрасни, оперативно и конзервативно лекување на патолошките промени на рамото, артроскопија на рамото и други оперативни процедури.

Член е на МАДОТ (Македонско друштво на ортопеди и трауматолози) од 2000 година, како и на МЛД (Македонско лекарско друштво).

Стручното надоградување на д-р Александар Јакимовски се реализира во континуитет преку постојана едукација, присуство на стручни состаноци организирани од МАДОТ и Медицинскиот факултет во Скопје и преку посета на

странски универзитетски ортопедски клиники како Американската универзитетска болница во Истанбул, Florence Nightingale-универзитетска болница во Истанбул.

## 2. Д-р Александар Савески

### 2.2. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот д-р Александар Савески е роден на 14.11.1983 година во Скопје, каде што го завршил основното образование во ОУ „Гоце Делчев“ и средното образование во ДСМУ ,,Панче Карагозов“, со одличен успех. На Медицинскиот факултет при универзитетот ,,Св Кирил и Методиј“ во Скопје дипломирал во 2008 година, со просек 9,94, и притоа е прогласен за првенец на генерацијата. По завршениот приправнички стаж, во јуни 2009 година го положува државниот испит. Специјализацијата по ортопедија и ортопедски болести ја започнал во мај 2010 година, а ја завршил во декември 2014 година, кога и го положил стручниот испит и се здобил со звањето специјалист по ортопедија. Одлично го владее англискиот јазик за што има сертификат Preliminary English Test ниво Б1. Докторските студии ги запишал во 2013 год. на Медицинскиот факултет при унивезитетот „Св. Кирил и Методиј“.

### 2.3. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

### Научноистражувачка дејност

Д-р Александар Савески уште во текот на студентстките денови покажал интерес за научна дејност со учество на студентски конгреси. Во текот на специјализацијата по ортопедија стручно во подолг временски интервал се усовршувал во следниве центри:

- 15.1.2015-17.2.2015, Клинички центар-Љубљана, за артроскопски третман на пациенти со спортски повреди на колено, како и артропластика на колено, колк и рамен појас.
- 1.4.2013-1.7.2013, Клиничка болница Нахарија Вестерн Галилео болница за третман на политрауматизирани пациенти во воени услови, третман на дегенеративни заболувања на колено и колк, третман на спортски повреди на колено и рамен појас, како и конгениталнна луксација на главата на бутната коска и третман на ацетабуларни дисплазии.

Д-р Александар Савески е коавтор на трудот со наслов „The Ilioinguinal approach versus the anterior intrapelvic approach to the acetabulum: A review by IlirHasani, Igor Kaftandziev, Simon Trpavski, Ljupco Nikolov, Aleksandar Saveski, Georgi Velkovski“. Споменатиот труд е ревијален. Студијата опфаќа резултати и компликации од литературата и цитираните трудови од 1 до 41 резултат и од примената на илиоингвиналниот пристап наспорти предниот интрапелвичен пристап на фрактури на ацетабулум. Во воведот авторите го прикажуваат проблемот на предниот пристап во хируршки третман на фрактурите на ацетабулумот со коректно цитирана литература. Во клиничкиот материјал потврдуваат дека илиоингвиналнот пристап рутинсски се употребувал при скршеници на предните структури на ацтабулумот. Воедно, авторите ги потврдуваат компликациите и резултатите од примената на илеингвиналниот и другите интрапелвични пристапи.

Опишани се предностите, недостатоците и компликациите на обата горенаведени пристапа и дојдено е до сознание дека нема едноставен, идеален и лесен пристап во третманот на ацетабулумот.Компаративно е докажано дека нема сигнификантни разлики меѓу двата реза во однос на компликациите и резултатите.

## 2.4. Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Д-р Александар Савески активно е вклучен во стручно-апликативната работа на Универзитетската клиника за ортопедија, и тоа во третманот на дијагностицирање на дегенеративни заболувања на локомоторниот апарат, нивни хируршки третман и постоперациона грижа.

Активно е вклучен во онколошки третман на локомоторниот апарат, како и спортскиот трауматизам, со посебен осврт на мекоткивните повреди на коленото и рамото.

Член е на МАДОТ (Македонско здружение на ортопеди и трауматолози), како и на Лекарската комора на Р. Македонија.

Стручното надградување на д-р Александар Савески во континуитет се реализира преку посета на повеќе меѓународни едукативни курсеви, и тоа:

1. Synthes Symposia and work shop for:LCP proximal tibial Plate and LISS for distal femur;
2. LCP VA 2c Distal Radius plate on may 2009 in Ohrid Macedonia;
3. Symposium for Join Replacement and trauma care evolution December 2009;
4. AO basic Spine Course ,,Principles in the treatment of traumatic spinal injury,, Belgrade Serbia 2009;
5. Total knee arthroplasty in primary and revision surgery September 2010;
6. AO Trauma Course – Principles in Operative Fracture Management Serbia 2010;
7. 8th International course of Arthroscopic Techniques in Slovenia April 2011;
8. Second Congress of Arthroscopy, Sport Traumatology on Knee surgery 2011;
9. 9th Annual Conference of Spinal Experts group November 2011;
10. Paediatric Hip Joint ultrasound symposium in Sandanski Bulgaria 2012;
11. 9th International course of Arthroscopic Techniques in Slovenia April 2012;
12. 3th congress of Serbian orthopaedics trauma association SOTA Oct. 2012;
13. 1st Orthopaedics and Trauma international congress in Montenegro. 2012;
14. SOTA 2013 – International Serbian congress for trauma and orthopaedic surgery;
15. MADOT 2013 - International Macedonia congress for trauma and orthopaedic surgery;
16. World congress for Osteoporosis, Osteoarthritis and Musculoskeletal Diseases in Milano Italy from 26th to 29th of March;
17. 4th course for knee and ankle arthroscopic in Novi Sad Serbia;

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатите, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Александар Јакимовски и д-р Александар Савески.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатите од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Александар Јакимовски и д-р Александар Савески. поседуваат научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, ги исполнуваат сите услови да бидат избрани во звањето асистент-докторанд по предметот ортопедија.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, д-р Александар Јакимовски и д-р Александар Савески да бидат избрани во звањето **асистент-докторанд** по предметот ортопедија.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Анастасика Попоска с.р.

2. Проф. д-р Милан Самарџиски с.р.

3. Проф. д-р Златко Темелковски с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ-ДОКТОРАНД ПО ПРЕДМЕТОТ ФИЗИОЛОГИЈА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, објавен во весниците „ Утрински весник" , „Коха" и „Дневник" од 23.06.2015 година, за избор на асистенти-докторанди по предметот физиологија, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, бр. 2-3158/62, донесена на 9.7.2015 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Бети Дејанова, проф. д-р Слободан Николиќ и доц. д-р Јасмина Плунцевиќ Глигороска.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледот на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на асистенти-докторанди во научната област базична медицина по предметот физиологија, во предвидениот рок се пријави д-р Иванка Караѓозова.

### 1. Биографски податоци и образование

Кандидатката Иванка Караѓозова е родена 1984 година во Скопје. Основно и средно образование завршила во Скопје со одличен успех. Медицинскиот факултет го завршила во Скопје, во 2009 година, со среден успех 9,03. По завршувањето на приправничкиот стаж, го положила стручниот испит во февруари 2010 година. Од август 2010 година е вработена на Институтот за физиологија со антропологија на Медицинскиот факултет во Скопје, каде што активно учествува во практичната настава на Катедрата за физиологија ( наставна дејност), како и во Кабинетот за спортска медицина (здравствена дејност). Специјализацијата по спортска медицина ја започнала во 2010 година, а се стекнала со звањето специјалист по спортска медицина во април 2014 година. Од април 2013 година е избрана за соработник на истоимениот Институт. Студент е на трет циклус – докторски студии на Школата за докторски студии на УКИМ во Скопје од научната област базична медицина. Кандидатката активно ги владее странските јазици: англиски (Cambridge Certificate of Preliminary English –B1 ) и српски јазик, како и пасивно го познава италијанскиот јазик.

## 2. Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на Медицинскиот факултет при УКИМ, кандидатката ја изведува практичната настава на прв циклус студии на студиската програма по медицина, стоматологија, фармација, како и на тригодишните стручни студии за медицински сестри, физиотерапевти и логопеди по следниве предмети: морфологија и физиологија на клетка, физиологија 1, физиологија 2 за студентите на медицина и стоматологија, анатомија со физиологија за студентите на фармација, како и предметот физиологија и физиологија со патофизиологија за студентите на тригодишните стручни студии.

Во склоп на наставно-образовната дејност, за студентите на медицина, стоматологија, фармација и тригодишните стручни студии, учествува во изработка на повеќе практикуми за потребите на практичната настава како што се Практикум по физиологија 1 за студенти по медицина, Практикум по физиологија 2 за студенти по медицина, Практикум по физиологија за студенти на фарамација, Практикум по физиологија за студенти по стоматологија и Практикум за студенти на тригодишни студии.

При направената евалуација од анонимно спроведена анкета на студентите на Медицинскиот факултет, за предметите физиологија 1 и физиологија 2, како и за предметот морфологија и физиологија на клетка, кандидатката доби висока просечна оцена 9,17.

## 3. Научноистражувачка дејност

Д-р Иванка Караѓозова е автор и коавтор на 20 стручни и научни апстракти и трудови во домашни и меѓународни конгреси со сопствено учество. Учествувала на повеќе стручни состаноци, домашни и меѓународни конгреси со сопствено учество. Притоа се здобила со бројни сертификати, потврди и уверенија за постер и орални презентации, како и за присуство на работилници, семинари и други стручно-научни собири.

## 4. Стручно-апликативна дејност

Д-р Иванка Караѓозова е активно вклучена во стручно-апликативната работа на Институтот за физиологија со антроплогија, а по положениот специјалистички испит самостојно учествува во работата на Кабинетот за спортска медицина за систематски прегледи на спортисти и рекреативци.

Кандидатката била член на Претседателството на Македонската медицинска студентска асоцијација, Скопје при УКИМ (2004-2010), член на Македонското лекарско друштво од 2004 до денес и член на Здружението на физиолози на Македонија од 2014 до денес.

Во склоп на стручното усовршување, кандидатката била на стручен престој во следниве странски едукативни центри: Институтот за спортска медицина при Универзитетот во Истанбул, Турција, во траење од 1 месец (2015), Технички курс за обука за работа со ласери, Софија (2015).

**Заклучок и предлог**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност на д-р Иванка Караѓозова. Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката, Комисијата едногласно одлучи дека кандидатката д-р Иванка Караѓозова поседува стручни и научни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти – докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето асистент-докторанд по предметот физиологија. Според сето горенаведено, Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, д-р Иванка Караѓозова да биде избрана во звањето асистент-докторанд по предметот физиологија.

**Рецензентска комисија**

1. Проф. Д-р Бети Дејанова с.р
2. Проф. Д-р Слободан Николиќ с.р
3. Доц. Д-р Јасмина Плунцевиќ Глигороска с.р

**РЕФЕРАТ**

ЗА ИЗБОР НА 2 АСИСТЕНТИ-ДОКТОРАНДИ ПО ПРЕДМЕТОТ ХУМАНА ГЕНЕТИКА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 132 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија број 35/08, 103/08, 26/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15 и 98/15, а во врска со членовите 9, 42, 46 и 48 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр 274/13), Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје на својата XI редовна седница одржана на 9.7.2015 година, донесе решение за избор на 2 асистенти-докторанди по предметот ХУМАНА ГЕНЕТИКА во согласност со конкурсот објавен на 23.6.2015 година и формираше Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Мирјана Кочова, доц. д-р Елена Шукарова-Ангеловска и доц. д-р Александар Петличковски.

На конкурсот се јавија 2 кандидата. Врз основа на доставената документација и познавањето на работата на кандидите, Рецензентската комисија го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Спец. по мед. генетика, дипл. биолог Гордана Илиева**

Биографски податоци

Родена е во Скопје во 1964 година. Дипломирала во 1988 година на студиската програма биологија при Природно-математичкиот факултет во Скопје со просечна оценка 8,53 и се здобила со звањето дипломиран биолог. Од 1991 година е вработена во Генетската лабораторија на Универзитетската клиника за детски болести при Медицинскиот факултет во Скопје. Специјализација по медицинска генетика завршила во 2008 година на Медицинскиот факултет во Скопје. Учествувала на повеќе национални и интернационални конгреси.

Своето познавање на англискиот јазик го потврдува со положен Кембриџ-тест за Б1-ниво организиран од страна на Британскиот совет во Скопје, во март 2015 година. Со овој

резултат се стекнува со Кембриџ-сертификат - First Certificate in English (FCE) од University of Cambridge (ESOL Examinations) за познавање на англискиот јазик на ниво Б1 според Common European Framework of Reference for Languages (CEFRL).

Наставно-образовна дејност

Учествува во изведбата на практичната настава за студентите по медицина и стоматологија од областа на хуманата генетика од 2006 година. Учествувала во практичната настава за студентите на Природно –математичкиот факултет од областа на хуманата генетика, како и за студентите на високите школи на Медицинскиот факултет во Скопје.

Научна дејност

Во 2011 година се запишала на докторски студии, потпрограма: молекуларна медицина.

Има објавено 30 стручни и научни трудови. Во Билтен бр. 721 од декември 1998 година се рецензирани 4, во Билтен бр. 846 од март 2004 година-7 труда, во Билтен бр. 958 од 2009 година-8 труда, а во Билтен бр. 1030 од мај 2012 година-4 труда. За овој избор се приложени за рецензија следниве трудови:

1. Difficulties in registering syndromic disorders. Sukarova-Angelovska E, Kocova M, Angelkova N, Ilieva G. 12th European Symposium on Congenital anomalies, Zagreb, 2013, 73.

Во трудот се истакнуваат низа синдромски нарушувања и сите тешкотии кои го следат нивното регистрирање заради непостоење на унифицирана номенклатура, а исто така и заради неможност за дијагностицирање на молекуларниот дефект.

2. Partial monosomy 1q23 associated with severe seizures and profound mental retardation due to a mosaic translocation (1q,16q)(q23;qter). Sukarova-Angelovska E, Kocova M, Ilievska G, Angelkova N, Palcevska S, Sukarova-Stefanovska E. European Human Genetics Conference, Paris, 2013, Eur J Hum Genet,21, Suppl2, 189.

Во трудот се опишува случај на доенче со тешка форма на епилепсија, длабока ментална ретардација и значајна лицева дизморфија, каде што е откриена моносомија на дел од долгиот крак на хромозомот 1. Моносомијата е предизвикана од новонастаната транслокација меѓу хромозомите 1 и 16.

3. Face as a diagnostic tool. Sukarova-Angelovska E, Kocova M, Ilieva G, Anastasovska V. 10th Balcan Congres of human genetics, 2nd Alpe Adria meeting of human genetics, Bled, 2013, 84.

Во трудот се наведени начините на клиничкиот преглед на минорните лицеви дизморфични стигмати како основа за поставување на сомнението за синдромско нарушување. Опишани се начините на евалуација на севкупните собрани карактеристики, кои заедно со внатрешните, мајорните аномалии можат да го насочат понатамошното лабораториско иследување.

4. Severe osteosclerosis in a patient with trichothyodystrophy. Sukarova-Angelovska E, Jaspers N, Kocova M, Stefanovska I, Anastasovska V, Ilievska G. European Human Genetics Conference, Milan, 2014, 405.

Опишан е редок случај на трихотиодистрофија кај девојче. Покрај останатите знаци за болеста - ретка и крта коса, специфичен изглед, заостанување во растот и длабока ментална ретардација, кај детето е забележана и значајна остеосклероза која се среќава само кај одреден тип мутации на синдромот. Оваа остеосклероза значајно ја хендикепира подвижноста на детето.

5. Prenatal diagnosis of cryptic translocation t(5p;17q) detected with fluorescent in situ hybridization. Sukarova Angelovska E, Kocova M, Sukarova-Stefanovska E, Ilieva G, Hristova-Dimkovska T. European Human Genetics Conference, Glasgow, 2015, 372.

Во трудот е опишана ретка хромозомска аберација откриена пренатално, и тоа меѓу хромозомите 5 и 17. Таа не била веднаш видлива со кариотипирање, заради што е изведена методата на флуоресцентна ин ситу-хибридизација со соодветните проби, со што е потврдена ефикасноста на методата во откривање на мали хромозомски реаранжмани.

6. Нонспецифиц chromosome deletion in M3 non-lymphatic leukemia. Ilieva G, Cevrevska L, Kocova M 7 Balkan meeting of human genetics, BJMG, 9 (3,4),2006.

Опишана е ретка хромозомска аберација кај пациент со М3 леукемија. Оваа хромозомска аберација обично води до неповолен тек при лекувањето на леукемијата.

7. Trisomy 18, Clinocal characteristics and possibilities for prenatal prevention. Papazova A, Piperkova K, Sukarova-Angelovska E, Palcevska S, Sofijanova A, Najdanovska N, Ilieva G. Medicus, 2009, XI, (1), 238-245.

Во трудот се опишани два случаја со типична тризомија 18, која е втора по зачестеност од сите автозомни тризомии. И двете новородени деца имаат типична клиничка слика, тешка срцева аномалија. Смртноста од оваа хромозомопатија е висока во раниот доенечки период.

**Помл. ас. д-р Мери Киријас**

Биографски податоци

Родена е 1984 година во Скопје. Медицинскиот факултет во Скопје го завршила во 2008 година со просечна оценка 9,62. Државен испит положила во 2009 година. Од 2009 година е вработена на Институтот за имунобиологија и хумана генетика при Медицинскиот факултет во Скопје.

Се усовршувала преку следење на регионални имунолошки школи, симпозиуми, работилници и симпозиуми во земјата и во странство (Скопје, Охрид, Дубровник,Белград, Мадрид, Ланген-Германија).

Член е на European Federation of Immunogenetics (EFI), како и на Македонско здружение за базична, клиничка имунологија и алергологија

Го говори англискиот јазик течно (TOEFL 106 поени, положен на 28.2.1015), а ги користи германскиот и шпанскиот јазик. Учествувала во превод на поглавја од областа на имунологијата од англиски на македонски јазик.

Наставно-образовна дејност

Во 2010 година е избрана во звањето помлад асистент по имунологија на Медицинскиот факултет во Скопје и учествува во практичната настава по предметите имунологија и хумана генетика за студентите по медицина и студентите на високите школи на Медицинскиот факултет.

Научна дејност

Учесник е во 10 научно-истражувачки трудови од кои автор е на 3.

1. Mirko Spiroski, Vladimir Trajkovski, Dejan Trajkov, Aleksandar Petlichkovski, Olivija Efinska-Mladenovska, Slavica Hristomanova, Eli Djulejic, **Meri Paneva**, Jadranka Bozhikov. Family analysis of immunoglobulin classes and subclasses in children with autistic disorder. Bosnian Journal of Basic Medical Sciences 2009; 9 (4).

Во овој труд целта е да се испита концентрацијата на имуноглобулинските класи и поткласи кај аутистични пациенти и нивните фамилии. Испитувањето е направено кај 50 лица со аутистично нарушување во Република Македонија. Статистички значајни разлики се откриени за ИгА, ИгГ2 и ИгГ3.

2. Vera Spiroska, Sashko Kedev, Slobodan Antov, Dejan Trajkov, Aleksandar Petlichkovski, Slavica Hristomanova, Eli Djulejic, **Meri Paneva**, Aleksandar Senev, Mirko Spiroski. Association of 22 cytokine gene polymorphisms with dilated cardiomyopathy in Macedonian patients. Kardiologija Polska 2009 Nov;67(11):1237-47.

Воспаленеито е важна компонента во патогенезата на кардиоваскуларни болести. Целта на овој труд е да се испита можната улога на 22 цитокински полиморфизми во преосетливоста кон дилатирана кардиомиопатија. Испитани се 301 здрава индивидуа и 52 пациента со дилатативни кардиомиопатии. Најдени се неколку интерлеукински полиморфизми кои се позитивно корелирани со појавувањето на дилатативните кардиомиопатии.

3. Petlichkovski A, Djulejic E, Trajkov D, Efinska-Mladenovska O, Hristomanova S, **Kirijas M,** Senev A, Spiroski M. Distribution of killer cell immunoglobulin-like receptor genes in Roma from Republic of Macedonia. Int J Immunogenet. 2011 Dec;38(6):493-500.

Цел на овој труд е да се анализираат КИР-ген полиморфизмите кај ромската популација во Република Македонија. Анализирани се 103 здрави индивидуи на возраст од 20 до 45 години. Користен е програмот „Арлекин“ за анализа на податоците. Сите 16 КИР-гени се среќаваат кај ромската популација, но е присутен и широк линкиџ дизеквилибриум во фреквенцијата на поединечните полиморфизми.

4. Hristomanova S, Grunevska V, Balabanova-Stefanova M, Trajkov D, Petlichkovski A, **Kirijas M**, Djulejic E, Senev A, Spiroski M. Hyper IgE in a HIV Positive Patient - Case Report. Maced J Med Sci. 2011 Mar 15; 4(1):99-103.

Опишан е човек на 63 години со историја на губење тежина, дијареа, херпес зостер и недијагностицирана алергија. Кандидијазата откриена во спутумот побудила сомнение за ХИВ. Лабораториски е најдено 12-кратно покачување на ИгЕ, што е прва ваква асоцијација во литературата.

5. Tatjana Marinoska, Slavica Hristomanova, Aleksandar Petlichkovski, Dejan Trajkov, Olivija Efinska-Mladenovska, **Meri Kirijas**, Aleksandar Senev, Mirko Spiroski. Distribution of total IgE and specific IgE for Dermatophagoides pteronyssinus (d1) in Republic of Maedonia, 22nd European Students’ conference “Perspectives and Challenges in Regenerative Medicine”, European Journal of Medical Research, p. 126, Berlin, Germany, 21-24 September 2011.

Анализирани биле 2213 испитаници од различни географски региони на Р. Македонија за специфичен ИгЕ кон дерматофагоид (d1). Авторите добиле кај 86,8% ниски вредности на специфичен ИгЕ кон d1, средна реактивност (степен 2,3 и 4) кај 15% и висока реактивност (степен 5 и 6) кај 1,8% од испитаниците, со што е заклучено дека сензибилизацијата кон овој алерген во Р. Македонија е на ниско ниво.

6. Djulejic E, Senev A, **Kirijas M**, Hristomanova S, Petlichkovski A, Trajkov D, Spiroski M. Allele Frequency of HLADQB1 Locus in Macedonian Population. Maced J Med Sci. 2012 Mar 15; 5(1):67-71.

Целта на овој труд е да се типизираат за HLA DQB1-локусот здрави Македонци. Типизирани се 217 примероци. Најдени се 33 различни алели, кај кои недвојбени се 40,55%, а одреден амбигвитет е откриен кај 58,53%. Најголема фреквенција кај македонската популација има алелот HLA DQB1*03NX.

7. **Kirijas M**, Hristomanova S, Trajkov D, Pajkovska M, Kostov B, Spiroski M. Serum Concentration of Immunoglobulin Classes and Subclasses in Macedonian Elderly People. Maced J Med Sci. 2012 Jul 31; 5(2):164-168.

Целта на овој труд е да се одреди серумската концентрација на имуноглобулинските класи и поткласи кај повозрасни индивидуи во Р. Македонија. Испитани се 77 повозрасни индивидуи од Геронтолошкиот завод „13 Ноември“ во Скопје, на возраст од 65 до 101 година, поделени во две групи во зависност од тоа дали ги исполнуваат критериумите за прием според SENIEUR-протоколот. Повозрасните индивидуи од NON-SENIEUR групата покажале сигнификатно повисоки серумски концентрации за ИгА, ИгГ, ИгГ1 и ИгГ2.

8. **Meri Kirijas**, Snezhana Mishevska-Perchinkova, Anzelika Karadzova-Stojanoska, Olivija Efinska-Mladenovska, Aleksandar Petlichkovski, Dejan Trajkov, Mirko Spiroski. Association between HLA-A, HLA-C and HLA-B Genes and Ankylosing Spondylitis in Macedonian Population. Maced J Med Sci. 2012 Oct 15; 5(3):263-268.

Целта на оваа студија е да се одреди дали постои асоцијација помеѓу ХЛА-А, -Б и –Ц гените и анкилозирачки спондилитис кај пациентите од Република Македонија. Типизирани со методот на реверзна хибридизација се 250 здрави индивидуи и 57 пациенти со анкилозирачки спондилитис. Откриени се неколку алелски групи кои имаат негативна и позитивна корелација со анкилозирачки спондилитис. Алелите HLA-B*27:02 и HLA-B*27:05 покажуваат позитивна асоцијација со анкилозирачки спондилитис.

9. D Trajkov, A Petlichkovski, O Efinska-Mladenovska, S Hristomanova, E Djulejic, **M Kirijas**, A Senev, M Spiroski. Distribution of 22 Cytokine Gene Polymorphisms in Roma from the Republic of Macedonia. Iran J Allergy Asthma Immunol. 2012 December; 11(4): 282-293.

Анализирани се 22 цитокински полиморфизми во ромската популација од Република Македонија кај 77 лица од три региони. Анализирани се сите најдени полиморфизми и авторите заклучуваат дека тие можат да се користат за одредување на современиот генетски профил на Ромите, за антрополошки споредби и за студии на асоцијации со различни болести.

10. **Kirijas M**, Spiroski M. MICA Polymorphism, Association with Diseases and the Role of Anti-MICA Antibodies in Organ and Stem Cell Transplantation. Maced J Med Sci. 2013 Sep 15; 6(3):285-295.

Во овој ревијален труд е опишана улогата на некласичните MHC-гени наречени Major histocompatibility complex class 1 chain-related genes (*MIC гени*). Досега се откриени 84 различни алели за MICA заради полиморфизми во егзоните 2 до 5. Во овој труд се опишани

улогата на анти-MICA антителата при трансплантацијата на ткива и органи, како и фреквенцијата на различните MICA-алели и нивната асоцијација со различни ХЛА-Б алели, инфламаторни болести, инфективни болести и тумори.

## З А К Л У Ч О К

Рецензентската комисија ги разгледа приложените документи за двата кандидата за избор во звањето асистент-докторанд. По нивната анализа, Комисијата утврди дека кандидатите ги имаат доставено потребните документи.

Од документацијата е евидентнто дека и двата кандидати – ас. спец. Гордана Илиева и ас. д-р Мери Киријас покажуват солидни резултати во континуираната стручна, едукативна и научноистражувачка дејност. Активно и посветено учествуваат во спроведувањето на наставата од областа на хуманата генетика за студентите по медицина и стручните школи. Од нивната научноистражувачка дејност произлегуваат и трудовите презентирани на домашни и меѓународни конгреси.

Врз основа на сето тоа Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот совет, спец. по мед. генетика, дипл. биол. Гордана Илиева и ас. д-р Мери Киријас да бидат избрани за асистенти-докторанди по предметот хумана генетика.

**Рецензентска комисија**

Проф. д-р Мирјана Кочова, с.р.

Доц. д-р Елена Шукарова-Ангеловска, с.р.

Доц. д-р Александар Петличковски, с.р.

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА 1 НАУЧЕН РАБОТНИК ПО ПРЕДМЕТОТ СОЦИЈАЛНА МЕДИЦИНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен во весниците „Дневник“ и „Утрински весник“ од 23.6.2015 година, за избор на научечн работник по предметот социјална медицина, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. XI, донесена на 9.7.2015 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Моме Спасовски, редовен професор на Катедрата за социјална медицина, проф. д-р Фимка Тозија, редовен професор на Катедрата за социјална медицина, проф. д-р Елена Ќосевска, редовен професор на Катедрата за социјална медицина, проф. д-р Драган Ѓорѓев редовен професор на Катедрата за хигиена и проф. д-р Јованка Караџинска Бислимовска, редовен професор на Катедрата за медицина на трудот при Медицинскиот факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на научен работник по предметот социјална медицина, во предвидениот рок се пријави кандидатката Данче Гудева Никовска.

### 5. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката м-р д-р Данче Гудева Никовска е родена на 8.01.1969, во Струмица. Средно образование завршила во Струмица на 10.6.1987. Со високо образование се стекнала на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св Кирил и Методиј“ во Скопје. Дипломирала на 31.05.1994 година, со просечен успех 8.4.

Кандидатката активно се служи со англискиот, германскиот, бугарскиот и српскиот јазик.

Во учебната 2003/2004 се запишала на втор циклус (магистерски) студии на Брауновата школа за јавно здравје при Хебрејскиот универзитет во Ерусалим, Израел. Студиите ги завршила на 21.9.2004 година, со просечен успех 9.4. На 4.9.2004 година го одбранила магистерскиот труд на тема: „Демографски, социо-економски и карактеристики на животен стил кај учесниците во МАБАТ истражувањето како фактор за точна, помала или поголема проценка на висината и тежината – импликации за соодветноста на индексот на телесна маса пресметан од мерките“.

Докторска дисертација пријавила на 26.6.2014 година на Медицинскиот факултет. Дисертацијата на тема: „Евалуација на здравствениот систем во Република Македонија – правичност, пристап до здравствени услуги и социјални детерминанти на здравје – дали сме сите еднакви?“, ја одбранила на 15.1.2015 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Моме Спасовски, проф. д-р Фимка Тозија, проф. д-р Јованка Караџинска Бислимовска, проф. д-р Розалинда Исјановска и проф. д-р Драган Ѓорѓев. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на науки од областа на јавно здравство.

На 22.5.2008 година е избрана во звањето помлад асистент на Медицинскиот факултет по предметот социјална медицина.

Во моментот е асистент на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ по предметот социјална медицина. Последниот реферат за избор е објавен во Билтенот бр. 1003 од 1.3.2011 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтените бр. 1003 од 1.3.2011 година, бр. 941 од 30.4.2008 година и бр.1084 од 15.9.2014 година, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 6. Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Медицински факултет, кандидатката д-р Данче Гудева Никовска изведува вежби на прв циклус студии на студиската програма медицина на предметите вовед во медицина и медицински професии, социјална медицина и здравствена економија и промоција на здравје, јавно здравство – клиничка пракса, како и промоција на здравје и здравствено воспитување и здравствено и социјално законодавство за медицински сестри и техничари, радиолошки технолози, логопеди и физиотерапевти.

Кандидатката е автор на рецензиран учебник под наслов „Социјална медицина“, како и на поглавја во 2 учебници по јавно здравје, издадени во употреба на универзитети во странство.

**Научноистражувачка дејност/Стручно-уметничка дејност**

Д-р Данче Гудева Никовска има објавено вкупно 33 научни трудови од областа на јавното здравје, од кои 4 научни труда во научни списанија со импакт-фактор (фактор на влијание), 15 труда во меѓународни научни списанија, 4 труда во меѓународни научни публикации и 18 труда во зборници од научни собири.

Д-р Данче Гудева Никовска учествувала како член во 5 научни проекти.

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Д-р Данче Гудева Никовска активно е вклучена во стручно-апликативната работа на Министерството за здравство на Република Македонија, како координатор на проектот финансиран од Глобален фонд за борба против ХИВ/СИДА, туберкулоза и маларија (ГФАТМ) – компонента туберкулоза. Врши стручна супервизија на активностите финансирани од ГФАТМ кои се комплементарни на националната програма за туберкулоза, мрежата на патронажни сестри низ земјата кои спроведуваат директно набљудување на пациентите во тек на континуираното земање терапија, како и активностите на 8 невладини организации кои работат со вулнерабилните и групите под зголемен ризик.

Кандидатката д-р Данче Гудева Никовска остварила експертски активности од областа на јавното здравје, во рамките на активностите кои ги спроведува Светската здравствена организација, канцеларија Скопје (WHO AIMS 2.1, 2005; подготовка на апликација до Глобален фонд за борба против ХИВ/СИДА, туберкулоза и маларија за финансирање на програмата за контрола на туберкулоза во РМ, 2005, Извештај за насилство и здравје, 2006), Фондацијата „Институт отворено општество“ (анализа на добро управување во здравствениот сектор, 2008-2010).

Стручно усовршување во странство остварила со студиски престој во Ерусалим, Израел, во февруари, 2014 и јули, 2015 година, како и на бројни обуки организирани од странски универзитети и меѓународни организации.

Особена активност кандидатката покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучена во работата на стручни комисии и работни групи при Министерството за здравство (Национална комисија за воведување на практичен пристап кон респираторно здравје (ПАЛ); Национална комисија за хронични незаразни болести, Национална комисија за изработка на национални здравствени сметки, Национална комисија за пишување стратегија за туберкулоза 2008-2012, 2011-2015 и 2013-2017, Национална комисија за пишување стратегија за ХИВ/СИДА 2007-2011, Работна група за изработка на апликација до ГФАТМ за компонента туберкулоза, 2005 и 2010 година и компонента ХИВ/СИДА, 2007 и 2010 година).

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатката д-р Данче Гудева Никовска, за зимскиот семестар 2014/2015 година, доби позитивна оценка 9,72 од евалуацијата на студентите на Медицинскиот факултет.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Данче Гудева Никовска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Данче Гудева Никовска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето научен соработник по предметот социјална медицина.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, д-р Данче Гудева Никовска да биде избран во звањето научен соработник по предметот социјална медицина.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. **Проф. д-р Моме Спасовски с.р.**
2. **Проф. д-р Фимка Тозија с.р.**
3. **Проф. д-р Елена Ќосевска с.р.**
4. **Проф. д-р Јованка Караџинска Бислимовска с.р.**
5. **Проф. д-р Драган Ѓорѓев с.р.**

## ОБРАЗЕЦ

## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:**

Данче Гудева Никовска

**Институција:**

Медицински факултет, Скопје, Институт за социјална медицина

**Научна област:**

Медицина

**Наставно-образовна дејност**

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна) | Поени |
|---|---|---|
| | **Одржување на настава од прв циклус студии, додипломска настава** | |
| 1 | Вовед во медицина и медицински професии - редовни студенти на медицина<br>2008 – 2013 (5 часа * 3 недели * 0.04 = 0.6) * 6 години = 3.6<br>2014 – 2015 (10 часа * 3 недели*0.04 = 1.2) * 2 години = 2.4 | 6 |
| 2 | Социјална медицина - редовни студенти на медицина<br>2008 – 2013 (2 часа * 3 недели *0.04 = 0.24) * 6 години = 1.44<br>2014 – 2015 (5 часа * 3 недели*0.04 = 0.6) * 2 години = 1.2 | 2.64 |
| 3 | Јавно здравство – клиничка пракса - редовни студенти на медицина<br>2008 – 2013 (16 часа * 1 недела *0.04 = 0.64) * 6 години = 3.84<br>2014 – 2015 (40 часа * 1 недела * 0.04 = 1.6) * 2 години = 3.2 | 7,04 |
| 4 | Промоција на здравје и здравствено воспитување – медицински сестри и техничари<br>2008 – 2015 (12 часа * 3 недели * 0.04 = 1.44) * 8 години = 11.52 | 11.52 |
| 5 | Здравствено и социјално законодавство – медицински сестри и техничари<br>2008 – 2015 (10 часа * 3 недели *0.04 = 1.2) * 8 години = 9.6 | 9,6 |
| 6 | Промоција на здравје и здравствено воспитување – радиолошки технолози<br>2008 – 2015 (8 часа * 3 недели *0.04 = 0.94) * 8 години = 7.52 | 7,52 |
| 7 | Промоција на здравје и здравствено воспитување – логопеди | 0 |
| 8 | Здравствено и социјално законодавство – логопеди | 0 |
| 9 | Промоција на здравје и здравствено воспитување – физиотерапевти | 0 |
| 10 | Одржување на настава од втор циклус студии<br>Магистерски студии по јавно здравство (Научно истражувачки форум)<br>2006 – 2010 (2 часа*3 недели*0.05 = 0.3) * 5 години = 1.5<br>2011 – 2015 (2 часа*9 недели*0.05 = 0.9) * 5 години = 4.5 | 6 |

| | Вкупно од наставно-образовна дејност | 50,32 |
|---|---|---|

**Научно-истражувачка дејност**

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка) | Поени |
|---|---|---|
| **Трудови со оригинални научни резултати објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир** | | |
| 1 | **Gudeva Nikovska D**, Tozija F, Spasovski M. Drivers of smoking among TB patients in Republic of Macedonia: results from a case-control study, 16th World Conference on Tobacco or Health, Abu Dhabi, United Arab Emirates, March 2015 (80%) | 2,4 |
| 2 | **Gudeva Nikovska D**, Tozija F. How much wealth is healthy? Analysis of social determinants of health and equity in access to health care of population in Republic of Macedonia. World Federation of Public Health Associations, Kolkata, India, February, 2015 (90%) | 2,7 |
| 3 | **Gudeva Nikovska D**, Ancevska B, Janeva N. 8 years later of intensive TB education programs – how much knowledge on TB is out there? Results from KAP survey on TB among general population in Republic of Macedonia. EUPHA Glasgow, November, 2014 DOI: 10.1093/eurpub/cku161.107 (80%) | 2,4 |
| 4 | **Gudeva Nikovska D**, Tozija F. Social determinants of health and access to healthcare for TB patients in Republic of Macedonia. 45th Union World Conference on Lung Health, At Barcelona, Spain, October, 2014 (90%) | 2,7 |
| 5 | Tozija F, Spasovski M, **Gudeva Nikovska D,** Lazarevik V, Kasapinov B. Towards equity in health for Roma women and children in Republic of Macedonia", Conference: 5th European Conference On Migrant and Ethnic Minority Health, Granada, Spain, April, 2014 (60%) | 1,8 |
| 6 | **Gudeva Nikovska D**, Tozija F. Healthcare system in Republic of Macedonia as a social determinant of health: an analysis of equity and access to health services. International Conference on Urban Health, Mancester, UK, March, 2014 (90%) | 2,7 |
| 7 | Donev D, Kosevska E, Lazarevik V, **Gudeva Nikovska D,** Kasapinov B. Empowering the first year students at the Faculty of Medicine in Skopje for scientific writing. Association for Regional Cooperation in Health, Science and Technology (RECOOP HST) - The Bridges in Life Sciences 8th Annual Scientific Conference, Prague, Czech Republic, April, 2013 | 0.5 |
| 8 | **Gudeva Nikovska D**, Tozija F. Evaluation of the healthcare system in Republic of Macedonia – equity, access and social determinants of health. Regional Research Promotion Programme Annual Conference, May 24-26, 2013, Belgrade, Serbia | 2,7 |
| 9 | **Gudeva Nikovska D**, Tozija F, Gjorgjev D. Human Resources in Health As Indicator of Good Governance – the Case of Republic of Macedonia. 13th World congress on Public Health, Addis Ababa, Ethiopia, April, 2012 | 2.4 |

| | | |
|---|---|---|
| 10 | **Gudeva Nikovska D**, Tozija F. Catastrophic Health Expenditures in Republic of Macedonia - Are We Equal? WFPHA 13th World Congress on Public Health, April 23-27, 2012, Addis Ababa, Ethiopia | 2.7 |
| 11 | **Gudeva Nikovska D,** Tozija F, Gjorgjev D. Development and application of instrument for measurement, monitoring and evaluation of 10 essential public health functions in Republic of Macedonia. Health Services Research in Europe – Where Research and Policy meet, Hague, Netherlands, Volume: Confer1ence Contributions, p.26-28, April, 2010 | 1.6 |
| 12 | **Gudeva Nikovska D,** Tozija F, Gjorgjev D. Research Case Study: Assessment of good governance in public health in Republic of Macedonia. Health Services Research in Europe – Where Research and Policy meet, Hague, Netherlands, Volume: Confer1ence Contributions, p.95, April, 2010 | 1.6 |
| 13 | Tozija F, Gjorgjev D, Sethi D, **Gudeva Nikovska D**, Kasapinov B, Shosolceva M. Injuries in Macedonia: burden and post injury impact. Safety 2010 World Conference. Injury Prevention (Vol 16, Supplement 1), September, 2010<br>Impact Factor: 1.94 + 1.8 (60%) = 3.74 | 3.74 |
| 14 | Tozija F, Gjorgjev D, Gudeva Nikovska D. Community Injury Survey in Macedonia**.** Safe Children in Safe Communities. The 1st Regional See Conference on Safe Communities, Novi Sad, Serbia, June, 2009 (80%) | 2.4 |
| 15 | **Gudeva Nikovska D,** Tozija F, Gjorgjev D. Public health Research in Republic of Macedonia as an essential public health function. The European Journal of Public Health, January 2009<br>Impact Factor: (80%)· | 2.4 |
| 16 | Lazarevik V, **Gudeva Nikovska D**, Kasapinov B, Donev D. State budget funded activities for prevention of brucellosis in R. Macedonia. MetaNET Project Thematic Scientific Conference “Brucellosis in SEE and Mediterraneam Region”, At Struga, R. Macedonia, Volume: Book of abstracts, November 2009 (60%) | 1.2 |
| 17 | **Gudeva Nikovska D,** Tozija F, Gjorgjev D. Prevalence of eating disorders among urban adolescents in Republic of Macedonia – what do students know and how do they behave? 8th International Conference on Urban Health, Nairobi, Kenya, October, 2009 (80%) | 2.4 |
| 18 | Lazarevik V, Kasapinov B, Gudeva Nikovska D. HEALTH SYSTEM REFORMS IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA (1991-2010). Conference: 18th NISPAcee Annual Conference, January, 2008 (80%) | 2.4 |
| **Позитивно рецензиран универзитетски учебник** | | |
| 1 | **Книга**<br><br>Донев Д, Спасовски М, Тозија Ф, Ќосевска Е, **Гудева Никовска Д**, Кишман М, Симоновска В, Лазаревик В, Касапинов Б. Социјална медицина, јануари, 2013. Издавач: Медицински факултет, Универзитет Св Кирил и Методиј, | 6 |

| | | |
|---|---|---|
| | Скопје | |
| **Учебник издаден и во употреба на универзитети во странство** | | |
| 1 | Tozija F, Gjorgjev D, **Gudeva Nikovska D**. Measurement, Monitoring and Evaluation of Public Health Systems: Assessment of Essential Public Health Functions<br>In book: METHODS AND TOOLS IN PUBLIC HEALTH, Chapter: Public Health Planning, Publisher: Hans Jacobs Publishing Company, Editors: Lijana Zaletel-Kragelj and Jadranka Bozikov, pp.831-848, January, 2010 | 8 |
| 2 | Tozija F, Gjorgjev D, **Gudeva Nikovska D**. Strengthening Public Health Services - Evaluation of Essential Public Health Operations<br>In book: METHODS AND TOOLS IN PUBLIC HEALTH, A Handbook for Teachers, Researchers and Health Professionals. Chapter: Public Health Planning, Publisher: Hans Jacobs Publishing Company, Editors: Burazeri G, Zaletel-Kragelj Lj | 8 |
| **Трудови со оригинални научни резултати објавени во стручно/научно списание** | | |
| 1 | Кочанковска Л, Тозија Ф, **Гудева Никовска Д**, Рајчановска Д, Филов И. Влијанието на континуираната медицинска едукација во водењето на пациенти со бронхијална астма.<br><br>Medicus 01/2007 (60%) | 1.8 |
| 2 | Dimitrovska Z, Kendrovski V, Spiroski I, Gudeva Nikovska D, Aleksoski B. Nutritional status and early detection of health risk determinants in childhood. **MEDICINSKI PREGLED 60(68):119 · JANUARY 2006** | 1.8 |
| 3 | Bajraktarov S, Novotni A, Manusheva N, **Gudeva Nikovska D.** Main effects of sleep disorders related to shift work – opportunities for preventive programs. EPMA December 2011, Volume 2, Issue 4, pp 365-370. DOI10.1007/s13167-011-0128-4 | 1.8 |
| 4 | **Gudeva Nikovska D**, Tozija F. Social Determinants of Equity in Access to Healthcare for Tuberculosis Patients in Republic of Macedonia – Results from a Case-Control Study. INTERNATIONAL JOURNAL OF HEALTH POLICY AND MANAGEMENT (IJHPM) IJHPM(VOLUME 3 NO 4):199-205 · SEPTEMBER 2014<br>DOI: 10.15171/ijhpm.2014.89 (90%) | 2,7 |
| 5 | **Gudeva Nikovska D**, Tozija F. Stigma Associated with Tuberculosis Disease in Republic of Macedonia – Results from a Cross-Sectional Study. MACEDONIAN JOURNAL OF MEDICAL SCIENCES MACED J MED SCI · SEPTEMBER 2014<br>DOI: 10.3889/MJMS.1857-5773.2014.0440 (90%) | 2,7 |
| 6 | **Gudeva Nikovska D** et al. Social determinants of smoking in the population of the Republic of Macedonia – results from a | 1,8 |

| | | |
|---|---|---|
| | nested case-control study. GJMEDPH 2014; Vol 3, issue 4 (60%) | |
| 7 | Lazarevik V, Donev D, **Gudeva Nikovska D**, Kasapinov B. Three periods of health system reforms in the Republic of Macedonia (1991-2011). PRILOZI / MAKEDONSKA AKADEMIJA NA NAUKITE I UMETNOSTITE, ODDELENIE ZA BIOLOŠKI I MEDICINSKI NAUKI = CONTRIBUTIONS / MACEDONIAN ACADEMY OF SCIENCES AND ARTS, SECTION OF BIOLOGICAL AND MEDICAL SCIENCES 33(2):175-89 · December 2012 | 1,8 |
| 8 | **Gudeva Nikovska D,** Tozija F, Gjorgjev D. Eating disorders among youth aged 13-14 in Republic of Macedonia – what do students eat and how do they behave? The European Journal of Public Health, January, 2010 (80%) | 2.4 |
| 9 | **Gudeva Nikovska D**, Tozija F. Is there equity in the provision of the health care in Republic of Macedonia-analysis of catastrophic health care expenditures 2006–2010. The European Journal of Public Health. January, 2012 (90%) | 2.7 |
| 10 | **Gudeva Nikovska D,** Tozija F, Gjorgjev D. Eating disorders among youth aged 13-14 in Republic of Macedonia – what do students eat and how do they behave? The European Journal of Public Health, January, 2010 (80%) | 2.4 |
| 11 | Lazarevik V, **Gudeva Nikovska D,** Kasapinov B. Health System Reforms in the Republic of Macedonia 1991-2010: where do we go from here? The European Journal of Public Health, November, 2010<br>Impact Factor: 2.46 + 2.4 = 4.86 | 4.86 |
| 12 | Tozija F, Gjorgjev D, **Gudeva Nikovska D,** Kasapinov B. Youth injury risk behaviour and safety in Macedonia. Injury Prevention (Vol 16, Supplement 1), September, 2010 DOI: 10.1136/ip.2010.029215.304<br>Impact Factor: 1.94 +1.8 (60%) = 3.74 | 3,74 |
| 13 | Tozija F, **Gudeva Nikovska D**, Gjorgjev D, Kasapinov B. Ethnic differences in injuries in children and youth in Macedonia. Injury Prevention (Vol 16, Supplement 1), September, 2010 DOI: 10.1136/ip.2010.029215.868<br>Impact Factor: 1.94 + 1.8 (60%)·= 3.74 | 3,74 |
| 14 | Tozija F, Gjorgjev D, Sethi D, **Gudeva Nikovska D**, Kasapinov B, Shosolceva M. Injuries in Macedonia burden and postinjury impact. Injury Prevention (Vol 16, Supplement 1), September, 2010 DOI: 10.1136/ip.2010.029215.302<br>Impact Factor: 1.94 + 1.8 (60%)· = 3.74 | 3,74 |
| 15 | Tozija F, Gjorgjev D, **Gudeva Nikovska D,** Kasapinov B. Youth injury risk behavior and safety in Macedonia. BMJ Clinical Research, January 2010 | 15,89 |

| | | |
|---|---|---|
| | Impact Factor: 14.09 + 1.8 (60%) = 15.89 | |
| **Пленарно предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество** | | |
| 1 | **Gudeva Nikovska D**, Tozija F. Health system in Republic of Macedonia as a social determinant of health - results from analysis of equity in access to health care of the population [oral presentation]. Conference: Public Health 2014, Toronto, Canada, May, 2014 | 3 |
| | **Вкупно од научно истражувачка дејност** | **111,61** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста (стручно-апликативна)** | **Поени** |
|---|---|---|
| **Научно-популарна книга** | | |
| 1 | Tozija F, **Gudeva Nikovska D**, Gjorgjev D. Community injury survey in Macedonia<br>Publisher: Republic Institute for Health Protection, Editor: Tozija Fimka, ISBN: ISBN 978-9989-716-80-5, June, 2009 | 7 |
| 2 | **Гудева Никовска Д,** Тозија Ф, Ѓорѓев Д, Арников А, Кишман А. Анализа на потенцијалот за добро управување во Република Македонија. Систем на јавно здравство, издавач: Институт отворено општество- Македонија, pp.45-54 | 8 |
| **Експертски активности – евалуација, стручна ревизија, супервизија** | | |
| 1 | Координатор – проект финансиран од Глобален фонд за борба против ХИВ/СИДА, туберкулоза и маларија – компонента туберкулоза (2006-2015) | 10 |
| 2 | Консултант за јавно здравје – развој на инструмент за проценка на капацитетите на институциите за ментално здравје WHO-AIMS 2.1, СЗО Канцеларија, Скопје, 2008 | 1 |
| 3 | Academic Fellowship Program – Higher education support program (2009-2015) | 10 |
| 4 | Учество во комисии и тела на државни и други органи - Национална комисија за воведување на практичен пристап кон респираторно здравје (ПАЛ) | 1 |
| 5 | Учество во комисии и тела на државни и други органи - Национална комисија за хронични незаразни болести | 1 |
| 6 | Учество во комисии и тела на државни и други органи - Национална комисија за изработка на национални здравствени сметки | 1 |
| 7 | Учество во комисии и тела на државни и други органи - Национална комисија за изработка на стратегија за туберкулоза 2008-2012 | 1 |
| 8 | Учество во комисии и тела на државни и други органи - | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | Национална комисија за пишување стратегија за туберкулоза 2013-2017 | |
| 9 | Учество во комисии и тела на државни и други органи - Национална комисија за пишување стратегија за ХИВ/СИДА 2007-2011 | 1 |
| 10 | Учество во комисии и тела на државни и други органи - Национална комисија за пишување стратегија за туберкулоза 2011-2015 | 1 |
| 11 | Учество во комисии и тела на државни и други органи - Работна група за изработка на апликација до ГФАТМ за компонента туберкулоза, 2005 и 2010 година | 1 |
| 12 | Учество во комисии и тела на државни и други органи - Работна група за изработка на апликација до ГФАТМ за компонента ХИВ/СИДА, 2007 и 2010 година | 1 |
| | **Вкупно од стручно-апликативна дејност** | **46** |

## ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

| Ред. број | Назив на активноста (стручно-апликативна) | Поени |
|---|---|---|
| Клиничка или научно-апликативна студија од областа на медицинските науки и здравството | | |
| 1 | Истражување на знаења, ставови и постапки кај пациенти со туберкулоза и нивните семејства, 2008 (координатор) | 2 |
| 2 | Истражување на знаења, ставови и постапки за туберкулоза кај високо-ризични групи, 2010 (координатор) | 2 |
| 3 | Социјални детерминанти на здравје кај пациенти со туберкулоза, 2013 (учесник) | 1 |
| **Студиски престој во странство** | | |
| 1 | Браунова школа за јавно здравје, Хебрејски универзитет, Ерусалим, Израел, февруари, 2014 | 0.5 |
| 2 | MATRA Training in Applied Public Health, November 30 – December 13, 2008, The Hague, Netherlands | 0.5 |
| 3 | International Union Against TB and Lung Diseases Course on Budget Planning and Project management, September 1-13, 2008, Bangkok, Thailand | 0.5 |
| 4 | WHO TDR and Swiss tropical Institute Surveillance of tuberculosis, March 18-25, 2007, Kiev, UkraineThe World Bank Institute Strengthening Essential Public Health Functions e-learning course, January 10 - May 08, 2007 | 0.5 |
| 5 | 3rd Annual Johns Hopkins Fall Institute on Health Policy and Management (Problem Solving in Public Health, Epidemiological Basis for Tuberculosis Control), October 30 - | 0.5 |

| | | |
|---|---|---|
| | November 08, 2006, Barcelona, Spain | |
| 6 | Summer School on Modern Methods in Biostatistics and Epidemiology (Survival Analysis, Applied Longitudinal Analysis) – Harvard University/Karolinska Institute, June 26 – July 01, 2006, Brandolini Colomban Castle, Treviso, Italy | 0.5 |
| 7 | Advanced Flagship Course on Poverty, Equity and Health Financing - WHO-World Bank-OSI Budapest, August 28-September 03, 2005, Budapest, Hungary | 0.5 |
| 8 | Flagship course on health management and sustainable financing - WHO-World Bank-OSI Budapest, October 03-08, 2005, Budapest, Hungary | 0.5 |
| 9 | European Educational Program in Epidemiology - WHO European Center for Environment and Health & International Epidemiological Association, June 20-24, 2005, Florence, Italy | 0.5 |
| 10 | Berlin summer school Publishing in Public Health, The Berlin School of Public Health at the Charite, September 01-15, 2011 | 0.5 |
| 11 | Браунова школа за јавно здравје, Хебрејски универзитет, Ерусалим, Израел, јули, 2015 | 0,5 |
| **Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект** | | |
| 1 | МОН проект: Лабораторија за истражување на здравствени политики, економика во здравство и здравствен менаџмент, Медицински факултет, Скопје | 1 |
| **Подготовка на национални документи** | | |
| 1 | Изработка на Национална стратегија за туберкулоза 2005-2008 | 2 |
| 2 | Изработка на Национална стратегија за туберкулоза 2008-2012 | 2 |
| 3 | Изработка на Национална стратегија за туберкулоза 2013-2017 | 2 |
| 4 | Изработка на Национална стратегија за ХИВ/СИДА 2008-2012 | 2 |
| 5 | Изработка на Национална стратегија за ХИВ/СИДА 2012-2016 | 2 |
| | **Вкупно од дејности од поширок интерес** | **21.5** |
| | **ВКУПНО** | **229,43** |

ЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. **Проф. д-р Моме Спасовски с.р.**
2. **Проф. д-р Фимка Тозија с.р.**
3. **Проф. д-р Елена Ќосевска с.р.**
4. **Проф. д-р Јованка Караџинска Бислимовска с.р.**
5. **Проф. д-р Драган Ѓорѓев с.р.**

# РЕЦЕНЗИЈА

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „КОНГЕНИТАЛНИ АНОМАЛИИ НА БУБРЕЗИТЕ И УРИНАРНИОТ ТРАКТ (CAKUT) – КЛИНИЧКО - ГЕНЕТСКА СТУДИЈА СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА E469G ВАРИЈАНТАТА НА TSHZ3 ГЕНОТ", ИЗРАБОТЕНА ОД Д-Р НАДИЦА РИСТОСКА-БОЈКОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно - научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, на својата XI редовна седница одржана на 9.7.2015 година, по предлог на Научниот одбор, а врз основа на член 63 од Законот за високо образование и 53 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Медицинскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј "во Скопје, донесе Одлука за формирање Комисија за оцена на докторската дисертација од д-р Надица Ристоска - Бојковска, под наслов: „Конгенитални аномалии на бубрезите и уринарниот тракт (CAKUT) – клиничко - генетска студија со посебен осврт E469G варијантата на TSHZ3 генот", во состав:

1. проф.д-р Дафина Кузмановска
2. проф.д-р Зоран Гучев
3. проф.д-р Александар Димовски

По прегледот и анализата на доставениот труд, Комисијата го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Докторска дисертација „Конгенитални аномалии на бубрезите и уринарниот тракт (CAKUT) - клиничко – генетска студија со посебен осврт на E469G - варијантата на TSHZ3 генот" на д-р Надица Ристоска Бојковска ги содржи сите предвидени поглавја на научно истражувачки труд: Вовед , Цели, Пациенти и методологија, Статистичка анализа, Резултати од истражувањето, Дискусија, Заклучоци и Литература.

Во воведот, кандидатката дава крток осврт врз ембрионалниот развој на бубрезите како основа за разбирање на отстапувањата и појавата на конгенитални аномалии на бубрезите и уринарниот тракт (CAKUT). Истовремено се осврнува на генетската основа на овие заболувања, презентирајќи ги најновите сознанија од медицинската литература за гените кои се вклучени во нефрогенезата и во настанувањето на малформации на бубрезите и уринарниот тракт. Даден е краток осврт врз дијагностичките процедури и терапевтскиот пристап кај најчестите аномалии. Како посебна е издвоена групата на т.н. синдроматски CAKUT која се одликува со специфични генетски карактеристики.

Во делот „Цели" кандидатката во 7 точки ги формулира целите на трудот кои конечно треба да резултираат со формирање на датабаза на фамилијарен CAKUT, кој ќе претставува основа за понатамошни студии.

Во поглавјето „Пациенти и методологија на работа" објаснети се принципите на селекција на пациентите и истражувањата кои се спроведуваат.

Дел од овие истражувања се изведувани на Клиниката за детски болести и други институции во рамките на Медицинскиот и Фармацевтскиот факултет, каде што се изведувани молекуларните анализи предвидени за студијата. Кај пациентите со синдроматски CAKUT, кај кои стандардната кариотипизација покажала уреден наод, направени се посебни анализи, т.н. „copy number variation" анализа на Универзитетот Колумбија во САД, со кој е претходно реализирана соработка. Кај секој пациент е користен специјално дизајниран протокол (прашалник за генетска основа на конгенитални аномалии на бубрезите и уринарниот тракт), според кој се собирани и обработувани потребните клинички, лабораториски и imaging-податоци.

Во понатамошното образложение кандидатката објаснува кои статистички методи се применети во анализа на податоците и ги изложува резултатите од истражувањето. Вкупно се обработено 749 пациенти со CAKUT испитувани на Клиниката за детски болести во периодот од 2010 до 2015 година. Презентирани се нивните демографски податоци и фамилијарната историја. Позитивна фамилна историја е утврдена кај 12,42% од пациентите. Од вкупно 749 пациенти, кај најголемиот број (40 %) е поставена дијагноза – везикоуретерален - рефлукс, кај 22% - хипопластични/диспластични бубрези, МЦДК или ренална агенезија, кај 22% - хидронефроза, валвули на задната уретра, пиелоуретерална или уретеровезикална опструкција, а кај 9 % - неопструктивен дуплекс. Кај 6% се утврдени други дијагнози. Во целата серија кај ¼ истовремено биле утврдени одредени екстраренални манифестации: кардиолошки, гастроинтестинални, невролошки, генитални, фацијална дизморфија, дермо-мускулно-скелетни, пулмонални, ендокрини и др.

Од вкупно 86 пациенти со ренална хиподисплазија/агенезија, синдроматска или несиндроматска, кај кои во склоп на голема мултицентрична студија е направена CNV (copy number variation) анализа, молекуларната дијагноза се потврдила кај 10% од пациентите. E436G - варијантата не е утврдена ниту кај еден пациент со CAKUT и прогресивна бубрежна болест (3.стадиум на хронична бубрежна инсуфициенција).

Важен заклучок на студијата е потврдата дека прогнозата на педијатриските CAKUT во нашата земја е одлична. Ова се должи на фактот што испитуваната серија пациенти не е селектирана - практично сите педијатриски пациенти со CAKUT во Македонија се обработуваат преку Клиниката за детски болести/ Детска хирургија на Медицинскиот факултет во Скопје. Покажано е дека неповолната прогноза е поврзувана со постоењето на опструкција (валвула на задна уретра) и со присуството на билатерални промени (на пр. билатерална хиподисплазија, билатерален ВУР).

Преку ултразвучниот скрининг на членовите на засегнатите семејства е утврдена јасна поврзаност со генетскиот фактор. Исто така е утврдена висока застапеност на различни екстраренални манифестации кои дополнително можат да ја комплицирааат клиничката слика и водењето на овие пациенти.

Како резултат на оваа студија е формирана датабаза на пациенти со синдроматски и несиндроматски CAKUT. Ова е добра основа за вклучување во интернационални мултицентрични студии со цел за понатамошно продлабочување на сознанијата за патогенезата на оваа фасцинантна група аномалии.

Изборот на литературата која е користена и која кандидатот ја цитира на крајот од тезата е современа и репрезентативна содржејќи трудови од списанија со SCI - фактор.

## ЗАКЛУЧОК

Докторската дисертација „КОНГЕНИТАЛНИ АНОМАЛИИ НА БУУБРЕЗИТЕ И УРИНАРНИОТ ТРАКТ (ЦАКУТ) КЛИНИЧКО - СТУДИЈА СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА E469G ВАРИЈАНТАТА НА TSHZ3 ГЕНОТ" од формален и суштински аспект ги исполнува критериумите за докторска теза.

Добиените резултати  и заклучоци претставуваат добра основа за нови истражувања  во областа на нефрогенетиката и ќе овозможат  соработка во меѓународни мултицентрични проекти во оваа област.

Врз основа на анализата и оценката  на докторска дисертација, Комисијата дава позитивна рецензија и му предлага на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје да  овозможи понатамошно процедурирање.

**Комисија:**

Проф. д-р Дафина Кузмановска с.р.
Проф. д-р Зоран Гучев с.р.
Проф. д-р Александар Димовски с.р.

## РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ-АСИСТЕНТ, ПОТОЧНО ЗА ЕДЕН ИЗВРШИТЕЛ ОД ОБЛАСТА МАТЕМАТИЧКИ НАУКИ И ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ, ПО ПРЕДМЕТИТЕ: ОСНОВИ НА ИНФОРМАТИКАТА, ЗА СТУДИСКИТЕ ГРУПИ ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА И ПРЕДУЧИЛИШНО ВОСПИТАНИЕ, НА МАКЕДОНСКИ НАСТАВЕН ЈАЗИК, И ИНФОРМАЦИСКА ПИСМЕНОСТ, ЗА СТУДИСКАТА ГРУПА БИБЛИОТЕКАРСТВО на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје,

На седницата на Наставно – научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, одржана на 30.6.2015 година (одлука бр.02-580/6 од 1.7.2015 година), бевме избрани за членови на Рецензентската комисија за изготвување реферат за избор во соработничко звање-асистент од областа математички науки и информатички науки, по предметите:

- основи на информатиката, за студиските групи одделенска настава и предучилишно воспитание, на македонски наставен јазик и
- информациска писменост, за студиската група библиотекарство.

На конкурсот објавен во весникот „Дневник“ од 30.5.2015 година и весникот „Лајм“ од 2.6.2015 година се пријави само кандидатот: м-р Јасмина Јовановска, магистер на информатички науки. По прегледувањето на конкурсните материјали кои како на членови на Рецензентската комисија ни беа доставени, на Наставно – научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ му го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

**КАНДИДАТ: м-р Јасмина Јовановска**

### 1. Биографски податоци

Кандидатката м-р Јасмина Јовановска е родена во Скопје на 24.8.1980 година. Таа е државјанин на Република Македонија. Средното образование го завршила во гимназијата „Раде Јовчевски – Корчагин“, во учебната 1998/1999 година. Во учебната 1999/2000 година се запишала на Природно-математичкиот факултет, Институт за математика, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Студиите ги завршила во 2004 година со просечен успех 9,42 и се стекнала со звањето дипломиран професор по математика.

Во учебната 2005/2006 година се запишала на постдипломските студии на Институтот за информатика при Природно-математичкиот факултет во Скопје. Магистрирала со просечен успех 10,00 во јули 2011 година со одбрана на магистерскиот труд под наслов „Примена на методите за пребарување информации кај системите за

одговарање прашања на македонски јазик“, реализиран под менторство на проф. д-р Катерина Здравкова, со што се стекнала со звањето магистер на информатички науки.

Во учебната 2011/2012 година се запишала на докторските студии на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство – ФИНКИ во Скопје. Во моментов активно работи на финализирање на докторската дисертација под наслов „Систем за одговарање прашања со повеќекратен избор за тест-колекции на македонски и англиски јазик“, одново под менторство на проф. д-р Катерина Здравкова.

Во текот на своето школување, м-р Јовановска успешно учествувала на бројни републички натпревари по математика и физика освојувајќи неколку награди и признанија.

М-р Јовановска активно го говори англискиот јазик, за што има поднесено уверение од Центарот за странски јазици „ХЕРЦ” за активно познавање и користење на англискиот јазик. Во својата биографија наведува дека умерено го владее и германскиот јазик.

М-р Јовановска е комуникативна, чесна, прогресивна, динамична и иницијативна личност, способна за работа под притисок. Своите обврски ги реализира одговорно и ги почитува роковите за реализација на активностите. Исто така, таа има искуство во работа на проекти со луѓе од различни средини.

## 2. Научно истражувачка дејност

Во последниве години, м-р Јовановска е вклучена во повеќе комисии за реализација на одредени активности на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје. М-р Јовановска е член на Организациониот одбор за реализација на 10-от Меѓународен конгрес „Образованието и глобализацијата“, Охрид, 2015.

Во моментов е дел и од истражувачкиот тим на интерниот научно истражувачки проект на Педагошкиот факултетот, со наслов: „Разработка на методскиот пристап на текстуалните задачи во почетната настава по математика“.

По изборот за асистент, м-р Јовановска ги објавила следниве научни трудови:

1. J. Armenska, K. Zdravkova. Comparison of Information Retrieval Models for Question Answering. The 5th Balkan Conference in Informatics, Novi Sad, Serbia, 2012, ACM, pp. 162-167.

2. J. Armenska, N. Stojanov, G. Armenski: Students’ Opportunities to Use ICT during the Teaching Process and their Computer Skills. In Proceedings of the 9th International Balkans Education and Science Congress, Edirne, Turkey, 2014, pp. 312-317.

3. S. Bozhinoski, I. Bozhinova, J. Armenska: Information retrieval over Macedonian test collection using word forms and transliteration. The 12th International Conference on Informatics and Information Technologies, Bitola, 2015, in press.

4. J. Jovanovska, I. Bozhinova, K. Zdravkova: Using NLP methods to improve the effectiveness of a Macedonian question answering system. The 7th International Conference in ICT Innovations, Ohrid, 2015, Springer Verlag, in press.

Во својата научно истражувачка работа, м-р Јовановска е фокусирана на развој на систем за одговарање прашања поставени на македонски јазик. Системите за одговарање прашања претставуваат важен истражувачки проблем. Имено, како што постојано се зголемува количеството на текстови напишани на природен јазик во дигитална форма, така потребата од нови методи за прецизно посочување на бараната информација од тоа количество, станува сè повеќе неопходна. Сепак, создавањето на овие системи е исклучително тежок процес, кој бара соочување со одредени проблеми. Дел од нив се однесуваат пред сè на карактеристиките на јазикот на кој е поставено прашањето, како и на изборот на соодветна метода за идентификување на документи каде што може да се најде неговиот одговор. Во продолжение на рецензијата следува кусо претставување на содржината на трудовите:

Во трудот под реден број 1 претставен е развојот на систем во кој се имплементирани три веќе докажани модели за пребарување информации. Целта на ова истражување е да се направи споредба на способноста на овие модели во идентификување на документи кои го содржат точниот одговор на прашања поставени на македонски јазик. Тие се тестирани врз тест-колекција на македонски јазик, која авторите ја креираат заради недостаток од таква околина за тестирање. Резултатите кои се добиени се мошне ветувачки и охрабрувачки за понатамошен развој и подобрување на системот со имплементација на други методи, како и развој на комплетно нов метод за пребарување информации на македонски јазик.

Во истражувањето претставено во трудот под реден број 2, авторите го испитуваат степенот на користење на информациско-комуникациските технологии во образовниот процес и наведуваат опсег на активности кои треба да се реализираат со цел да се обезбеди поквалитетно образование.

Во своите последни истражувачки активности, м-р Јовановска се насочува кон имплементацијата на алатки за обработка на природните јазици во системите за одговарање прашања. За таа цел, во истражувањето под реден број 3 се испитува какво е влијанието на зборoформите во македонскиот јазик во процесот на пребарување конкретна информација и на кој начин може да се подобри пребарувањето доколку во документите се појавуваат и зборови напишани на друг јазик. Резултатите потврдуваат дека спецификите на самиот јазик имаат силно влијание врз ефективноста на системот за одговарање прашања и тие не смеат да бидат занемарени. Трудот под реден број 3 е прогласен за најдобар во студентската сесија на интернационалната конференцијата CiiT одржана во Битола (април 2015), чија проширена верзија наскоро ќе биде испечатена во IEEE -списание.

Дополнителни анализи околу влијанието на морфологијата и синтаксата на македонскиот јазик во процесот на одговарање прашања се направени во трудот под реден број 4. Ова особено се однесува на примена на одредувањето на зборовната група на

зборoформите, како и користење на коренот на зборовите во процесот на одговарање прашања. Добиените резултати покажуваат дека точноста на системот за одговарање прашања поставени на македонски јазик значително се подобрува доколку се земат предвид различните форми во кои може да се појави еден збор.

## 3. Претходни избори во звање, наставна, педагошка и стручна дејност

По завршувањето на додипломските студии, м-р Јасмина Јовановска била ангажирана како демонстратор на група предмети кои ги покрива Одделот за математика и информатика на Машинскиот факултет во Скопје. Со Одлука на Наставно - научниот совет на 20.10.2005 година, избрана е во звањето помлад асистент на Факултетот за информатика на Европскиот универзитет – РМ. На 24.12.2008 година е реизбрана за помлад асистент на истиот Факултет каде што работела до март 2012 година. Од март 2012 до декември 2012 година е ангажирана преку договор за дело како демонстратор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Со Одлука на Наставно - научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, на 29.11.2012 година е избрана во соработничкото звање асистент од областа математички науки и информатички науки по предметите:

- основи на информатиката, за студиските групи одделенска настава и предучилишно воспитание, на македонски наставен јазик и
- информациска писменост, за студиската група библиотекарство.

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатката м-р Јасмина Јовановска доби позитива оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ согласно постапката за самоевалуација на Факултетот и одлуката за прифаќање на Извештајот од Комислијата за самоевалуација заведена под дел бр. 08-416/7 од 22.4.2015 година.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на погоре изнесените факти и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија проценува дека м-р Јасмина Јовановска од првиот избор за асистент на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје до денес многу успешно ги реализирала сите обврски и задачи за кои е избрана во звањето асистент. Таа совесно и самостојно ја извршува својата наставно-педагошка дејност. Нејзината научно истражувачка работа е во подем и со секој следен труд м-р Јовановска покажува дека се развива во успешен и надежен млад истражувач со големи капацитети.

Од тие причини, ни претставува чест и задоволство да му предложиме на Наставно – научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје да ја преизбере м-р Јасмина Јовановска во звањето асистент од областа математички науки и информатички науки, по предметите:

- основи на информатиката, за студиските групи одделенска настава и предучилишно воспитание, на македонски наставен јазик и
- информациска писменост, за студиската група библиотекарство.

Рецензентска комисија

Проф. д-р Катерина Здравкова с.р.

УКИМ, Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство, Скопје

Проф. д-р Наце Стојанов с.р.

УКИМ, Природно-математички факултет, Скопје

Проф. д-р Слаѓана Јакимовиќ с.р.

УКИМ, Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“, Скопје

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ-АСИСТЕНТ ОД ОБЛАСТА ОСНОВИ НА ТЕСНО-СТРУЧНИ ПРЕДМЕТИ, ПО ПРЕДМЕТОТ ОСНОВИ НА МУЗИЧКАТА КУЛТУРА СО МЕТОДИКА, ЗА СТУДИСКИТЕ ГРУПИ ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА И ПРЕДУЧИЛИШНО ВОСПИТАНИЕ, НА АЛБАНСКИ НАСТАВЕН ЈАЗИК, НА ПЕДАГОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје, на седницата одржана на 30.6.2015, донесе Одлука за формирање на Рецензентска комисија за избор во соработничко звање – асистент од областа основи на тесно-стручни предмети, по предметот основи на музичката култура со методика, за студиските групи одделенска настава и предучилишно воспитание, на албански наставен јазик, во состав:

1. проф. д-р Аида Ислам, претседател
2. вон. проф. д-р Владимир Талевски, член
3. вон. проф. д-р Бујар Саити, член.

На конкурсот објавен во дневните весници „Дневник" од 30.5.2015 година и весникот „Лајм" од 2.6.2015 година се пријави кандидатката м-р Мујесер Иљази.

По разгледувањето на целокупната документација што кандидатката ја достави во предвидениот рок со конкурсот, Рецензентската комисија има чест до Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје да го поднесе следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### Основни биографски податоци

М-р Мујесер Иљази е родена во Гостивар на 3.7.1973 година. По завршувањето на основното образование во ОУ „Исмаил Кемали" и средното образование во гимназија „Поповски" (сега СОУ „Гостивар") во Гостивар, во 1996 година се запишала на Музичкиот факултет при Универзитетот на уметностите во Тирана, Република Албанија. Дипломирала во 2000-та година и се стекнала со називот професор по музичка уменост. Натамошната професионална надградба ја реализира на Факултетот за музичка уметност во Скопје каде што се запишала на постдипломски студии на Одделот за сонологија и мултимедија. Магистерските студии ги завршила во 2011 година со трудот со наслов „Видеоколекција на детски музички игри кај албанската популација од Полог во 2011 година" под менторство на проф. д-р Димитрије Бужаровски. Во академската 2014/15

година, м-р Мујесер Илјази се запишала на докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на ЈНУ Институт за национална историја, на студиската група културна историја на Македонија (научно подрачје; хуманистички науки), каде што досега ги има положено испитите од прва година.

Работниот ангажман на м-р Мујесер Илјази започнува во 2000 година како наставник по музичко образование во ОУ „Исмаил Кемали" во Гостивар, во истурените паралелки во с. Симница и с. Балиндол. Во текот на нејзината работа во овие училишта, кандидатката се истакнува со својата активност подготвувајќи го училишниот хор за настапи по повод патрониот празник на училиштето, како и други свечени настани во општината и околината.

Во учебната 2009/2010 година, кандидатката м-р Мујесер Илјази е ангажирана како демонстратор по музичка теорија на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје по предметот основи на музичкото воспитување со методика, на албански наставен јазик. Оваа активност ја спроведува и во следната 2010/2011, како и во 2011/2012 година. На 29.11.2012 година, м-р Мујесер Илјази е избрана за асистент од областа основи на тесно-стручни предмети, по предметот основи на музичката култура со методика, за студиските групи одделенска настава и предучилишно воспитание, на албански наставен јазик, на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје. Во текот на својот повеќегодишен ангажман на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски", кандидатката м-р Мујесер Илјази се истакнува со висок професионализам кој доаѓа до целосен израз преку нејзината целосна посветеност и продлабоченост во работата со студентите, максималната исполнителност во реализацијата на нормативно-наставната програма, колаборативноста, како и комуникацијата со студентите и со наставниот кадар на Факултетот.

**Научноистражувачка дејност**

Со запишувањето на постдипломските студии, кандидатката м-р Мујесер Илјази изработува два труда кои не само што претставуваат значаен прилог кон музичката теорија, туку од големо значење е нивната апликативна вредност во наставата по музичко образование. Првиот труд е „Видеоколекција на женски свадбени песни од селото Симница, Гостиварско во 2010 година", во кој е направено снимање и архивирање на видео колекција на музички фолклор - женски свадбени песни на албански јазик. Значењето на овој труд произлегува од фактот дека дигиталното снимање, архивирање и каталогизирање претставуваат еден од најдобрите начини за зачувување и идентификување на културното наследство на одреден регион, во случајов свадбените песни на албанската заедница во Македонија. Овој процес претставува стратешки инструмент за презервација на музичката традиција во ова време на глобализација и модернизација, кои неоспорно влијаат врз модификацијата или исчезнувањето на културното наследство не само во урбаните, туку и во најизолираните рурални средини.

Од уште поголемо значење е трудот „Видеоколекција на детски музички игри кај албанската популација од Полог во 2011 година", со кој кандидатката м-р Мујесер Илјази се стекнала со академското звање магистер на музички науки. Овој труд, без дилеми,

претставува голем исчекор во сферата на воспитно-образовниот процес, преку збогатување на детскиот музички репертоар на албански јазик со еден музички жанр кој има значајна улога во развојниот процес на детската личност. Преку ова истражување е направено и првото архивирање на детската музичка игра во овој регион. Станува збор за помалку заборавен сегмент од културното наследство не само во нашата научна мисла, туку на светско ниво, иако проблематиката на детската музичка игра е предмет на интерес на повеќе хуманитарни дисциплини, имајќи ја предвид нејзината едукативна, естетска, психолошка и социјална вредност. Потребата за истражување на детската музичка игра и изработката на еден ваков труд е резултат на трансформацијата на детскиот свет на игра во електронските медиуми, преку кои се одвива целосното битисување на денешните деца. Со сево ова, овој труд претставува ретка можност за зачувување на она што е останато како музичко-културно наследство од овој вид во дадениот регион и на тој начин добива улога на архивска збирка од непроценлива вредност во опусот на детската музичка литература на албански наставен јазик.

Во 2014 година нејзиниот труд „Детски музички игри кај албанската популација од Полог во 2011 година" е објавен во научното списание „Просветно дело" во 2014 година (Скопје, 2014, год. LXVII, бр. 5, стр. 82-94).

Со свои излагања, предлози и сугестии, м-р Мујесер Илјази има остварено активно учество на повеќе научни собири, конференции од меѓународен карактер, одржани во Р. Македонија и во странство:

- „Innovations, Challenges and Tendencies in Post Modern Education" во Стара Загора, Бугарија (12 – 13 октомври 2013), со реферат на тема Video Collection of Children's Music Games of the Albanian Population from 2012;

- The 2nd International Conference „Education across Border – Critical Thinking in Education", Корча, Албанија (31 октомври - 1 ноември 2014) со реферат на тема „Songs and Traditions of Eminent";

- „9th International Balkan Education and Science Congress", Едирне, Турција (16-18 октомври 2014), со реферат на тема „Female Wedding Songs from Village of Simnica near Gostivar". Трудот претставува анализа на архивирана видеоколекција на музичкиот фолклор – 39 свадбени песни од руралните населби од околината на Гостивар. Колекцијата која содржи панорамски, говорни и музички материјали има особено значење за зачувувањето на наследената музичка традиција на популацијата од овој регион.

- „Practicum of Future Pedagogues, Teachers and Kindergarten Teachers in Multicultural Environments – Experiences and Challenges", Скопје (27-29 ноември 2014) со реферат на тема „ Video Collection of Children's Music Games of the Albanian Population of Polog";

- научен собир со меѓународно учество „Настава и наука у времену и простору" во Лепосавиќ, Р. Србија (6-7 март 2015), со реферат на тема „Развој на музичките игри кај децата". Во овој труд е направена каталогизација и анализа на 73 мелографи на

видеоколекција на детски музички игри на албанската популација во западна Македонија. Главната варијабла врз која се реализира истражувањето е ритмичката и мелодиската категорија во изведбата на музичките игри кај децата во овој регион, со што трудот претставува значаен придонес кон зачувувањето на музичкото културно наследство на оваа популација.

**Заклучок и предлог**

Проследувајќи ги вкупните прикази од страна на кандидатката низ кои непосредно се презентирани нејзините стручни, научни и професионални остварувања, Рецензентската комисија изгради заклучок дека кандидатката м-р Мујесере Илјази со својот вкупен стручен, научно-истражувачки и професионален опус и остварувања ги исполнува условите утврдени со односниот конкурс.

Рецензентската комисија ценеше дека кандидатката м-р Мујесер Илјази, покрај остварувањата што ги презентира со посочените прилози, како кандидат во својата професионална активност, таа има и позитивни резултати практично во процесот на образованието како демонстратор, а потоа и како асистент по предметот основи на музичката култура со методика на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје, во траење од шест години.

Врз основа на сето тоа, Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Аида Ислам, вонр. проф. д-р Владимир Талевски и вонр. проф. д-р Бујар Саити го донесе заклучокот со предлогот за избор во соработничко звање – асистент од областа основи на тесно-стручни предмети, по предметот основи на музичката култура со методика, за студиските групи одделенска настава и предучилишно воспитание, на албански наставен јазик на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје, и на ННС му ја предлага кандидатката м-р Мујесер Илјази за избор во горенаведеното звање.

**Рецензентска комисија**

Д-р Аида Ислам, редовен професор

на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје, с.р.

Д-р Владимир Талевски, вонреден професор

на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје, с.р.

Д-р Бујар Саити, вонреден професор

на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје, с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПРИМЕНЕТИ ПОЛИТИЧКИ НАУКИ НА ПОЛИТИЧКИТЕ СТУДИИ НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ" ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Правен факултет „Јустинијан Први", објавен во весниците „Дневник" и „Коха" од 15 јули 2015 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област применети политички науки на политичките студии, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, донесена на 26 август 2015 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Зоран Илиевски, вонреден професор на Правниот факултет „Јустинијан Први", д-р Јасна Бачовска-Недиќ, вонреден професор на Правниот факултет „Јустинијан Први" и д-р Владимир Божиновски, доцент на Правниот факултет „Јустинијан Први".

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област применети политички науки, во предвидениот рок се пријави само еден кандидат, асистент на Правниот факултет „Јустинијан Први", д-р Милена Апостоловска- Степаноска. Кандидатката во прилог на својата пријава ги достави сите потребни документи, претходно наведени во конкурсот: кратка биографија (CV); копија од одлука за стекнат научен степен доктор на науки, листа на научни и стручни трудови; примероци од трудовите; примероци од учества на меѓународни конференции и научни собири и сертификати и стекнати дипломи.

### 7. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката д-р Милена Апостоловска- Степаноска е родена на 10.8.1984 година во Скопје, Република Македонија. Средно образование завршила во гимназијата „Јосип Броз Тито" во 2003 година. Со високо образование се стекнала на Правниот факултет „Јустинијан Први", насока: правни студии, каде што се запишала во 2003 година. Дипломирала во 2008 година, со просечен успех 9,50, каде што се стекнала со стручниот назив дипломиран правник. За освоениот успех наградена е со плакета „Бронзен Јустинијан" за студент со најдобар просечен успех во генерацијата, во јануари 2010 година од деканот на Правниот факултет.

Во 2008 година се запишала на постдипломски студии по политички науки, насока: применети политики. На 5 декември 2011 година успешно го одбранила магистерскиот труд на тема „Институционалните промени во Европската унија со Договорот од Лисабон" и се стекнала со називот *магистер на политички науки од областа применети политики*. Постдипломските студии ги завршила со просечен успех 9,5.

Кандидатката активно говори и пишува англиски јазик, а има основни познавања од германскиот јазик. Се служи со повеќе компјутерски програми и апликации.

Докторска дисертација одбранила на 17.6.2014 година на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје. Дисертацијата на тема: *Институциите на Европската унија и европскиот*

*идентитет*, пред Комисија во состав: проф. д-р Билјана Поповска, проф. д-р Татјана Петрушевска, проф. д-р Марика Ристовска, проф. д-р Сашо Георгиевски и проф. д-р Јасна Бачовска Недиќ. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на правни науки.

Кандидатката била ангажирана како демонстратор на Катедрата за уставно право и политички систем на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје од 2006 до 2008 година, каде што учествувала во изведувањето на вежбите по предметите уставно право, политички систем, политички партии и интересни групи и конституционализам. Во 2009 година, кандидатката е избрана за помлад асистент на научната област применети политички науки на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, со одлука за избор во соработничко звање - помлад асистент, донесена од Наставно-научниот совет на седницата одржана на 4.6.2009 година. Во 2012 година е избрана во звањето асистент на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје на истата област (применети политички науки). Кандидатката има бројни стручно-апликативни активности, како и присуства на бројни домашни и меѓународни конференции и научни собири, семинари и работилници, во својство на учесник, но и предавач, модератор и говорник, за што говорат приложените сертификати.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот на УКИМ, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката врз основа на билтените и сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 8. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

### Наставно-образовна дејност

Наставно-образовната дејност на кандидатката д-р Милена Апостоловска-Степаноска, во рамките на Правниот факултет ,,Јустинијан Први" во Скопје , како што е погоре наведено, датира од 2006 година.

Во периодот од 2006 до 2008 година била ангажирана како демонстратор на Катедрата за уставно право и политички систем на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје, каде што учествувала во изведувањето на вежбите по предметите уставно право, политички систем, политички партии и интересни групи и конституционализам на додипломски студии.

Во 2009 година е избрана за помлад асистент на научната област применети политички науки на политичките студии на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје, со реферат за избор објавен во Билтен бр. 957 од 2.2.2009.

Во 2012 година, кандидатката д-р Милена Апостоловска- Степаноска година е избрана за асистент на истата научна област, применети политички науки на политичките студии на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје, со реферат за избор објавен во Билтен на УКИМ.

Кандидатката изведува настава, вежби и други активности на прв и на втор циклус студии на политичките науки, како и настава на прв циклус правни студии, студии по новинарство и студии на односи со јавноста.

На прв циклус студии по политички науки, кандидатката изведувала настава и вежби на предметите: политички партии и интересни групи, конституционализам, теории за мирот и конфликтите и политичка социологија. На втор циклус студии по политички науки, кандидатката изведувала вежби и консултации на предметите: применета политика; политичка анализа и вреднување на политики.

На прв циклус правни студии, кандидатката изведувала настава и вежби на предметите: уставно право; политички систем; социологија на правото, додека на студиите по новинарство и односи со јавност, кандидатката изведувала настава и вежби на предметите од прв циклус: слобода на изразување; интеркултурна комуникација и медиумите; новинарство во печатени и електронски медиуми; европски интеграции на Република Македонија и институции и право на ЕУ.

На двата циклуса студии, кандидатката наставата ја изведувала на македонски и на англиски јазик, соодветно на акредитацијата на програмите.

Д-р Милена Апостоловска Степаноска учествуваше во изготвување на новите програми на политичките студии за предметите: вреднување на политики; на предметите по новинарски студии: институции и право на ЕУ, европски интегации на Република Македонија од насоката односи со јавноста од новинарските студии, лобирањето и односите со јавноста и техники на односите со јавноста, при што придонесе во иновирање и усогласување на предметната материја со современите светски текови.

## Научноистражувачка дејност

Д-р Милена Апостоловска-Степаноска има објавено повеќе научни и стручни трудови од областа на политичките и правните науки, од кои два труда со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание, четири труда со оригинални научни резултати, објавени во стручно/научно популарно списание, дванаесет труда со оригинални научни резултати, објавени во стручно/научно популарно списание со меѓународен уредувачки одбор, четири труда со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор, еден труд објавен во зборник на трудови на високообразовна институција.

Д-р Милена Апостоловска-Степаноска учествувала во мегапроектот „Евроинтеграција на општествениот, правниот и политичкиот систем на Република Македонија” на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје.

## Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Д-р Милена Апостоловска- Степаноска активно е вклучена во стручно-апликативната работа на Македонскиот институт за европски студии, како основач и член на бордот од почетокот на 2013 година. Во рамките на дејноста на овој Институт, кандидатката учествувала во организирање на низа стручни и научни конференции, подготовка на проекти, стручни анализи и издавање на публикации.

Стручно усовршување во странство кандидатката остварила со студиските престои: Универзитет „European University Institute” во Фиренца, Италија, 2012 година, каде што како стипендист учествувала на престижната летна школа со работен наслов ,, General and Specialized Courses on European Union Law``.

Кандидатката е активно вклучена во работата на стручни комисии и работни групи на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје, и тоа како: секретар на колегиумот на магистерските студии по политички студии насоки: применети политики, европски институции и политики и заедничка магистерска програма за југоисточни европски студии; секретар на Советот на студиската програма од трет циклус на студии од областа на комуниколошките науки; секретар на јавни магистерски и докторски одбрани; член на комисии за попис и утврдување на паричните и другите форми на побарувања на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје; член на Комисија за изработка на наставна програма за новинарски студии на Правниот факултет

„Јустинијан Први" во Скопје; член на Организациониот одбор на Ораторска вечер "Иво Пухан"; дежурен соработник за потребите на Конкурсната комисија на Правниот факултет „Јустинијан Први", член на тимот за презентација на програмските студии на Правниот факултет „Јустинијан Први" на Саемот за високото образование во Скопје, како и на Отворениот ден на УКИМ.

Кандидатката учествувала како секретар на уредувачкиот одбор за издавање на Годишник посветен на животот и делото на проф. д-р Тодор Пеливанов и Годишникот посветен на 35 години од формирањето на студиите по новинарство на Правниот факултет.

## Оценка од самоевалуација

Оценките од спроведената евалуација на студентите за наставно – образовната дејност на д-р Милена Апостоловска-Степаноска во континуитет се (високо) позитивни.

| Учебна година | Предмет | Оцена |
|---|---|---|
| 2011/2012 | Социологија на правото | 3,8 |
| 2012/2013 | Социологија на правото | 4,51 |
| 2013/2014 | Социологија на правото | 4,46 |
| 2014/2015 | Социологија на правото | 4,46 |
| 2014/2015 | Европски интеграции на РМ | 4,0 |
| 2012/2013 | Политичка социологија | 4,6 |

## Заклучок и предлог

Врз основа на целокупната доставена документација и врз основа на соработката со кандидатката, посебно нејзиниот целокупен и долгогодишен ангажман во рамките на Правниот факултет ,,Јустинијан Први", Рецензентската комисија високо позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно- апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Милена Апостоловска- Степаноска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Милена Апостоловска-Степаноска поседува мошне значајни научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, потврдува дека не само што ги ги исполнува сите услови, туку ги надминува и треба да биде избрана во звањето доцент во научната област применети политички науки.

Според гореизнесеното, Комисијата има особена чест и големо задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Правниот факултет ,,Јустинијан Први" при УКИМ во Скопје, д-р Милена Апостоловска-Степаноска да биде избрана во звањето доцент во научната област применети политички науки.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

**Проф. д-р Зоран Илиевски с.р.**

**Проф.д-р Јасна Бачовска- Недиќ с.р.**

**Доц. д-р Владимир Божиновски с.р.**

# О Б Р А З Е Ц

# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** д-р Милена Апостоловска-Степаноска

**Институција:** Правен факултет „Јустинијан Први"- Скопје

**Научна област:** применети политички науки

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Настава во школи и работилници** | **5** |
| 1.1. | Предавач на семинарот "Европски институции и политики", организиран од Македонски институт за европски студии во Скопје, 20 април 2013 година. | 1 |
| 1.2. | Учество на летна школа организирана од ``European University Institute``(General and Specialized Courses on European Union Law) во Фиренца, Италија, јули 2012 година. | 1 |
| 1.3. | Учество на Jean Monet Seminar Advanced Issues of European Law, EU Enlargement: Identities, Values and Market, организиран од Inter-University Centre Dubrovnik во Дубровник, Хрватска, 22-28 април 2012 година. | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 1.4. | Учество на Jean Monet Seminar Advanced Issues of European Law- The First Year of the Treaty of Lisbon-Consolidation and Enlargement, организиран од Inter-University Centre Dubrovnik во Дубровник, Хрватска, 10-16 април 2011 година. | 1 |
| 1.5. | Учество на конференција: Balkan States Media Forum, организирана од Министерството за надворешни работи на Турција во Бурса, Турција, мај 2011 година. | 1 |
| 2. | **Одржување на вежби (лабораториски, клинички, аудиторски или изработка на семинарски труд)**[1] | **35.22** |
| 2.1. | **од прв циклус студии:**<br><br>**Уставно право (правни студии)**<br>учебна 2006/2007 2,5*15*0,03 = 1,13<br>учебна 2007/2008 2.5*15*0,03 = 1,13<br><br>**Политички систем (правни студии)**<br>учебна 2006/2007 2*15*0,03 (2.5 групи) = 2,25<br>учебна 2007/2008 2*15*0,03 (2.5 групи) = 2,25<br><br>**Конституционализам (политички студии)**<br>учебна 2006/2007 2,5*15*0,03 = 1,125 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | учебна 2007/2008 2,5*15*0,03 = 1,125<br><br>**Политички партии и интересни групи (политички студии)**<br><br>учебна 2006/2007 2,5*15*0,03 = 1,125<br><br>учебна 2007/2008 2,5*15*0,03 = 1,125<br><br>**Теории за мирот и конфликтите (политички студии)**<br><br>учебна 2009/2010 0,875*15*0,03 = 0,39<br><br>учебна 2010/2011 0,875 *15*0,03 = 0,39<br><br>**Политичка социологија (политички студии)**<br><br>учебна 2009/2010 0,875*15*0,03 = 0,39<br><br>учебна 2010/2011 0,875*15*0,03 = 0,39<br><br>учебна 2011/2012 0,875*15*0,03 = 0,39<br><br>учебна 2012/2013 0,875*15*0,03 = 0,39<br><br>учебна 2013/2014 0,875*15*0,03 (две групи) = 0,78<br><br>учебна 2014/2015 0,875*15*0,03(две групи) = 0,78<br><br>**Слобода на изразување (студии по новинарство)**<br><br>учебна 2009/2010 0.875 *15*0,03 = 0,39 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | учебна 2010/2011 0,875*15*0,03 = 0,39<br><br>учебна 2011/2012 0.875*15*0,03 = 0,39<br><br>учебна 2012/2013 0.875*15*0,03 = 0,39<br><br>**Интеркултурна комуникација и медиумите (студии по новинарство)**<br><br>учебна 2010/2011 0,75*15*0,03 = 0,34<br><br>учебна 2011/2012 0,75*15*0,03 = 0,34<br><br>**Новинарство во печатени и електронски медиуми (студии по новинарство)**<br><br>учебна 2010/2011 0,875 *15*0,03 = 0,39<br><br>учебна 2011/2012 0,875 *15*0,03 = 0,39<br><br>учебна 2012/2013 0,875 *15*0,03 = 0,39<br><br>**Социологија на правото (правни студии)**<br><br>Учебна 2010/2011 2*15*0,03 (две групи)= 1,8<br><br>учебна 2011/2012 2*15*0,03 (две групи) = 1,8 | |

| | | |
|---|---|---|
| | учебна 2012/2013 2*15*0,03 (три групи) = 2,7<br>учебна 2013/2014 2*15*0,03 (три групи) = 2,7<br>учебна 2014/2015 2*15*0,03 (три групи) = 2,7<br><br>**Европски интеграции на РМ (студии по новинарство- насока односи со јавноста)**<br>учебна 2013/2014 1.5*15*0,03 = 0,675<br>учебна 2014/2015 1.5*15*0,03 = 0,675<br><br>**Институции и право на ЕУ (студии по новинарство)**<br>учебна 2013/2014 1.5*15*0,03 = 0,675<br>учебна 2014/2015 1.5*15*0,03 = 0,675<br><br>**Вкупно** | 32.97 |
| 2.2. | **од втор циклус студии**<br><br>**ПОЛИТИЧКИ СТУДИИ**<br>**Вреднување на политики**<br>учебна 2012/2013 1,7 *15*0,03 = 0,75<br>учебна 2013/2014 1,7 *15*0,03 = 0,75<br>учебна 2014/2015 1,7 *15*0,03 = 0,75 | |

| | | |
|---|---|---|
| | **вкупно** | **2.25** |
| 3. | **Подготовка на нов предмет** | **2,5** |
| 3.1. | Вреднување на политики (наставна програма на македонски и англиски јазик) | 0,5 |
| 3.2. | Европски интеграции на Р.М | 0,5 |
| 3.3. | Институции и право на ЕУ | 0,5 |
| 3.4. | Лобирањето и односите со јавноста | 0,5 |
| 3.5. | Техниките на односите со јавноста | 0,5 |
| 4. | **Консултации со студенти**[2]<br><br>учебна 2006/2007 450*0,002 = 0,9<br>учебна 2007/2008 450*0,002 = 0,9<br>учебна 2009/2010 300*0,002 = 0,6<br>учебна 2010/2011 300*0,002 = 0,6<br>учебна 2011/2012 350*0,002 = 0,7<br>учебна 2012/2013 450*0,002 = 0,9<br>учебна 2013/2014 350*0,002 = 0,7<br>учебна 2014/2015 350*0,002 = 0,7 | **6** |

| | | |
|---|---|---|
| 5. | **Пакет материјали за одреден предмет** | **6** |
| 5.1. | Подготовка на пакет материјали за предметот институции и право на ЕУ за новинарски студии | 1 |
| 5.2. | Подготовка на скрипта за потребите на предметот европски интеграции на РМ | 4 |
| 5.3. | Подготовка на пакет материјали за вежби по предметот социологија на правото | 1 |
| | **ВКУПНО** | **54.72** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | **Учесник во национален научен проект** | **3** |
| 1.1. | Учесник во проектот ,,Евроинтеграција на општествениот, правниот и политичкиот систем на Р. Македонија" – мегапроект на Правниот факултет „Јустинијан Први"– Скопје. | 3 |
| 2. | **Учесник во меѓународен научен проект** | / |
| | | |
| 3. | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание** | / |

| | | |
|---|---|---|
| 4. | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во стручно/научно популарно списание** | / |
| 5. | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во стручно/научно популарно списание со меѓународен уредувачки одбор** | **16.8** |
| 5.1. | Petrushevska, Tatjana, Runcheva Tasev, Hristina and Apostolovska-Stepanoska, Milena. "Democratic Improvements of the European Parliament after the Lisbon Treaty Reforms: What has been Achieved?". *Iustinianus Primus Law Review*, n. 10, vol. VI, 2014. Available at: http://law-review.mk/pdf/10/Tatjana%20Petrushevska,%20Hristina%20Runcheva%20-%20Tasev,%20Milena%20Apostolovska%20-%20Stepanoska.pdf. | 2.4 |
| 5.2. | Naumovski, Vasko. Runcheva, Hristina. Apostolovska, Milena. "The Lisbon Treaty and its Impact on the Democratic Deficit in the EU". *Iustinianus Primus Law Review*, n. 6, year 4, 2013. Available at: http://www.law-review.mk/pdf/06/Vasko%20Naumovski,%20Hristina%20Runcheva,%20Milena%20Apostolovska.pdf. | 2,4 |
| | | |
|---|---|---|
| | **Учество во комисии и тела на државни и други органи** | |
| 1 | Член на Управен одбор на Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството од 17.7.2012 | 1 |
| 2 | Член на Институтска управа- Земјоделски институт, 2010- 2013 година | 1 |
| 3 | Член на потсекторски постојани групи за уредување на земјоделски пазари на зеленчук во Р. Македонија- МЗШВ | 1 |
| 4 | Член на Управен комитет на УНЕП/ГЕФ-проектот „Поддршка за имплементација на Национална рамка за биосигурност на Р. Македонија“ | 1 |
| 5 | Член на Комисијата за Правилник за трговија со саден материјал расад од градинарски растенија, 2014 | 1 |
| 6 | Член на Комисијата за описна листа на препорачани сорти за градинарски, зачински и зачински растенија, 2011 | 1 |
| 7 | Претседател на Комисијата за евалуација на Земјоделскиот институт за потребите на Ректоратот, 2010-2013 | 1 |
| 8 | Член на Националната сортна комисија за признавање и одобрување на сорти за поледелски и градинарски култури, 2003-2015. | 1 |
| 9 | Член на Комисијата за изработка на Правилник за составот и начинот на работата на стручната комисија за заштита на селекционерското право | 1 |
| 10 | Член на Комисијата за изработка на Правилник за постапката и методите за преиспитување на ДУС- тестот | 1 |
| | **Учество во изработка на национална програма од одредена област** | |
| 1 | Член за изработка на оперативна програма и годишна програма 2012 год ППГ | 3 |
| | **Вкупно** | **49,1** |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | **Поени** |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **150,3** |

| | |
|---|---|
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **115,3** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **49,1** |
| **Вкупно** | **314,7** |

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

**1. Проф. д-р Данаил Јанкуловски, редовен професор во пензија на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје с.р.**

**2. Проф. д-р Гордана Попсимонова, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје с.р.**

**3. Проф. д-р Соња Ивановска, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје с.р.**

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ (ДИСЦИПЛИНА) ЗЕЛЕНЧУК НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје при Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, објавен во весниците „Коха“ и „Дневник“ од 18.6.2015 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) зеленчук, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-1291/4, донесена на 2.7.2015, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Данаил Јанкуловски, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, во пензија, д-р Гордана Попсимонова, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје и д-р Соња Ивановска, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област зеленчук, во предвидениот рок се пријави еден кандидат, д-р Рукие Агич, вонреден професор во научната област зеленчук на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје

### 13. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката проф. д-р Рукие А. Агич е родена на 31.1.1964 г., во с.Зајас, Кичево. Основно образование и гимназија („Раде Јовчевски Корчагин“) завршила во Скопје. Со високо образование се стекнала на Земјоделскиот факултет во Скопје, на градинаро-цвеќарската насока. Дипломирала во 1987 година, со просечен успех 9,00, со што се стекнала со звањето дипломиран земјоделски инженер.

Постдипломски студии завршила на Земјоделскиот факултет во Скопје, на групата градинарство, со просечен успех 9,60. На 23.5.1996 година го одбранила магистерскиот труд на тема: „Споредбени испитувања на интродуирани полулути сорти кромиди (*Allium cepa* L.) во услови на Скопско", со што се стекнала со звањето магистер на земјоделски науки, група: градинарство.

Докторската дисертација на тема: „Зависност на растот и развитокот на зимските кромиди (*Allium cepa* L.) од агроклиматското подрачје и рокот на сеидбата" ја одбранила на 23.12.2005 година, на Земјоделскот факултет во Скопје, пред Комисија во состав: проф. д-р Данаил Јанкуловски, проф. д-р Ѓорѓи Мартиновски, проф. д-р Марија Чиркова Ѓорѓиевска, проф. д-р Мирко Михајловски и проф.д-р Гордана Попсимонова. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на земјоделски науки, од научната област зеленчук.

Од 1990 година е вработена како помлад асистент во Земјоделскиот институт во Скопје, Одделение за градинарство. Во 1997 година е избрана за асистент, а во 2006 година е избрана во звањето научен соработник (Билтен бр. 893). На 7.12.2010 година е избрана во звањето вонреден професор на Земјоделскиот институт во Скопје, во областа градинарство.

Од 2003 до 2013 година ја вршела функцијата раководител на Одделението за градинарство при Земјоделскиот институт во Скопје. Од 11.12.2013 година работи на Факултетот за земјоделски науки и храна.

Во моментот е вонреден професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, на Катедрата за градинарство и цвеќарство. Последниот реферат за избор во звањето во вонреден професор е објавен во Билтенот бр. 996 од 15.11. 2010 година.

Кандидатката, освен мајчиниот албански јазик, активно се служи со англискиот и турскиот јазик, и има солидни познавања од областа на информатиката и користењето на одредени компјутерски и статистички програми.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр. 674, бр. 779 од 11. 5 2001 година, бр.893 од 15.3. 2006 год., бр. 996 од 15. 11.2010 год., како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 14. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност, кандидатката д-р Рукие Агич е ангажирана во наставата на прв, втор и трет циклус студии на Факултетот за земјоделски науки и храна, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, и на втор циклус студии на Земјоделскиот институт во Скопје.

На Факултетот за земјоделски науки и храна во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, кандидатката изведува настава, консултации, колоквиуми и испити на прв циклус студии по предметите: градинарство на отворено, производство на семе и саден материјал од градинарски и цвеќарски растенија, доработка и контрола на зеленчук и цвеќе и екоградинарство на студиските програми: градинарство и цвеќарство, овоштарство и лозарство и екоземјоделство.

Кандидатката со успех ја изведува наставата на втор циклус едногодишни и двегодишни студии, на студиската програма растителна биотехнологија, по предметите: органско производство во градинарството, производство на семе и саден материјал, доработка и стандардизација во градинарство и цвеќарство на модулот градинарство и цвеќарство и складирање и чување на овошје и зеленчук (1/2) на модулите квалитет и безбедност на храна и преработка на овошје и зеленчук.

На третиот циклус студии предава одбрани поглавја по предметите: градинарски култури, технологии за производство на градинарски и декоративни растенија и послебербени процеси на градинарски и декоративни растенија.

Исто така, таа е вклучена на втор циклус студии на Земјоделскиот институт во Скопје, на програмата растително производство на два модула, и тоа: органско производство и семепроизводство на поледелски и градинарски растенија.

Кандидатката била ментор на 3 дипломски труда.

Исто така, учествувала како член во Комисија за оцена/или одбрана на 58 дипломски, 1 специјалистички и 9 магистерски трудови, како и на 4 докторски дисертации.

За поефикасно одвивање на наставата, кандидатката како автор има подготвено две интерни скрипти наменети за студентите од Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, со наслов: „Градинарство на отворено“ и „Доработка и контрола на зеленчук и цвеќе“. Исто така, се јавува како коавтор на четири интерни скрипти со наслов: „Општо градинарство и цвеќарство“, „Стандардизација на зеленчук и цвеќе“, „Познавање на зеленчукот“ и „Градинарство“, како и еден прирачник со наслов: „Потреба, оправданост и технологија на производство на пиперки во пластеници“. Проф. д-р Рукие Агич мошне активно учествувала како поканет предавач на повеќе работилници, стручни и научни собири.

**Други активности кои припаѓаат во наставно-образовната дејност, релевантни за изборот.**

**Конкретните активности се наведуваат во табелата во Анекс 2 (член 2) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.**

**<u>Научноистражувачка дејност</u>**

Научноистражувачката дејност на д-р Рукије Агич е фокусирана на одржливи технологии кај градинарски култури, селекција, генетски ресурси и органско земјоделство.

Како резултат на научноистражувачката работа во областа на селекцијата, кандидатката е автор на нова сорта кромид-АРЕРА.

Од последниот избор во звањето вонреден професор, до денес, како автор или коавтор, д-р Рукие Агич има објавено 31 научен и стручен труд во домашни и странски научни списанија или презентирани на научни собири во земјава и во странство. Шест научни трудови се објавени во научни списанија со меѓународен уредувачки одбор, 3 труда во референтни научни списанија со импакт-фактор (фактор на влијание), 11 труда во зборник на трудови со меѓународен уредувачки одбор, 2 труда во зборници од научни собири и 9 труда презентирани на научни/ стручни собири.

Во изминатиов период, д-р Рукие Агич била национален координатор на два меѓународни научни проекта и како учесник била дел од истражувачките тимови на два билатерални и два меѓународни проекта, како и на четири национални проекти.

Кандидатката била ментор на 3 магистерски труда.

**Други активности кои припаѓаат во научноистражувачката дејност, релевантни за изборот.**
**Називите на трудовите, проектите и сл. се наведени во табелата во Анекс 2 (член 3/член 4) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.**

**<u>Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес</u>**

Д-р Рукие Агич, како резултат на долгогодишната активност и работа, мошне активно е вклучена во стручно-апликативната дејност и дејностите од поширок интерес. Обавува бројни експертски активности: раководење, проценка и подготовка на извештаи за сортни опити од градинарски култури за признавање и одобрување на сорти на Националната сортна комисија на МЗШВ. Врши стручна контрола и издава сертификати за семенски посеви од градинарски култури. Кандидатката остварува експертски и промотивни активности во делот на генетските градинарски ресурси. Исто така, реализирала повеќе обуки и стручни совети за подобрување на

земјоделската практика кај градинарските култури во рамките на проектот: „Имплементација на договорното производство во вредносниот синцир за преработка на зеленчук“, финансирана од страна на УСАИД –АгБиз програмата, во партнество со Фондацијата –Агроцентар за едукација и консултантската фирма МЦГ.

Во текот на својата професионална кариера остварила стручно усовршување преку студиски престои и меѓународни курсеви во странство, во полето на органското производство, генетските ресурси, современите технологии на чување на зеленчук, меѓу кои поважни се:

- во САД, како Фулбрајтов стипендист, на Универзитетот Корнел во Итака, во период од една година, од јуни 2001 до јуни 2002, во рамките на Фулбрајтовата програма посетувала специјализација за органско производство;

- во Израел, како учесник на два меѓународни курса: 1. „ Intensive Vegetable Production Under Various Growing Conditions" кој се одржува во рамките на MASHAV програмата во Израел 2001; 2.The international R& D Course on Postharvest physiology, pathology & handling of fresh commodities. Volcani center of Agricultural Research Organization (ARO), Mashav, Cinadco 10.2.2014-6.3.2014 година;

- во Холандија престојувала во Меѓународниот центар за земјоделство (International Agricultural Centre) - Вагенинген, на три меѓународни курса -1. Introduction to potato Seed production and seed certification, 2. Organic Farming Systems: Analysis, Design and Management; во периодот од 9.06. до 4.07.2003 година, 3. Contemporary approaches to genetic resources conservation and use, во периодот од 12. 4. до 30. 4. 2010 година;

- во Египет на тринеделен студиски престој на тема “Agricultural development and Farm Management”, во организација на Египетскиот интернационален центар за земјоделство, 2003 година;

- во Италија- Бари, во рамките на меѓународниот проект „Sustainable development of fruit and vegetable productions“, посетувала обука за интегрално/органско производство во стакленици во (International Centre for Advanced Mediterranean Agronomic Studies), во периодот од 31.5. до 19.6.2004 година;

- во Јапонија, во рамките на JICA-програмата, посетувала специјализација на тема „Agricultural production and distribution for South East European Countries”, во Обихиро-меѓународниот центар, во периодот од 10. 9. до 28.10.2006 година;

- во Белгија, во рамките на European Union Visitors programme, престојувала во Европската комисија и Европскиот парламент во Брисел, од 8. 10. до 12.10. 2007 година;

- во Шведска –Алнарп, во рамките на SEEDNet-проектот го посетувала курсот „Gene bank management and operation“ во Шведскиот центар за биодиверзитет (CBM), во периодот од 19.5.2008 до 30.5.2008 година;

- во Романија, во генбанката на Сучеава, во рамките на SEEDnet-проектот, го посетувaла курсот „In situ and on farm conservation“ од 21 до 25. 09. 2009 година;

- во Турција- Измир, престојувала на 3rd International course on organic farming во организација на (IARTC with support of General Directorate of Agricultural Research and Policy (GDAR and MFAL), од 8 до 12.12.2014 година.

Особена активност кандидатката покажува во дејностите од поширок интерес. Членува во голем број меѓународни организации:

- Bioversity International, член на Работна група за Allium – ECP/GR, FAO со седиште во Рим, Р. Италија;
- раководител на Националната работна група за градинарство при SEEDNet (Southeast European PGR Network);
- заменик-претседател на Регионалната работна група за градинарски култури во SEEDNet (Southeast European PGR Network);
- член е на International Society for Horticultural Science (ISHS);
- член е на Macedonian American Alumni Assotiation;
- член на Управен комитет на УНЕП/ГЕФ- проектот „Поддршка за имплементација на Национална рамка за биосигурност на Р. Македонија“.

Учествува во комисии и тела на државни и други органи:

- член на Управен одбор на Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството од 17.7.2012 ( мандатен период од 4 години).
- член на Институтска управа на Земјоделскиот институт во периодот од 2010 до 2013 година.

Активно е вклучена во работата на стручни комисии и работни групи при МЗШВ:

- член на потсекторски постојани групи за уредување на земјоделски пазари на зеленчук во Р. Македонија- МЗШВ;
- член на Комисијата за Правилник за трговија со саден материјал и расад од градинарски растенија во 2014 година;
- член на Комисијата за описна листа на препорачани сорти за градинарски, зачински и зачински растенија во 2011 година;
- член на Националната сортна комисија за признавање и одобрување на сорти за поледелски и градинарски култури, од 2003 до денес;
- член на Комисијата за изработка на Правилник за составот и начинот на работата на стручната комисија за заштита на селекционерското право;
- член на Комисијата за изработка на Правилник за постапката и методите за преиспитување на ДУС- тестот;
- претседател на Комисијата за евалуација на Земјоделски институт за потребите на Ректорат од 2010/2013.

Член на комисија на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје:

- член на Комисија за настава во мандатниот период октомври 2014;
- член на Совет за студиски програми на трет циклус студии.

Член на организациски одбор на меѓународен симпозиум:

- член на Организациски одбор на меѓународен симпозиум на ISHS - 5th Balkan Symposium on vegetable and potatoes во Тирана, Албанија, 2011 година;
- член на Организациски одбор на меѓународниот симпозиум за земјоделство и храна, организиран од Факултетот за земјоделски науки и храна-УКИМ, 2015 година.

Кандидатката била член на 3 рецензентски комисии за избор на лица во наставно-научно звање.

Во изборниот период, д-р Рукие Агич како носител или соработник учествувала во изготвување и пријавување на 4 научни-стручно-апликативни проекти на МОН и 4 меѓународни проекти.

**Други активности од Анекс 1 кои припаѓаат во стручно-апликативната дејност и дејноста од поширок интерес, релевантни за изборот.**
**Конкретните активности се наведени во табелата во Анекс 2 (член 5) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.**

**Оценка од самоевалуација**

За професионалноста и посветеноста во работата со студентите, кандидатката д-р Рукие Агич добива позитивни оценки при спроведената самоевалуација, а на последната анонимна анкета на студентите спроведена на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, во учебната 2014/2015 година, беше оценета со просечна оценка 9,82.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Рукие Агич.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Рукие Агич поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето редовен професор во научната област зеленчук.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, д-р Рукие Агич да биде избрана во звањето **редовен професор** во научната област зеленчук.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

**1. Проф. д-р Данаил Јанкуловски, редовен професор во пензија на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје с.р.**

**2. Проф. д-р Гордана Попсимонова, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје с.р.**

**3. Проф. д-р Соња Ивановска редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје с.р.**

## ОБРАЗЕЦ

## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: д-р РУКИЕ АЗЕМ АГИЧ**
(име, татково име и презиме)

**Институција: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје, Институт за растителна биотехнологија**
(назив на факултетот/институтот)

**Наставно-научна област: зеленчук**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Реден број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| | **Одржување на настава од прв циклус студии** | |

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Одржување на настава од прв циклус студии: Градинарство на отворено 3+0, студиска програма градинарство и цвеќарство, ФЗНХ- Скопје, 2010/11; 2011/12; 2012/13; 2013/14; 2014/15 | 9 |
| 2 | Одржување на настава од прв циклус студии: Градинарство на отворено 3+0, студиска програма градинарство и цвеќарство, ФЗНХ-Струмица 2010/11 | 1,8 |
| 3 | Одржување на настава од прв циклус студии: Градинарство на отворено 3+0, студиска програма овоштарство и лозарство, летен семестар (IV) , ФЗНХ-Скопје 2013/14, 2014/15 | 3,6 |
| 4 | Одржување на настава од прв циклус студии: Производство на семе и саден материјал 3+0, студиска програма градинарство и цвеќарство, летен семестар (VIII), ФЗНХ- Скопје, 2010/11 ; 2011/12; 2012/13; 2013/14; 2014/15 | 9 |
| 5 | Одржување на настава од прв циклус студии: Производство на семе и саден материјал 3+0,студиска програма градинарство и цвеќарство, ФЗНХ-Струмица 2010/11 | 1,8 |
| 6 | Одржување на настава од прв циклус студии: Доработка и контрола на зеленчук и цвеќе, 3+0,студиска програма градинарство и цвеќарство, зимски семестар(VII), ФЗНХ-Скопје 2013/14; 2014/15 | 3,6 |
| 7 | Одржување на настава од прв циклус студии: Градинарство 3+0,студиска програма градинарство и цвеќарство, летен семестар(и), ФЗНХ-Скопје 2012/13 | 1,8 |
| 8 | Одржување на настава од прв циклус студии: Екоградинарство 4+0, зимски семестар (VII) ФЗНХ- Скопје 2011/12; летен семестар(VI) 3+0, 2012/13; 2013/14, 2014/15, студиска програма екоземјоделство ФЗНХ- Скопје | 7,2 |
| 9 | Одржување на настава од прв циклус студии: Екоградинарство 3+0, летен семестар (VI) , студиска програма: град- цвеќарска(и), заштита на растенија(и), 2014/15, ФЗНХ- Скопје | 3,6 |

| | | |
|---|---|---|
| 10 | Одржување на настава од прв циклус студии: Стандартизација на зеленчук и цвеќе 3+0, летен семестар (VIII) , студиска програма град- цвеќарска, 2013/14, ФЗНХ- Скопје | 1,8 |
| | **Одржување на настава од втор циклус студии** | |
| 1 | Одржување на настава од втор циклус едногодишни студии: Органско производство во градинарството и цвеќарството(5+0), модул градинарство и цвеќарство, (ФЗНХ) | 3,75 |
| 2 | Одржување на настава од втор циклус едногодишни студии: Складирање и чување на овошје и зеленчук (4+0) 1/2, модул квалитет и безбедност на храна и преработка на овошје и зеленчук, (ФЗНХ) | 3 |
| 3 | Одржување на настава од втор циклус двегодишни студии: Доработка и стандардизација во градинарство и цвеќарство(5+0), модул градинарство и цвеќарство, (ФЗНХ) | 3,75 |
| 4 | Одржување на настава од втор циклус двегодишни студии: Органско производство во градинарството и цвеќарството (5+0), модул градинарство и цвеќарство, (ФЗНХ) | 3,75 |
| 5 | Одржување на настава од втор циклус двегодишни студии: Производство на семе и саден материјал(5+0), модул градинарство и цвеќарство, (ФЗНХ) | 3,75 |
| 6 | Одржување на настава од втор циклус двегодишни студии: Складирање и чување на овошје и зеленчук (4+0) 1/2, модул: квалитет и безбедност на храна и преработка на овошје и зеленчук, (ФЗНХ) | 3 |
| 7 | Одржување на настава од втор циклус студии: Основи на органско растително производство (3+2), програма растително производство, модул органско производство- Земјоделски Институт 2011/12 | 2,25 |
| 8 | Одржување на настава од втор циклус студии: Органско производство на градинарски култури ((4+2), Програма растително производство, Модул органско производство- Земјоделски Институт 2011/12, 2012/13, 2013/14, 2014/15 | 9 |

| | | |
|---|---|---|
| 9 | Одржување на настава од втор циклус студии: - Селекција и семепроизводство на градинарски растенија(4+2) ½, Програма растително производство, модул Семепроизводство на поледелски и градинарски растенија, Земјоделски Институт 2012/13, 2013/14, 2014/15 | 4,5 |
| 10 | Одржување на настава од втор циклус студии: - Селекција на градинарски растенија(4+2) ½, Програма растително производство, модул Семепроизводство на поледелски и градинарски растенија, Земјоделски Институт2012/13, 2013/14, 2014/15 | 4,5 |
| 11 | Одржување на настава од втор циклус студии: - Семепроизводство на градинарски растенија(4+2) ½, Програма растително производство, модул Семепроизводство на поледелски и градинарски растенија, Земјоделски Институт2012/13, 2013/14, 2014/15 | 4,5 |
| 12 | Одржување на настава од втор циклус студии: - Стручна контрола на семенските посеви кај градинарски растенија(4+2) 1/2, Програма растително производство, модул Семепроизводство на поледелски и градинарски растенија, Земјоделски Институт | 4,5 |
| | **Настава во школи и работилници** | |
| 1 | Работилница: ДИЗ Обука на инспектори: Раститително органско производство од 23-24.11.2011, МЗШВ- проект на Светска банка, - предавач. | 1,5 |
| 2 | Обука на фармери: Органско производство и примена на ДЗП)16-17.5.2014 Slow food, Preda-предавач. | 1,5 |
| 3 | Обука на фармери: Добра земјоделска пракса кај кромид и технологија на производство и чување на кромид (досегашна и препорачана пракса). ФФРМ, ФАЦЕ и KASH-предавач. | 1,5 |
| 4 | Работилница со ученици од средни школи рамките на проект: Adopt a park- Reality show and green academy for environemental actions 2012-Allumni engagement inovation fund- предавач. | 1,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | | |
| 5 | Workshop on vocational training organized in cooperation with Agency for financial support in agriculture and rural development 7.02.2012 TAIEX- учесник. | 1 |
| 6 | Работилница: изработка на годишна програма за Потсекторска група за овошје и зеленчук 5-6.4.2012 (учесник). | 1 |
| 7 | Работилница: Картагенски протокол за биосигурност- основни барања, меѓународни обврски и правни инструменти. Workshop on Cartagena Protokol on Biosafety- the minimum reguirements, international oblications and regulatory instrumentsУНЕП/ГЕФ-проект „Поддршка на имплементација на Националан рамка за биосигурност во РМ“, 20-21.12.2012. | 1 |
| 8 | Работилница за подготовка на предлог за модификација на националните програми за поддршка и ИПАРД 19- 20.2.2013. | 1 |
| 9 | Работилница: Тркалезна маса за Закон за квалитет на земјоделски производи и подзаконски акти кои ја регулираат областа од овошје и зеленчук, Сириус- Струмица 16 -17.4. 2013. | 1 |
| 10 | SAA Macedonia Implementation Training 2013 Workshop 4: Seed, Propagation material and Plant Variety Rights 12-13.11.2013 –учесник. | 1 |
| 11 | Multi beneficiary program on the Participation of EU Candidate countries in the CPVO, Activity MK-17:2013 Expert meeting vegetable crops 2-3.12.2013 Анже- Франција. | 1 |
| 12 | Multi beneficiary program on the Participation of EU Candidate countries in the CPVO, Activity MK-20:2013; 17th annual meeting between CPVO and its examination offices 4-5.12.2013 Анже- Франција. | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 13 | Работилница на тема „Процена и управување со ризикот - ГМО“, која се спроведува во рамки на УНЕП/ГЕФ Проектот “Поддршка за имплементацијата на Националната рамка за биосигурност на Република Македонија”.8-10.4.2014, хотел „Радика“. | 1 |
| | **Подготовка на нов предмет (предавања)** | |
| 1 | Еко градинарство (прв циклус студии) | 1 |
| 2 | Доработка и контрола на зеленчук и цвеќе (прв циклус студии) | 1 |
| 3 | Градинарство на отворено (прв циклус студии) | 1 |
| 4 | Производство на семе и саден материјал кај град. и цвеќ растенија (прв циклус студии) | 1 |
| 5 | Основи на органско растително производство(втор циклус студии) | 1 |
| 6 | Органско производство на градинарски култури (втор циклус студии) | 1 |
| | **Консултации со студенти на прв циклус студии во учебна година** | |
| 1 | Консултации со студенти на прв циклус студии во учебна година: 2010/11, 2011/12, 2012/13, 2013/14, 2014/15 | 0,424 |
| 2 | Консултации со студенти на втор циклус студии во учебна година: 2009/10, 2010/11, 2011/12, 2012/13 и зимски семестар во 2013/14 | 0,02 |
| | **Ментор на дипломска работа** | |
| 1 | Ментор на 3 дипломски работи: 1.Марија Јовчевска, 2.Димитрије Мијатовиќ, 3.Анче Ангеловска | 0,6 |
| | **Член на Комисија за оцена или одбрана на докторат** | |

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Член на Комисија за оцена и одбрана на докторат: 1.Фиданка Трајкова, 2.Гафур Ајрули, 3.Звезда Богевска, 4.Дијана Стојковска | 2 |
| | **Член на Комисија за оцена или одбрана на магистратура** | |
| 1 | Член на Комисија за оцена и одбрана на магистерски труд: 1.Томе Тимов, 2.Јашка Ибраим, 3.Билјана Ристовска, 4.Афродита Ибушоска, 5.Тања Георгиева, 6.Гоце Ѓеоргиевски, 7.Штерјо Николов, 8.Зоран Јосифовски, 9.Силвија Накова | 2,7 |
| 2 | Член на Комисија за оцена и одбрана на специјалстички труд: 1. Сувери Фазлија | 0,3 |
| | **Член на Комисија за оцена или одбрана на дипломска работа** | |
| 1 | Член на Комисија за оцена или одбрана на дипломски работи- 58 | 5,8 |
| | **Интерна скрипта од предавања** | |
| 1 | Градинарство на отворено- автор | 4 |
| 2 | Доработка и контрола на зеленчук и цвеќе- автор | 4 |
| 3 | Општо градинарство и цвеќарство- коавтор | 4 |
| 4 | Стандардизација на зеленчук и цвеќе- коавтор | 4 |
| 5 | Познавање на зеленчукот- коавтор | 4 |
| 6 | Градинарство- коавтор | 4 |
| | **Вкупно** | **150,3** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Реден број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| | **Ментор на магистерска работа** | |
| 1 | Ментор на магистерска работа: 1.Ацо Иванов, 2. Марија Здравковска, 3. Марјанчо Црвенковски (3x1) | 3 |
| | **Национален координатор на меѓународни научни проекти** | |
| 1 | Multilateral joint expedition: Collection, Characterization and regeneration of indigenous onion (Allium cepa L.) and leek Allium porrum L. germplasm for further ex-situ conservation 2007/ 2010 SIDA, SEEDNet регионален координатор | 6 |
| 2 | South East European Solanaceae Germplasm Collection, Conservation and Sustainable Use, regional project financed by CBM,2007-2010, национален координатор | 6 |
| | **Учесник во меѓународни проекти** | |
| 1 | South Eastern European Development Network for Crop Genetic Resources", SEEDNET, 2006-2011 Раководител на работна група за градинарски култури | 5 |
| 2 | Развојна студија на градинарски ресурси помеѓу Р. Македонија и Кина - Cooperation on study and develop of vegetable resources between R. of Macedonia and China билатерален 2013-2015 | 5 |
| 3 | Exchange and Evaluation of Special Species of Agricultural Product Resources and Cereals in the Republic of Macedonia and Yellow River Delta of China- билатерален 2013-2015 | 5 |
| 4 | TOURTASTE EU support to regional Economic development in Kosovo Tourism and Taste- EU project-implemented by ASB and Preda 2014- consultant | 5 |
| 5 | Experience the Healthy Rural Life IPA-EU project, implemented by FFRM and KASH, 2014- соработник | 5 |
| | **Учесник во национални проекти** | |
| 1 | The Agriculture Strengthening and Accession Project (ID. P101216) -Consultant for training on crop organic production for State Agricultural Inspectorate in MAFWE , World Bank, 2011 | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| 2 | Introduction of new varieties and new vegetable production technologies- USAID – The Agbiz program, 2012 | 3 |
| 3 | Карактеризација на автохтониот фонд од земјоделски култури во Република Македонија УКИМ, 2013 | 3 |
| 4 | Влијание на климатските промени врз земјоделското производство во Р Македонија и мерки за адаптација УКИМ, 2014 | 3 |
| | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание** | |
| 1 | **Agic Rukie**, Bogevska Zvezda, Ibusoska Afrodita. 2013. Comparison of several watermelon (*Citrullus lanatus Thunb.)* hybrids in the Republic of Macedonia Agro-knowledge- Journal, 335-343. | 3,2 |
| 2 | Ristovska Biljana, Brindza Jan, Abrahamova Vlasta, **Agic Rukie**. 2013. Variability of flower traits in some heirloom pepper (*Capsicum annuum L.*) varieties from south-eastern Balkan region. Agrobiodiverzita, 127-133 | 2,4 |
| 3 | **Rukie Agic**, Gordana Popsimonova, Mirjana Vasić, Jelica Gvozdanović Varga, Vida Todorovic, Stephan Neykov, Astrit Balliu, Zdravko Matotan, Lutvija Karic Maria Calin, Jelka Šuštar-Vozlič, Skender Kaciu, Dukagjin Zeka. 2015. Collecting of onion (*Allium cepa L.*) and leek (*Allium porrum L.)* landaraces in South Eastern Europe for further ex-situ conservation. Journal Scientific Study and Research. Biology, the 24th volume, no. 1, pg.8-14. | 2,4 |
| 4 | **Rukie Agic**, Gordana Popsimonova, Zvezda Bogevska, Margarita Davitkovska, Afrodita Ibusoska. 2015. Utilization of onion landraces in the Republic of Macedonia for dehydration and chilling. Journal Scientific Study and Research. Biology, the 24th volume, no. 1, pg. 5-7. | 2,4 |
| 5 | Bogevska Zvezda., Martinovska Stojcheska Aleksandra., Alcinov T., **Agic Rukie,** 2012. Determination of the most favorable moment for selling of onion type arshlama. Contemporary agriculture. Novi Sad.Vol. 61special ISSN: 0350-1205. UDC: 63(497.1)(051)-"540.2" COBISS.SR-ID 256386, p.57-63 | 2,4 |
| 6 | Martinovski Gj., Jankulovski D., **Agic Rukie**., Zvezda Bogevska, 2012. Production, consumption and necessity of storage of fresh vegetable in R. Macedonia. Contemporary agriculture. Novi Sad.Vol. 61special ISSN: 0350-1205. UDC: 63(497.1)(051)-"540.2" COBISS.SR-ID 256386, p. 7-13 | 2,4 |

| | | |
|---|---|---|
| | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор** | |
| 1 | Marko Maras, Barbara Pipan, Jelka Šuštar-Vozlič, Vida Todorović, Gordana Đurić, Mirjana Vasić, Suzana Kratovalieva, Afrodita Ibusoska, **Rukie Agić**, Zdravko Matotan, Tihomir Čupić, Vladimir Meglič. 2015. Examination of genetic diversity of common bean from Western Balkans Journal of the American Society for Horticultural science (JASHS) 140(4): 308-316. IF=1,276 за 2014/2015 (6 поени + ИФ) | 4,876 |
| 2 | Zvezda Bogevska, **Rukie Agic,** Gordana Popsimonova, Margarita Davitkovska, Igor iljovski Physiological losses during storage of sweet onion in R. Macedonia. 2014. Agriculture & Forestry, Vol.60 Issue 4, 149-154. IF=1,5403 | 5,14 |
| 3 | Nataša Mirecki, Ilić S. Zoran, Ljubomir Šunić, **Agič Rukie**. 2015. Nitrate content in carrot, celeriac and parsnip at harvest time and during prolonged cold storage. Fresenius Environmental Bulletin. Vol.24. No.10. IF=0,527 | 4,127 |
| | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор** | |
| 1 | **R. Agic**, G. Popsimonova, A. Ibusoska, Z. Bogevska, M. Davitkovska, B. Ristovska, I. Iljovski, G. Georgievski, 2012. Perspectives of the Organic Production in Macedonia. Acta Horticulturae 960, 263-268. | 1,8 |
| 2 | **R. Agic**, G. Popsimonova, S. Kratovalieva, A. Ibusoska, M. Davitkovska, B. Ristovska, D. Jankulovski, M. Jankulovska, I. Iljovski, Z. Bogevska, J. Ibraim, 2012. Assessment of Genetic Diversity among Macedonian Tomato (*Lycopersicon esculentum Mill.)* Landraces. Acta Horticulturae 960, 73-76. | 1,8 |
| 3 | Gordana Popsimonova, **Rukie Agic,** Afrodita Ibusoska, Slobodan Bandzo, Margarita Davitkovska, Biljana Ristovska, Igor Iljovski, Goce Georgievski . 2012. Greenhouse Production in Macedonia - Challenges and Opportunities Acta Horticulturae 960, 277-280 | 1,8 |
| 4 | Margarita Davitkovska, Gordana Popsimonova, **Rukie Agic,** Zvezda Bogevska, Igor Iljovski. 2014. Examination of seedlings quality of (*Pelargonium x hortorum l. H. Bail.*) treated with different fertilizers Fifth International Scientific Agricultural Symposium " Agrosym 2014 | 1,8 |
| 5 | Bogevska Zvezda, **Agic Rukie**, Biljana Ristovska, Afrodita Ibusoska, Margarita Davitkovska, Igor Iljovski. 2013. Agronomic Traits of Some Newly Pepper Varieties and Hybrids in Republic of Macedonia. International Symposium for Agriculture and Food, Symposium Proceedings, Ss. Cyril and | 1,8 |

| | | |
|---|---|---|
| | Methodius University in Skopje, Faculty of Agricultural Sciences and Food-Skopje, Macedonia, 491-502 | |
| 6 | Ibusoska Afrodita, **Agic Rukie**, Bogevska Zvezda, Ristovska Biljana. 2013. Yield and yield components of newly tomato hybrids in Republic of Macedonia. International Symposium for Agriculture and Food, Symposium Proceedings, Ss. Cyril and Methodius University in Skopje, Faculty of Agricultural Sciences and Food-Skopje, Macedonia, 451-460 | 1,8 |
| 7 | Timov Tome, **Agic Rukie**, Bogevska Zvezda. 2013. Yield potential of some introduced cabbage hybrids for spring production. International Symposium for Agriculture and Food, Symposium Proceedings, Ss. Cyril and Methodius University in Skopje, Faculty of Agricultural Sciences and Food-Skopje, Macedonia, 461-465 | 2,4 |
| 8 | Ivanovska S., Jankulovska M., Ajruli G., Popsimonova G. Kratovalieva S., **Agic R.** 2013. Genetic variability of some morphological and productive traits of local bean populations (*Phaseolus vulgaris L.*) Symposium proceedings International Symposium for agriculture and food, pp 608-618. | 1,8 |
| 9 | Ibraim Jaska, **Agic Rukie**, Iljovski Igor Characterization of beef tomato landraces in the R. Macedonia. 2013. Symposium proceedings International Symposium for agriculture and food, 478-483. | 2,4 |
| 10 | **Rukie Agic**, Gordana Popsimonova Current status and future perspectives of vegetable genetic resources in R. Macedonia. 2013. Symposium proceedings International Symposium for agriculture and food, 522-529 | 2,4 |
| 11 | Jankulovski Danail, Hadji- Pecova Stefanka, martinovski Gjorgi, Popsimonova Gordana, **Agic Rukie**. 2013. Recent trends in vegetable and flower crop production in Republic of Macedonia Symposium proceedings International Symposium for agriculture and food, 512-521 | 1,8 |
| | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир** | |
| 1 | **Рукие Агич**, Ѓорѓи Мартиновски, Звезда Богевска, Ранкица Божиновска, Маргарита Давитковска, Афродита Абушоска, Игор Иљовски. 2011. Превенција од проникнување на кромидот во текот на чувањето со примена на ретардант за пораст во гостиварско (Р. Македонија). Зборник на трудови и презентации од второто советување и работилница „Чувањето на свеж зеленчук, овошје и грозје важна компонента на извозниот потенцијал", Скопје, стр. 55-58. | 1,2 |
| | **Труд објавен во зборник на трудови на в.о. институција** | |

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Звезда Богевска, Маргарита Давитковска, Гордана Попсимонова, **Рукие Агич**, Томе Тимов, Игор Иљовски, Биљана Ристовска, Гоце Георгиевски, 2011. Мерки за заштеда на енергијата во градинарското производство во заштитени простори. Годишен зборник на Факултетот за земјоделски науки и храна, Универзитет ”Св. Кирил и Методиј ”- Скопје, година 56 volume, 39-46 | 1,2 |
| | **Секциско предавање на стручен собир** | |
| 1 | Празијада 2011 во с. Режановце Куманово, тема: Празот како здрава еколошка храна, подржано USAID и Мрежа за Рурален развој на Р. Македонија | 2 |
| | **Учество на научен/стручен собир со реферат** | |
| 1 | **Rukie Agic.** 2012. Organic agriculture in Macedonia- challenges, opportunities and obstacles. 4th International conference on the organic sector development in Central/Eastern European and Central Asian Countries Izmir Turkey 12-15.04.2012 | 1 |
| 2 | Gordana Popsimonova, **Agic Rukie**, Goce Georgievski, Dame Dimitrovski. 2014. The Greenhouse Sector Development in the Republic of Macedonia Septemvri 29-2 oktober Zagreb 6 BSVP | 1 |
| 3 | **Agic Rukie**, Gordana Popsimonova, Sonja Ivanovska, Suzana Kratovalieva.Vegetable genetic resources: before, during and after SEEDNET. SeedNet Workshop/Meeting “SeedNet - the Way Ahead” on November 5th and 6th, 2014, 4-6.11.2014 Ljubljana | 1 |
| 4 | Suzana Kratovalieva, Gordana Popsimonova2, Sonja Ivanovska, **Agic Rukie**, Ana Selamovska. Sustainable use of PGRFA in Republic of Macedonia after SeedNet project realization SeedNet Workshop/Meeting “SeedNet - the Way Ahead” on November 5th and 6th, 2014, 4-6.11.2014 Ljubljana | 1 |
| 5 | Zvezda Bogevska, **Rukie Agic,** Gordana Popsimonova, Margarita Davitkovska, Igor Iljovski 2014. Determination of marketable bulbs of onion “buchinska arshlama” which was stored traditionally and in cold rooms Scientific conference" Challenges in modern agriculture production"- Institute of Agriculture ( постер презентација) | 0,5 |
| 6 | Afrodita Ibushoska, Biljana Drvoshanova, Sonja Ivanovska, **Rukije Agic**. 2014. Vegetation period and different phenology stages in macedonian local bean populations (*Phaseolus vulgaris L.*) "Scientific conference „Challenges in modern agriculture production"- Institute of Agriculture ( постер презентација) | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | **Апстракт објавен во зборник на конференција** | |
| 1 | Gordana Popsimonova, Margarita Davitkovska, Stefanka Hadzi-Pecova, **Rukie Agic**, Zvezda Bogevska. 2011. Examination of substrates in the production of seedlings of Petunia hybrida grandiflora hort. 5 Balkan Symposium on Vegetables and Potatoes, Tirana- Albania. | 1 |
| 2 | Gafur Ajruli, **Rukie Agic**, Mirjana Vasic. 2011. Variability of productivity characters of local common beans genotypes (Phaseolus vulgaris) of Kicevo region. 5 Balkan Symposium on Vegetables and Potatoes, Tirana- Albania. | 1 |
| 3 | Biljana Ristovska, **Agic Rukie**, Igor Iljovski1, Bogevska Zvezda, Margarita Davitkovska, Stojkovska Dijana.2012. Overview of grafted vegetable seedlings use in the R Macedonia. 65 Years faculty of agricultural sciences and food. International Symposium for agriculture and food 12-14 December,2012 Skopje, R. Macedonia | 1 |
| | **Вкупно** | **115,3** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| Реден број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| | **Книга од стручна област** | |
| 1 | Прирачник: Потреба , оправданост и технологија на производство на пиперки во пластеници 2013, Скопје ЦИПОЗ, USAID- Agbiz program, коавтор | 7 |
| | **Експертски активности** | |
| 1 | Експертски активности: Раководење, проценка и подготовка на извештаи за сортови опити од градинарски култури за признавање и одобрување од Национална сортна комисија при МЗШВ, 2010/11 | 1 |
| | **ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | |
| | **Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен / стручен собир** | |

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Член на организационен одбор на меѓународен научен собир: ISHS - 5th Balkan Symposium on vegetable and potatoes, Тирана, 2011 година | 1 |
| 2 | Член на организационен одбор на Меѓународниот симпозиум за земјоделство и храна, организиран од Факултетот за земјоделски науки и храна-УКИМ, 2015 година | 1 |
| | **Студиски престој во странство** | |
| 1 | Israel- 10.02.2014-6.03.2014. The international R& D Course on Postharvest physiology, pathology & handling of fresh commodities. Volcani center of Agricultural Research Organization (ARO), Mashav, Cinadco | 0,5 |
| 2 | Menemen, Izmir -Turkey 8-12..12.2014. 3rd International course on organic farming- organized by IARTC with support of General Directorate of Agricultural Research and Policy (GDAR and MFAL) | 0,5 |
| | **Членство во извршно тело на меѓународна организација која поддржува/ организира научноисражувачка дејност** | |
| 1 | Раководител на националната работна група за градинарство при SEEDNET (Southeast European PGR Network) 2006/2011 | 4 |
| 2 | Член на Bioversity International za Allium Working Groups –ECP/GR, FAO со седиште во Рим, Р. Италија | 2 |
| 3 | Заменик претседател на регионалната работна група за градинарски култури при SEEDNET (Southeast European PGR Network), 2006/2011 | 2 |
| | **Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект** | |
| 1. | Одржување и можност за мултифункционално користење на зачински градинарски култури- раководител, МОН, 2011 | 1 |
| 2. | Импакт на супстратни технологии на одгледување врз приносот и квалитетот на локално одгледуван домат – учесник, МОН, 2011 | 0,5 |
| 3. | Содржина на тешки метали во почви, земјодлески култури и тревници во близина на металуршкиот комбинат за олово и цинк од Велес –учесник, МОН, 2011 | 0,5 |
| 4. | Одржливо земјоделство за еколошки здраво езеро-учесник МЖСУП-2011 | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | **Изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект** | |
| 1. | Билатерален проект со Р. Бугарија: Генетски ресурси во градинарските, медицинските и ароматични растенија, 2010-2012, носител | 2 |
| 2. | UNESCO: Educating, Training and Building capacity on Biodiversity Protection and Sustainable Management in Macedonian Multiethnic School Community, 2010-2011, носител | 2 |
| 3. | Конзервација, промоција и распространување на автохтона сорта пиперка – капија во гевгелиско-струмичкиот регион, Глобален еколошки фонд, Програма за мали грантови, UNDP, 2012 | 1 |
| 4. | Project Lifelong Learning Programme -Agrifood Networking for Consumers Value – AFN4CV-Erasmus Multilateral – Knowledge Alliance Project Lifelong Learning Programme 2012/2013 | 1 |
| | **Раководител на внатрешна организациона едница** | |
| 1 | Раководител на Одделението за градинарство –УКИМ, Земјоделски институт, од 2003 до 2013 | 3 |
| | **Член на факултетска комисија** | |
| 1 | Член на Комисија за настава во мандатниот период октомври 2014 | 0,5 |
| 2 | Член на Совет за студиски програми на трет циклус студии- ФЗНХ | 0,5 |
| | **Член на комисија во избор во звање** | |
| 1 | Д-р Звезда Богевска ( магистер) | 0,2 |
| 2 | М-р Афродита Ибушовска ( магистер) | 0,2 |
| 3 | М-р Билјана Ристовска ( магистер) | 0,2 |
| | **Подготовка на национални документи(стратегии и закони)** | |
| 1 | Подготовка национална стратегија за земјоделство и рурален развој за периодот. 2014-2020- Член на работна група за градинарство | 2 |
| 2 | Развој и имплементација на агроеколошки мерки. МЗШВ. 2011. Експерт за органско градинарство. Development and Implementation of Agri-environment Measures- Organic vegetable specialist MAFWE, ADT Project GmbH European Union, 2011 | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| | **Учество во комисии и тела на државни и други органи** | |
| 1 | Член на Управен одбор на Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството од 17.7.2012 | 1 |
| 2 | Член на Институтска управа- Земјоделски институт, 2010- 2013 година | 1 |
| 3 | Член на потсекторски постојани групи за уредување на земјоделски пазари на зеленчук во Р. Македонија- МЗШВ | 1 |
| 4 | Член на Управен комитет на УНЕП/ГЕФ-проектот „Поддршка за имплементација на Национална рамка за биосигурност на Р. Македонија" | 1 |
| 5 | Член на Комисијата за Правилник за трговија со саден материјал расад од градинарски растенија, 2014 | 1 |
| 6 | Член на Комисијата за описна листа на препорачани сорти за градинарски, зачински и зачински растенија, 2011 | 1 |
| 7 | Претседател на Комисијата за евалуација на Земјоделскиот институт за потребите на Ректоратот, 2010-2013 | 1 |
| 8 | Член на Националната сортна комисија за признавање и одобрување на сорти за поледелски и градинарски култури, 2003-2015. | 1 |
| 9 | Член на Комисијата за изработка на Правилник за составот и начинот на работата на стручната комисија за заштита на селекционерското право | 1 |
| 10 | Член на Комисијата за изработка на Правилник за постапката и методите за преиспитување на ДУС- тестот | 1 |
| | **Учество во изработка на национална програма од одредена област** | |
| 1 | Член за изработка на оперативна програма и годишна програма 2012 год ППГ | 3 |
| | **Вкупно** | **49,1** |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | **Поени** |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **150,3** |

| | |
|---|---|
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **115,3** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **49,1** |
| **Вкупно** | **314,7** |

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

**1. Проф. д-р Данаил Јанкуловски, редовен професор во пензија на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје с.р.**

**2. Проф. д-р Гордана Попсимонова, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје с.р.**

**3. Проф. д-р Соња Ивановска, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје с.р.**

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЕКОНОМИКА НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РАЗВОЈ НА ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје, објавен во весниците „Дневник“ и „Коха“ од 12.8.2015 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област економика на земјоделството и развој и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-1746/8, донесена на 27.8.2015, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Драги Димитриевски, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, д-р Миле Пешевски, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје и д-р Ненад Георгиев, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област економика на земјоделството и развој, во звањето вонреден професор, во предвидениот рок се пријави доц. д-р Ана Котевска.

### 15. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката доц. д-р Ана Котевска е родена на 12.12.1977 во Скопје. Средно образование завршила во Скопје, на 21.6.1996 година. Со високо образование се стекнала на Земјоделскиот факултет во Скопје, каде што дипломирала на 8.7.2002 година, со просечен успех 8,16.

Кандидатката активно се служи со англискиот и германскиот јазик.

Во учебната 2002/2003 година се запишала на втор циклус (магистерски) студии на Земјоделскиот факултет во Скопје. Студиите ги завршила на 4.11.2005 година, со просечен успех 9,38. На 21.12.2005 година го одбранила магистерскиот труд на тема: *Модел за парцијална рамнотежа на пазарот на свинско месо во Република Македонија*.

**Во четвртото поглавје** е направена анализа на идните безбедносни предизвици, при што градењето на одбранбените способности во согласност со мисиите и задачите на Алијансата ја иницира потребата од кохерентен развој на нови способности. Направен е осврт на приоритетот од справување со безбедносните предизвици во сајбер-просторот, а како резултат на сѐ поголема употреба на информациските технологии во глобализираниот свет. Клучен елемент е интероперативноста на способностите помеѓу земјите-членки на НАТО и земјите- партнери, што во многу зависи и од нивната посветеност на тој процес. Анализата се фокусира на пристапот кој се однесува на идниот развој на способностите на Алијансата за колективна одбрана, кризен

менаџмент и безбедносната преку соработка. Овој пристап е секако применлив во поголем и помал обем за земјите-членки на НАТО и земјите партнери, што секако е национална одлука и зависи од нивото на трошоците во одбраната, кое во многу земји е загрижувачки ниско. Всушност, најважно е постигнувањето на двете цели на НАТО. Првата цел е одржување на моменталните способности и втората е обезбедување на основа за кохерентен развој на нови способности на среден и долг рок, при што во основата на споменатото е мултинационалниот приод, кој треба да обезбеди обединување на сојузниците околу трите суштински задачи на Алијансата, при што негативните трендови на трошоците за одбрана крајно е време да запрат.

**Заклучокот** ги опфаќа согледувањата, препораките и она што треба да се преземе, со цел успешност на процесот на трансформација и развој на одбранбените способности, согласно со прифатените барања и стандарди на Алијансата. Тоа не би требало да значи генерализирање на тој процес, бидејќи градењето на одбранбените способности сè уште претставува национална одговорност. И покрај обидите за интернационализација на споменатиот процес, тој зависи од процесот на трансформацијата на конкретното општество. На крајот се заклучува дека во изминативе години, *Политиката на НАТО за развој на одбранбените способности е во насока да го иницира и олесни развојот на националните одбранбени способности на земјите-членки и земјите-партнери на НАТО. Прифаќањето на таа политика од страна на земјите-членки и партнери на Алијансата ќе придонесе за унапредување на способноста за одбранбена соработка во рамките на НАТО.*

## **Предмет на истражување**

Проблем на истражување на трудот е влијанието на политиката на НАТО за развој на одбранбените способности врз реформите во одбранбениот сектор: примерот на Република Македонија и Република Словенија. Развојот на националните одбранбени способности на Република Македонија и Република Словенија и нивната улога во НАТО, како предмет на истражување во овој труд е анализиран во периодот по 2001 година.

Од самиот предмет на истражување и елаборирање произлегуваат целите на истражувањето и можат да имаат научна и практична примена. Научната цел на ова истражување е: преку примерот на Република Македонија и Република Словенија, да се утврдат и проверат научните сознанија за развојот на националните одбранбени способности и нивната улога во НАТО, во еден временски континиум и во услови кога толку многу се менува безбедносната околина; да се продлабочат постојните научни сознанија во однос на промените во националните стратегиски документи и процесот на финансирање на безбедносно-одбранбените системи; да се проверат тврдењата за постигнување на поголема безбедност преку учество во меѓународните операции и мисии и учество во процесите на соработка, партнерство и размена на искуства во насока на постигнување на стабилно безбедносно опкружување; да се предвидат идните пристапи во развојот на способностите согласно со новите безбедносни појави, нивниот облик и содржина, сè со цел успешно справување со нив. Научната цел на ова истражување е преку примерот на Република Македонија и Република Словенија, да се даде научна анализа и дескрипција на реформите во одбранбениот сектор и градењето на одбранбените способности, согласно со прифатените барања и стандарди. Сето тоа дава теоретски придонес за реформите во безбедносниот сектор, како неопходен услов за постигнување на поголема безбедност на државата и нејзините граѓани.

Практичната цел произлегува од научните сознанија што се добиваат дополнително и истите ќе послужат за креирање на ефикасна одбранбена политика и градење на одбранбени способности во насока на справување со предизвиците на новото безбедносно опкружување. Исто така, ќе може да се согледа степенот на безбедност кој се постигнува во рамките на колективните системи за одбрана и надвор од нив.

Поаѓајќи од предметот на истражување на трудот, како и од собраните податоци, поставена е следнава општа хипотеза: *Политиката на НАТО за развој на одбранбени способности може да влијае врз интензитетот на реформите во одбранбениот сектор на Република Македонија (како земја-партнер) и Република Словенија (како земја-членка) во насока на развој на националните одбранбени способности и способноста за одбранбена соработка во рамките на НАТО.*

## Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата

Истражувањата на овој проблем во странската литература се застапени преку трудовите на повеќе автори. Најевидентно се присутни во истражувањата на Хенрих (Heinrich, 2008) Капарини (Caparini., 2004), Ванковска и Виберг, (Vankovska & Wiberg, 2003); Јелушич (Jelusic, 2002) Арнејчич (Arnejcic, and all), Шабич и Буковски (Sabic and Bukowski, 2002), , Штеинер (Steiner, 2012).

Хенрих (Heinrich B., 2008) го објаснува процесот на планирање на одбраната на НАТО, при што се посочува дека тој претставува интегративен процес, поддржан од мултинационални иницијативи и проекти.

Во истражувањата за реформите во безбедносниот сектор во земјите од Западен Балкан од страна на Капарини (Caparini, 2004), направена е анализа на реформите во безбедносниот сектор во Република Македонија по конфликтот во 2001 година во однос на реформите во армијата и полицијата и дадени се насоки за идните чекори кои треба да се преземат во таа насока. Ванковска и Виберг (Vankovska & Wiberg, 2003) го анализираат процесот на цивилно-воени односи во посткомунистичките земји на Балканот, меѓу кои и Република Македонија и Република Словенија. Истакната е важноста на имплементација на демократските принципи во областа на безбедноста, а посебно на воспоставување на цивилна контрола над воените сили. Истражувањето е насочено на цивилно-воените односи во процесот на спроведување на демократските процеси на Балканот. Во однос на реформите во одбранбениот сектор на Република Словенија и нејзиното интегрирање во НАТО позначајни се и истражувањата на Јелушич (Jelusic, 2002,) која ги анализира реформите во безбедносниот сектор во периодот од осамостојувањето на Словенија во 1991 година до 2002 година. Се истакнува значењето на третата фаза на реформите кои започнуваат во 2000 година, под раководство на тогашниот министер за одбрана Антон Гризолд, при што беа преземени посериозни реформи во одбранбениот сектор, во насока на формирање на мали професионални одбранбени сили, кои ќе бидат добро опремени и подготвени. Исто така, Шабич и Буковски (Sabic and Bukowski , 2002) ги анализираат напорите на Република Словенија за нејзиното членство во НАТО, како и проблемите со кои се соочуваат малите земји по завршувањето на Студената војна. Тие го анализираат периодот пред зачленувањето на Република Словенија во НАТО и политиката на нејзиното дејствување на патот кон членство во Алијансата, како и односите со САД. Арнејчич (Arnejcic, nd.) ја анализира одбранбената политика на Република Словенија, како и влијанието на цивилно-воените односи врз одбранбената политика. Во своите анализи тој ја нагласува потребата од постигнување на интероперативноста на словенските вооружени сили со силите на останатите

земји-членки на НАТО. Штеинер (Steiner, 2012) го анализира уделот на Словенија во НАТО преку придонесот во работата на ингерираните заеднички институции и придонесот во водените операции од страна на НАТО.

Од домашните автори важни се согледувањата на Георгиева (Георгиева, 2010), Даскаловски (Даскаловски, 1998, 2007, 2008, 2009, 2014), Кљусев, Гоцевски, Славески и Бакревски (Кљусев, Гоцевски, Славески и Бакрески, 2007), Ружин (Ружин, 2005) и Нацев и Петрески (Нацев и Петрески, 2013). Важни се и согледувањата на Георгиева (Георгиева, 2010), за развој на стратегиските определби на НАТО и неговата трансформација. Се истакнува важноста на Прашките иницијативи за трансформација, а посебно Прашките обврски за способности (Prague Capabilities Commitment) кои преставуваа надополнување на Иницијативата за одбранбени способности (Defence Capabilities Initiative) од самиот во Вашингтон, како и формирањето на НАТО-силите за одговор (NATO Response Forces-NRF). Понатаму, во однос на политиката на НАТО за одбранбени способности и градењето на македонскиот модел за одбрана, Даскаловски разработува модел и одбранбени способности земајќи ги предвид социјалните и политичките фактори. Кога станува збор за одбранбениот сектор на Република Македонија и спроведените реформи, позначајни се истражувањата на Кљусев, Гоцевски, Славески и Бакревски (Кљусев, Гоцевски, Славески и Бакрески, 2007), каде што и покрај тоа што централна тема на нивното истражување е Северноатлантската договорна организација (НАТО) како воено-политичка организација, исто така се претставени и позициите на Република Македонија во контекст на нејзините напори за членство во НАТО. Исто така, Ружин (Ружин, 2005) во контекст на процесот на проширување на Алијансата ги анализира позициите за членство на Република Македонија во НАТО изразени преку Годишната национална програма за членство (ГНПЧ) 2005/2006 и направената анализа за тоа колку ќе чини членството на Република Македонија во НАТО). Нацев и Петрески (Нацев и Петрески 2013), меѓу другото, ги анализираат клучните стратегиски документи и нормативно - правни акти, поврзани со интеграцијата на Република Македонија во НАТО и ЕУ.

Со оглед на тоа што во фокусот на истражувањето во оваа дисертација се реформите во одбранбениот сектор, постојат и повеќе трудовите во кои ‘Data Envelopment Analysis (DEA)’ методата е применета за анализа на појавите и процесите во одбранбениот сектор. Во 1983 година Чарнс, Кларк, Купер и Голани (Charnes, Clark, Cooper and Golany, 1983) претставуваат илустративен пример поврзан со испитување на ефикасноста на воздухопловните единици на САД. Рол, Голани и Сероуси во 1989 година (Roll, Golany and Seroussy, 1989) ја анализираат ефикасноста на единиците за одржување на Израелските воздухопловни сили. Сун (Sun, 2004) ја анализира ефикасноста на работилниците за одржување на Тајванските вооружени сили. Накабајаши и Тоун (Nakabayashi and Tone, 2005:57-70) со помош на DEA ја мерат зависноста на државите од вооружените сили, со што вршат верификација на завршувањето на Студената војна. Проблемот со проширувањето на НАТО е анализиран од страна на Хатами, Тавана, Сати и Агрел (Hatami-Marbini, Tavana, Saati and Agrell, 2012:19-21).

## Краток опис на применетите методи

Во анализата се применети анализа на содржина на документи и компаративна анализа на случаи. Во првата фаза, предмет на анализа претставува анализа на содржина на стручната литература од областа на одбраната и безбедноста, од домашни и странски автори. Методолошкиот

пристап кој е употребен во трудот се состои од емпирискиот метод на **анализа на содржина** и општиот научен **компаративен метод**. Дополнително, во рамките на компаративните проучувања е применет непараметарскиот пристап за анализа на продуктивноста и ефикасноста, во случајов на вооружените сили. Со примена на методологијата **'Data Envelopment Analysis (DEA)'** се анализира ефикасноста на Република Македонија и Република Словенија во однос на нивното учество во мисијата на НАТО во Авганистан, ISAF. Имено, за компаративна анализа се користи DEA, која претставува техника на математичко програмирање која овозможува да се утврди дали секоја од земјите-учеснички е релативно ефикасна или не, во однос на учеството во ISAF, согласно со утврдената граница на ефикасност. Целта на примената на оваа методологија е да се покаже дека проучувањата со DEA кои се однесуваат на ефикасноста и продуктивноста е применлива и на оперативните единици на вооружените сили. Научното објаснување и анализирање е највисоко ниво на научното сознание. Оттука, научната оправданост на ова истражување произлегува од научната анализа и дескрипција на содржините и пристапот во развојот на одбранбените способности, односно реформите во одбранбениот сектор, во услови на брзи и динамични промени во безбедносното опкружување.

## Краток опис на резултатите од истражувањето

Резултатите од истражувањето покажуваат дека развиената теориска рамка овозможува комплексна анализа на истражувачкото прашање со интердисциплинарен пристап на безбедносните студии. Во случајот со Република Македонија, од теоретски аспект не постои доволно јасно дефинирање на одбранбените способности. Се поставува прашањето зашто е тоа така. Согласно со политиката на НАТО за развој на одбранбени способности, основата за развој и приспособување на одбранбените способностите на Република Македонија ја чинат донесените стратегиски документи. Анализата на нивната содржина го покажува тоа. Прашањата кои се однесуваат на системот за одбрана се дефинирани со Законот за одбрана, чии измени и дополнувања во изминатиот период се направени согласно со потребата од негово усогласување со законодавството на Република Македонија и со стандардите на земјите-членки на НАТО.

Во случајот на Република Словенија, од теоретски аспект постои поголема транспарентност во однос на преземените реформи во одбранбениот сектор. Согласно со потребите за усогласување на стратегиските документи со процесот за евроатлантско интегрирање на Република Словенија и промените во безбедносната средина, извршено е ревидирање и дополнување на стратегиските документи.

*Република Македонија, како земја-партнер, развива одбранбени способности и остварува одбранбена соработка со земјите-членки на НАТО. Истото се однесува и на Република Словенија, која како земја-членка на НАТО развива одбранбени способности и придонесува за одбранбената соработка со останатите членки*. Одбранбената соработка се огледа во придонесот во предводените операции и мисии од страна на НАТО и се надоврзува на безбедносно-одбранбената соработка која постои на регионално ниво под покровителство на НАТО и одделни земји-членки на НАТО и, секако, преку учеството во многубројните обуки и вежби, со кои се проверува нивото на подготвеност на вооружените сили за извршување на поставените мисии и задачи, и кои се во насока на зголемување на интероперативноста. Стекнатите знаења и вештини од

учеството во меѓународните операции и мисии имаат големо влијание врз процесот на развој и одржување на националните одбранбени способности.

Покрај направената теоретската анализа, преку примена на ‘Data Envelopment Analysis (DEA)’, која претставува техника на математичко програмирање, извршена е анализа на ефикасноста на Република Македонија и Република Словенија во однос на нивното учество во мисијата на НАТО во Авганистан, ISAF. Избраниот DEA-модел и анализата на резултатите покажуваат дека одбранбените способности не зависат само од економските и демографските карактеристики на една земја, туку и од политичките фактори. Примената на оваа непараметарска методологија во докторската дисертација има за цел да покаже дека проучувањата со DEA кои се однесуваат на ефикасноста и продуктивноста е применлива и на оперативните единици на вооружените сили.
Направената DEA-анализа за придонесот во мисијата на НАТО во Авганистан, ISAF, укажува на фактот дека само 6 земји-учеснички се релативно ефикасни, со што и нивниот придонес во ISAF е најголем. Во групата на тие земји е Република Македонија, но не и Република Словенија.

Република Македонија и покрај тоа што е мала земја со ограничени ресурси, таа е една од најголемите придонесувачи во мисијата ISAF. Сите релативно ефикасни земји се членки на НАТО, освен Република Македонија. Резултатите покажуваат дека во однос на сите земји партери на НАТО, Република Македонија е најголем придонесувач во мисијата ISAF. Од направената анализа, може да се заклучи дека одделни земји- партнери потребно е да искажат поголема подготвеност и способност во однос на нивниот придонес во мисиите на Алијансата. Споредбено со Република Македонија, земји-партнери на Алијансата, како: Австралија, Австрија, Финска, Нов Зеланд, Шведска, Финска имаат далеку поголеми човечки и економски ресурси, согласно со што нивниот придонес во НАТО-мисиите треба биде позначителен.

Од анализата на релативната ефикасност на Република Словенија, која како и Естонија е земја-членка на НАТО од 2004 година, се забележува дека придонесот на Естонија е далеку позначителен и таа спаѓа во групата на земји кои се релативно ефикасни. На политичката одлука за степенот и нивото на учество на Република Словенија во ISAF влијае и фактот дека Авганистан е регион кој е доста оддалечен, при што во фокусот на словенечката надворешна политика е пред сѐ определбата за регионално дејствување. Посебната заинтересираност за стабилноста и безбедноста за регионот на Југоисточна Европа иницира поголемо присуство на словенечките вооружени сили во операциите на НАТО на Балканот. Тоа нѐ наведува на заклучокот дека стратегиските интереси зависат од геостратегиската положба, но и од политичките, економските и безбедносните интереси. Разликите помеѓу желбите и очекувањата искажани во политичката определба за учество во меѓународните операции и мисии од една страна и јавното мислење, како и реалните можности од друга страна се секогаш присутни. Направената DEA-анализа несомнено води кон еден генерален заклучок дека со појавата на економската криза во 2008 година, БДП кај земјите-учеснички во 2009 година се намалува, што секако влијае на нивната релативна ефикасност.

**ОЦЕНА НА ТРУДОТ**

Докторската дисертација на кандидатот м-р **Тони Наумовски** со наслов **Влијанието на политиката на НАТО за развој на одбранбените способности врз реформите во одбранбениот сектор: примерот на Република Македонија и Република Словенија**

претставува оригинално истражување во областа на безбедносните, одбранбените и мировните студии. Докторската дисертација придонесува за надополнување на теоретската рамка на оваа област, а резултатите од истажувањето претставуваат основа за практично применување на теориските сознанија, и тоа:

-придонес во подобрувањето на методолошката рамка преку која ќе се развиваат практични инструменти за мерење и проценување на безбедносните појави; апликативен (практичен) придонес во воспоставувањето на систем за мониторинг, процена и рано предупредување за конкретен ризик на територијата.

Докторската дисертација на кандидатот м-р **Тони Наумовски**, со наслов **Влијанието на политиката на НАТО за развој на одбранбените способности врз реформите во одбранбениот сектор: примерот на Република Македонија и Република Словенија,** според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

**Заклучок и предлог**

Главни научни придонеси на кандидатот се: со своето искуство во научноистражувачката работа, како и со спроведувањето на ова истражување со објавените научни трудови и научните трудови од учеството на докторските работилници и конференции, се дава значаен придонес во научноистражувачката работа во оваа област. Со истражувањето јасно се издвојува фактот дека не постои унификација и универзален модел на спроведување на реформи во одбранбениот сектор и воопшто во градењето на одбранбените способности. Тоа претставува национална одговорност која е тесно поврзана со политичките, економските, безбедносните и други интереси на замјите-членки и земјите-партнери на Алијансата. Трудот дава придонес кон преоценување и редефинирање на концепциската/теориската рамка на безбедносните, одбранбените и мировните студии со примена на интердисциплинарен пристап и DEA-анализа на појавите и процесите во одбранбениот сектор. Во оваа докторска дисертација за прв пат се користи методологијата ‘Data Envelopment Analysis (DEA)’ за ваква анализа во Р. Македонија. DEA обезбедува мерење на ефикасноста и продуктивноста на оперативните единици на вооружените сили на Република Македонија и Република Словенија.

Со заклучоците од истражувањето се потврдува почетната хипотеза за влијанието на политиката на НАТО врз одбранбените способности, но методологијата ДЕА покажува дека влијанието на економските фактори е исто така значаен индикатор во однос на градењето на националните одбранбени способности.

Дополнително, преку понатамошниот стручен, научен и академски ангажман на кандидатот, наодите и знаењата од дисертацијата можат да бидат пренесени и до колегите кои се заинтересирани за проблематиката што е обработена во дисертацијата, кои ќе најдат свој интерес во имплементирање на дел од наодите и препораките прикажани во дисертацијата.

Подрачјето на примена и ограничувањата се: недоволна достапност на податоците потребни за да се примени методологијата DEA. Тоа, всушност, и ја ограничува нејзината примена за

компаративна анализа на најразлични појави во одбранбениот сектор. Ограничувањата произлегуваат и од можните недоследности во примена на интердисциплинарен пристап во истражувањата, како и од финансиски аспект, односно недоволно финансирање на истражувањата.

Можните понатамошни истражувања се: сознанијата од ова истражување можат да иницираат поголема примена на водечката методологија за мерење на организациските перформанси, 'Data Envelopment Analysis (DEA)' во сферата на одбранбениот сектор. Покрај досегашната нејзина примена за анализа на одредени појави во сферата на образованието во некоја од земјите од регионот, DEA може да се користи за мерење на ефикасноста и продуктивноста на вооружените сили. Со тоа ќе се овозможи поголема транспарентност, но и ќе се обезбедат дополнителни насоки кои ќе послужат за креирање на ефикасна одбранбена политика и градење на одбранбени способности во насока на справување со предизвиците на новото безбедносно опкружување.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на м-р **Тони Наумовски** со наслов **Влијанието на политиката на НАТО за развој на одбранбените способности врз реформите во одбранбениот сектор: примерот на Република Македонија и Република Словенија.**

**КОМИСИЈА**

**Проф. д-р, Синиша Даскаловски, претседател, с.р.**

**Проф. д-р Лидија Георгиева, ментор, с.р.**

**Проф. д-р Зоран Нацев, член, с.р.**

**Проф. д-р Ванчо Кенков, член, с.р.**

**Доц. д-р Виолета Цветкоска, член, с.р.**

**Р Е Ф Е Р А Т**

# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ (ДИСЦИПЛИНА) ГЕРМАНСКИ ЈАЗИК НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Филолошки факултет „Блаже Конески“ - Скопје, за избор на виш лектор по германски јазик, објавен во весникот *Нова Македонија* од 17.6.2015 година, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет бр. 04-1078/4, донесена на 01.7.2015 година, беше формирана Рецензентска комисија од наставници вработени на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје: д-р Емилија Бојковска, редовен професор, д-р Емина Авдиќ, доцент, и д-р Зорица Николовска, вонреден професор.

По прегледувањето на доставената документација, членовите на Рецензентската комисија го поднесуваат следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На објавениот конкурс за избор на виш лектор по предметот германски јазик (наставно-научна област: германистика), во предвидениот рок се пријави м-р Маријана Ѓорѓиева.

**21. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Кандидатката м-р Ѓорѓиева е родена на 7.8.1970 година во Скопје. Средното гГрупата за германски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје. За време на студиите, како стипендистка на Германската служба за академска размена (Де-А-А-Де) учествувала на XXII меѓународен курс за германски јазик (јули 1990) и остварила студиски престој (зимски семестар 1991 – 1992) на Универзитетот „Мартин Лутер“ во Хале-Витемберг, поранешна ГДР. Со поддршка на австриското Сојузно министерство за наука и истражување, учествувала на меѓународниот курс за германски јазик на Универзитетот во Виена, Австрија (јули 1991).

Дипломирала во 1992 година. Во зимскиот семестар 1993 – 1994 година, како стипендистка на Германската служба за академска размена (Де-А-А-Де) стекнала наобразба на универзитетот „Алберт Лудвиг“ во Фрајбург, Германија. Усовршувањето го продолжила на истиот универзитет во текот на летниот семестар со поддршка на фондацијата „Сорос“. Следува учеството на семинарот „Методика / дидактика на јазикот во струка – техника“, одржан во Минхен, Германија, со поддршка на Гете-институтот (јуни 1998), како и на три семинари и на една работна средба во организација на Гете-институтите во соодветните земји: „Изготвување на рамковна наставна програма за настава по германски јазик на нематични факултети“ во Белград (декември 2003), „Изготвување на рамковна наставна програма за настава по германски јазик на нематичните факултети“ во Белград (јуни 2004), „Унапредување на наставата по германски јазик на нематичните факултети“ во Фрајбург, Германија, (август 2005) и „Изготвување на учебник за наставата по предметот германски јазик на нематичните факултети“ во Букурешт, Романија (ноември 2006).

Паралелно со усовршувањето за методика и дидактика, се одвивала и научната надградба на м-р Ѓорѓиева. Во 1996 година се запишала на насоката: наука за книжевноста на постдипломските студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје и во 2011 година го одбранила магистерскиот труд под наслов *Интерсубјективноста во германскојазичната експресионистичка лирика,* под менторство на еминентните професори Ранка Грчева и Петер Рау.

Во моментов работи на докторската дисертација под наслов *Критика на верата и на религијата кај Хајнрих Бел* под менторство на истите професори.

Работното искуство на кандидатката се состои од наставна дејност. По краткотрајниот ангажман како наставничка по германски јазик во приватните училишта за странски јазици „Пинокио“ и „Биг Бен“, како и во основното училиште „Јан Амос Коменски“ во Скопје (1992 – 1993), следува петгодишниот работен однос во истото својство во гимназијата „Јосип Броз Тито“ во Скопје (1992 – 1997). Во јануари 1997 година била избрана за предавач по германски јазик на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје за настава на нематичните факултети, а во номеври 2004 година уследил нејзиниот избор за лектор по предметот германски јазик на Катедрата за германски јазик и книжевност на истиот Факултет. Во 2011 била избрана за виш лектор по наведениот предмет. М-р Ѓорѓиева има искуство во наставата по предметот германски јазик со студентите на нефилолошките факултети, со филолозите-негерманисти и со германистите. Потоа ја проширила својата наставна активност и кај студентите по преведување и толкување.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација што е важна за изборот.

## 22. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

### Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Филолошки факултет „Блаже Конески“, м-р Ѓорѓиева како виш лектор успешно ги изведува вежбите на првиот циклус студии. Во академските години 2011 – 2012 и 2012 – 2013 држела лекторски вежби по предметите германски јазик 1 – 8, а во текот на 2013 – 2014 година, покрај лекторските вежби по германски јазик 1, 2, 5 – 8, ја покривала и наставата по предметот германски јазик на Машинскиот факултет во Скопје. Минатата академска година држела лекторски вежби по предметите германски јазик 1 – 8 на Катедрата за германски јазик и книжевност и вежби по предметот преведување од македонски на германски јазик 1 и 2 на Катедрата за преведување и толкување.

Кандидатката била раководителка на тридневна работилница за преведување на песни во проза од книгата *Побрзај и почекај* од Владимир Мартиновски, одржана во Германската читалницата, во организација на Здружението за македонско-германско пријателство и соработка и со поддршка од Гете-институтот (април 2014). Учествувала и на дводневната работилница за наставници по германски јазик *Денови на Австрија,* одржана во СУУ „Лазар Танев“ во Скопје и организирана од Сојузното министерство за настава, уметност и култура на Република Австрија и на Австриската амбасада во Македонија (ноември 2013).

М-р Ѓорѓиева била член во комисија за одбрана на 68 дипломски трудови.

### Научноистражувачка дејност

Во рамките на научноистражувачката дејност, м-р Ѓорѓиева се ангажирала во областите: методиката и дидактиката на германскиот како странски јазик, наука за книжевноста и создавање електронски корпус на македонскиот јазик.

Кандидатката е коавтор во изработката на два рамковни наставни плана за германскиот како странски јазик на универзитетите (2011 за Босна и Херцеговина; 2013 за Македонија), произлезени од проектот за развој на наставата по германски јазик за нематични факултети, во организација на Гете-институтот и на Пактот за стабилност (2005 – 2009).

Специјализирајќи се за германскојазичната експресионистичка лирика, таа објавила три научни труда во Македонија (2011 и 2012). Учествувала со реферат на 7. Меѓународна конференција на Здружението на германисти од Југоисточна Европа (2014 во Сараево).

М-р Ѓорѓиева била учесничка во проектот „Моно- и мултилингвален електронски корпус на македонскиот јазик“, кој се изготвува на Институтот за славистика при Универзитетот „Карл Франц“ во Грац, Австрија, во соработка со Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ и со Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ во Скопје (учество 2011 – 2012).

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Кандидатката има богата дејност во оваа област. Таа е активно вклучена во стручно-апликативната работа на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје и во пошироката заедница и тоа како член на: а) Комисијата за избор на еден лектор по германски јазик на Универзитет ФОН (2013), б) Комисијата за спроведување на испит по предметот Морфологија 2 на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ (2013), в) Комисијата за попис на библиотечниот фонд на Катедрата за германски јазик и книжевност (2011, 2013, 2014), г) Комисијата за пресметување на варијабила на вработените на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје (2012), д) Техничката комисија за пресметување на просекот и изготвување на ранг-листите на кандидатите пријавени за упис во прва година во академските 2013/2014 и 2014/2015 година (2013, 2014), ѓ) Поткомисијата за евалуација на Катедрата за германски јазик и книжевност (2014), е) Централната комисија за координација, усогласување, насочување и следење на работата на комисиите за попис (2014), е) Универзалната единица за заштита и спасување (2014), ж) Здружението на германисти на Југоисточна Европа (од 2014).

**Оценка од самоевалуација**

Во 2014 година, кандидатката м-р Ѓорѓиева доби позитивна оценка во анонимно спроведената анкета на студентите на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје.

**Заклучок и предлог**

Врз основа на доставената документација, личното познанство и успешната соработка со м-р Маријана Ѓорѓиева, Рецензентската комисија позитивно ја оценува нејзината наставно-образовна, научноистражувачка и стручно-апликативна дејност, како и нејзината дејност од поширок интерес. Од особено значење се нејзината посветеност на студентите и колегијалниот однос спрема вработените.

Од изнесените податоци за активностите од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека кандидатката поседува научни и стручни квалитети според Законот за високото образование и според Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и дека ги исполнува сите услови да биде преизбрана во звањето виш лектор во научната област германистика по предметот германски јазик.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје да ја преизбере **м-р Маријана Ѓорѓиева** во звањето **виш лектор** во научната област германистика по предметот германски јазик.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

7. Проф. д-р Емилија Бојковска, с.р.
8. Доц. д-р Емина Авдиќ, с.р.
9. Проф. д-р Зорица Николовска, с.р.

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ**

**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** **м-р Маријана Стојан Ѓорѓиева**

(име, татково име и презиме)

**Институција:** **Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје**

**Филолошки факултет„Блаже Конески“**

(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** **германски јазик**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста: Наставно-образовна дејност** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | **Одржување на настава од прв циклус студии (Катедра за германски јазик и книжевност)** | |
| 1.1 | **2011-2012 (зимски семестар)** | |
| | Германски јазик 1 (0+4)<br>4x15=60x0,03=1,8 | 1,8 |
| | Германски јазик 3 (0+2)<br>2x15=30x0,03=0,9 | 0,9 |
| | Германски јазик 5 (0+4)<br>4x15=60x0,03=1,8 | 1,8 |

| | | |
|---|---|---|
| | Германски јазик 7 (0+4)<br>4x15=60x0,03=1,8 | 1,8 |
| 1.2 | **2012 (летен семестар)** | |
| | Германски јазик 2 (0+4)<br>4x15=60x0,03=1,8 | 1,8 |
| | Германски јазик 4 (0+2)<br>2x15=30x0,03=0,9 | 0,9 |
| | Германски јазик 6 (0+4)<br>4x15=60x0,03=1,8 | 1,8 |
| | Германски јазик 8 (0+4)<br>4x15=60x0,03=1,8 | 1,8 |
| 1.3 | **2012-2013 (зимски семестар)** | |
| | Германски јазик 1 (0+4)<br>4x15=60x0,03=1,8 | 1,8 |
| | Германски јазик 3 (0+2)<br>2x15=30x0,03=0,9 | 0,9 |
| | Германски јазик 5 (0+4)<br>4x15=60x0,03=1,8 | 1,8 |
| | Германски јазик 7 (0+4)<br>4x15=60x0,03=1,8 | 1,8 |
| 1.4 | **2013 (летен семестар)** | |
| | Германски јазик 2 (0+4)<br>4x15=60x0,03=1,8 | 1,8 |
| | Германски јазик 4 (0+2)<br>2x15=30x0,03=0,9 | 0,9 |
| | Германски јазик 6 (0+4) | 1,8 |

| | | |
|---|---|---|
| | 4x15=60x0,03=1,8 | |
| | Германски јазик 8 (0+4)<br><br>4x15=60x0,03=1,8 | 1,8 |
| 1.5 | **2013-2014 (зимски семестар), Катедра за германски јазик и книжевност; Машински факултет, Скопје** | |
| | Германски јазик 1 (0+6)<br><br>6x15=90x0,03=2,7 | 2,7 |
| | Германски јазик 5 (0+4)<br><br>4x15=60x0,03=1,8 | 1,8 |
| | Германски јазик 7 (0+4)<br><br>4x15=60x0,03=1,8 | 1,8 |
| | Германски јазик на Машинскиот факултет (0+4)<br><br>4x15=60x0,03=1,8 | 1,8 |
| | Подготовка на нов предмет: Германски јазик 1 | 0,5 |
| | Подготовка на нов предмет: Германски јазик 5 | 0,5 |
| | Подготовка на нов предмет: Германски јазик 7 | 0,5 |
| 1.6 | **2014 (летен семестар), Катедра за германски јазик и книжевност; Машински факултет, Скопје** | |
| | Германски јазик 2 (0+6)<br><br>6x15=90x0,03=2,7 | 2,7 |
| | Германски јазик 6 (0+4)<br><br>4x15=60x0,03=1,8 | 1,8 |
| | Германски јазик 8 (0+4)<br><br>4x15=60x0,03=1,8 | 1,8 |
| | Германски јазик на Машинскиот факултет (0+2)<br><br>2x15=30x0,03=0,9 | 0,9 |
| | Подготовка на нов предмет: Германски јазик 2 | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | Подготовка на нов предмет: Германски јазик 6 | 0,5 |
| | Подготовка на нов предмет: Германски јазик 8 | 0,5 |
| 1.7 | **2014-2015 (зимски семестар), Катедра за германски јазик и книжевност; Катедра за преведување и толкување** | |
| | Германски јазик 1 (0+6)<br>6x15=90x0,03=2,7 | 2,7 |
| | Германски јазик 5 (0+4)<br>4x15=60x0,03=1,8 | 1,8 |
| | Германски јазик 7 (0+4)<br>4x15=60x0,03=1,8 | 1,8 |
| | Преведување од македонски на германски јазик 1 (0+4)<br>4x15=60x0,03=1,8 | 1,8 |
| | Подготовка на нов предмет: преведување од македонски на германски јазик 1 | 0,5 |
| 1.8 | **2015 (летен семестар) Катедра за германски јазик и книжевност; Катедра за преведување и толкување** | |
| | Германски јазик 2 (0+6)<br>6x15=90x0,03=2,7 | 2,7 |
| | Германски јазик 6 (0+4)<br>4x15=60x0,03=1,8 | 1,8 |
| | Германски јазик 8 (0+4)<br>4x15=60x0,03=1,8 | 1,8 |
| | Преведување од македонски на германски јазик 2 (0+4)<br>4x15=60x0,03=1,8 | 1,8 |
| | Подготовка на нов предмет: Преведување од македонски на германски јазик 2 | 0,5 |
| | **Вкупно поени за одржување настава од прв циклус** | **60,7** |

| | | |
|---|---|---|
| | **студии** | |
| **2.** | **Настава во школи и работилници** | |
| **2.1** | Раководител на работилница за превод на песни во проза од македонски на германски јазик на книгата „Побрзај и почекај“ од Владимир Мартиновски, во организација на Здружението за македонско-германско пријателство и соработка, поддржана од Гете-институтот, канцеларија за врски, Скопје. Работилницата се одржа од 25.4. до 27.4. 2013 година, и на неа учествуваа студенти од Катедрата за германски јазик и книжевност и Катедрата за преведување и толкување од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје. | 1,5 |
| **2.2** | Учество на работилница за наставници по германски јазик „Денови на Австрија“, во организација на Сојузното министерство за настава, уметност и култура на Република Австрија и на Австриската амбасада во Република Македонија, што се одржа на 15 и 16 ноември 2013 година во СУУ„Лазар Танев“ во Скопје | 1 |
| | **Вкупно поени за учество во настава во школи и работилници** | **2,5** |
| **3.** | **Консултации со студенти** | |
| | 2011-2012 (зимски семестар)<br><br>140x0.002=0,28 | 0,28 |
| | 2012 (летен семестар)<br><br>140x0.002=0,28 | 0,28 |
| | 2012-2013 (зимски семестар)<br><br>150x0.002=0,3 | 0,3 |
| | 2013 (летен семестар)<br><br>150x0.002=0,3 | 0,3 |
| | 2013-2014 (зимски семестар)<br><br>390x0.002=0,78 | 0,78 |
| | 2014 (летен семестар)<br><br>150x0.002=0,3 | 0,3 |

| | | |
|---|---|---|
| | 2014-2015 (зимски семестар)<br><br>140x0.002=0,28 | 0,28 |
| | 2015 (летен семестар)<br><br>140x0.002=0,28 | 0,28 |
| | **Вкупно поени за одржани консултации со студенти** | **2,8** |
| **4.** | **Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа** | |
| | Име и презиме: Јулија Петрова<br><br>Решение број 09-32/200 од 15.9.2011 | 0,1 |
| | Име и презиме: Маја Суша<br><br>Решение број 09-32/319 од 19.10.2011 | 0,1 |
| | Име и презиме: Ирена Мајсторчева<br><br>Решение број 09-32/199 од 15.9.2011 | 0,1 |
| | Име и презиме: Елеонора Јосифовска<br><br>Решение број 09-32/410 од 13.12.2011 | 0,1 |
| | Име и презиме: Катерина Вулановиќ<br><br>Решение број 09-32/422 од 21.12.2011 | 0,1 |
| | Име и презиме: Мирјана Анастасова<br><br>Решение број 09-32/431 од 27.12.2011 | 0,1 |
| | Име и презиме: Викторија Стојанова<br><br>Решение број 09-32/423 од 21.12.2011 | 0,1 |
| | Име и презиме: Тања Павловска<br><br>Решение број 09-1/50 од 1.3.2012 | 0,1 |
| | Име и презиме: Емилија Василевска<br><br>Решение број 09-1/48 од 1.3.2012 | 0,1 |
| | Име и презиме: Елена Стоилова | 0,1 |

| | | |
|---|---|---|
| | Решение број 09-1/43 од 27.2.2012 | |
| | Име и презиме: Михајло Ѓеоргиев<br><br>Решение број 09-1/51 од 1.3.2012 | 0,1 |
| | Име и презиме: Миле Јаковски<br><br>Решение број 09-1/93 од 18.4.2012 | 0,1 |
| | Име и презиме: Михајло Ѓеоргиев<br><br>Решение број 09-1/51 од 1.3.2012 | 0,1 |
| | Име и презиме: Катерина Шекутковска<br><br>Одбранет на 15.6.2012 | 0,1 |
| | Име и презиме: Стефан Трајчев<br><br>Решение број 09-1/73 од 22.3.2012 | 0,1 |
| | Име и презиме: Васил Буковски<br><br>Решение број 09-1/72 од 22.3.2012 | 0,1 |
| | Име и презиме: Кристина Петровска<br><br>Решение број 09-1/94 од 18.4.2012 | 0,1 |
| | Име и презиме: Маја Дамевска<br><br>Решение број 09-1/210 од 28.6.2012 | 0,1 |
| | Име и презиме: Пранвера Рашити<br><br>Решение број 09-1/209 од 27.6.2012 | 0,1 |
| | Име и презиме: Дијана Лавчанска<br><br>Решение број 09-1/207 од 27.6.2012 | 0,1 |
| | Име и презиме: Мими Николиќ<br><br>Решение број 09-1/215 од 27.6.2012 | 0,1 |
| | Име и презиме: Ивана Џоровска<br><br>Решение број 09-1/274 од 13.9.2012 | 0,1 |
| | Име и презиме: Елена Јошевска | 0,1 |

| | | |
|---|---|---|
| | Решение број 09-1/284 од 1.10.2012 | |
| | Име и презиме: Александар Бошкоски<br><br>Решение број 09-1/365 од 2.11.2012 | 0,1 |
| | Име и презиме: Маја Здравевска<br><br>Одбранет на: 20.12.2012 | 0,1 |
| | Име и презиме: Магдалена Богатиновска<br><br>Решение број 09-1/168 од 19.6.2012 | 0,1 |
| | Име и презиме: Тања Маневска<br><br>Решение број 09-1/71 од 15.3.2013 | 0,1 |
| | Име и презиме: Татјана Христовска<br><br>Решение број 09-1/36 од 27.2.2013 | 0,1 |
| | Име и презиме: Дарко Русевски<br><br>Одбранет на: 20.3.2013 | 0,1 |
| | Име и презиме: Габриела Мијалковска<br><br>Решение број 09-1/94 од 3.4.2013 | 0,1 |
| | Име и презиме: Андреа Арсовска<br><br>Решение број 09-1/78 од 21.3.2013 | 0,1 |
| | Име и презиме: Александра Геровска<br><br>Одбранет на 04.04.2013 | 0,1 |
| | Име и презиме: Тања Маневска<br><br>Решение број 09-1/71 од 15.3.2013 | 0,1 |
| | Име и презиме: Александра Николова<br><br>Одбранет на:15.4.2013 | 0,1 |
| | Име и презиме: Марија Башиќ<br><br>Решение број 09-1/33 од 27.2.2013 | 0,1 |
| | Име и презиме: Славољуб Здравков | 0,1 |

| | | |
|---|---|---|
| | Решение број 09-1/68 од 15.3.2013 | |
| | Име и презиме: Сашо Ангелески<br>Одбранет на 28.5.2013 | 0,1 |
| | Име и презиме: Суада Салковиќ<br>Одбранет на 18.06.2013 | 0,1 |
| | Име и презиме: Софче Гоговска<br>Решение број 09-1/82 од 31.5.2013 | 0,1 |
| | Име и презиме: Шенсес Шерифов<br>Решение број 09-1/70 од 15.3.2013 | 0,1 |
| | Име и презиме: Павлина Манавска<br>Решение број 09-1/180 од 31.5.2013 | 0,1 |
| | Име и презиме: Елена Петровска<br>Решение број 09-1/403 од 14.10.2013 | 0,1 |
| | Име и презиме: Диана Ристова<br>Решение број 09-1/221 од 25.6.2013 | 0,1 |
| | Име и презиме: Викторија Велкова<br>Решение број 09-1/218 од 25.6.2013 | 0,1 |
| | Име и презиме: Бисера Давиткова<br>Решение број 09-1/219 од 25.6.2013 | 0,1 |
| | Име и презиме: Елена Бибовска<br>Решение број 09-1/34 од 27.2.2013 | 0,1 |
| | Име и презиме: Марија Јорданова<br>Решение број 09-1/403 од 30.9.2013 | 0,1 |
| | Име и презиме: Гоце Апостолоски<br>Решение број 09-1/220 од 25.6.2013 | 0,1 |
| | Име и презиме: Емилија Петрова | 0,1 |

| | | |
|---|---|---|
| | Решение број 09-1/2 од 23.1.2014 | |
| | Име и презиме: Флорина Агуши<br><br>Решение број 09-1/373 од 30.9.2013 | 0,1 |
| | Име и презиме: Маја Оџаклиоска<br><br>Решение број 09-1/400 од 14.10.2013 | 0,1 |
| | Име и презиме: Бјанка Зафировска<br><br>Решение број 09-1/490 од 25.11.2013 | 0,1 |
| | Име и презиме: Марија Миткова<br><br>Решение број 09-1/399 од 14.10.2013 | 0,1 |
| | Име и презиме: Елида Матјановска<br><br>Решение број 09-1/507 од 26.12.2013 | 0,1 |
| | Име и презиме: Билјана Ангеловска<br><br>Решение број 09-1/3 од 23.1.2014 | 0,1 |
| | Име и презиме: Марија Котевска<br><br>Решение број 09-1/397 од 14.10.2013 | 0,1 |
| | Име и презиме: Марија Арсоска<br><br>Решение број 09-1/29 од 25.2.2014 | 0,1 |
| | Име и презиме: Биљана Илиевска<br><br>Решение број 09-1/28 од 25.2.2014 | 0,1 |
| | Име и презиме: Александра Серафимова<br><br>Решение број 09-1/30 од 2514.2.2014 | 0,1 |
| | Име и презиме: Елена В'чкова<br><br>Решение број 09-1/62 од 20.3.2014 | 0,1 |
| | Име и презиме: Дениза Ајдароска<br><br>Решение број 09-1/404 од 14.10.2013 | 0,1 |
| | Име и презиме: Димитар Зимбаков | 0,1 |

| | | |
|---|---|---|
| | Решение број 09-1/35 од 27.2.2013 | |
| | Име и презиме: Радмила Толеска<br><br>Решение број 09-1/165 од 30.6.2014 | 0,1 |
| | Име и презиме: Елена Бошковска<br><br>Одбранет на: 4.12.2014 | 0,1 |
| | Име и презиме: Надица Димитријевска<br><br>Решение број 09-1/344 од 10.10.2014 | 0,1 |
| | Име и презиме: Беким Камбери<br><br>Решение број 09-1/343 од 10.10.2014 | 0,1 |
| | Име и презиме: Мартина Миќановиќ<br><br>Решение број 10-1/58 од 16.3.2015 | 0,1 |
| | Име и презиме: Тања Миладинова<br><br>Решение број 09-1/85 од 25.3.2013 | 0,1 |
| | **Вкупно поени за член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа** | **6,8** |
| | **Вкупно поени од наставно-образовна дејност** | **72,8** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| **Ред. број** | **Назив на активноста: научноистражувачка дејност** | **Поени** |
|---|---|---|
| **1.** | **Учесник во меѓународен научен проект** | |
| **1.1** | Проект: Развој на наставата по германски јазик за нематични факултети 2005-2009, во организација на Гете институт и Пактот за стабилност. Земји учеснички: Германија, Франција, Романија, Македонија, Србија, Босна и Херцеговина и Хрватска.<br><br>Број на проектот: 2005/SOE/180/HKR04/StabPakt | 5 |

| | | |
|---|---|---|
| **1.2** | Учество во проектот „Гралис-мак“ во рамките на проектот „Моно- и мултилингвален електронски корпус на македонскиот јазик“, истражувачки проект на Институтот за славистика при Универзитетот „Карл Франц“ во Грац, Република Австрија и Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје: 2009-2016 година. | 5 |
| **2.** | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание** | |
| | „Интерсубјективноста и филозофијата“, *Филозофија* (филозофско списание) 11, бр. 33, Скопје, Аз-Буки, март 2012, стр. 95-104, ISSN 1409-9985. | 4 |
| **3.** | **Трудови објавени во зборник на трудови на в.о. институција** | |
| **3.1** | Експозе на магистерски труд: „Интерсубјективноста во германскојазичната експресионистичка лирика“, во: *Годишен зборник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“* во Скопје, книга 37, 2011, стр. 597-609. | 2 |
| **3.2** | „Социјално-политичките аспекти на интерсубјективноста во германскојазичната експресионистичка лирика“, објавен во *Годишниот зборник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“*, Скопје, Книга 38, стр. 409-424, ISSN 1409-8571. | 2 |
| **4.** | **Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество** | |
| | „Implikationen der Kriegsthematik in der expressionistischen Lyrik“ [„Импликации на воената тематика во експресионистичката лирика“], Меѓународната конференција на Здружението на германисти од Југоисточна Европа на тема „Das Jahr 1914“ [„1914-та година“], што се одржа во Сараево, Босна и Херцеговина, од 15-ти до 19-ти октомври 2014 година. | 2 |
| **5.** | **Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција** | |
| | „Implikationen der Kriegsthematik in der expressionistischen Lyrik“ [„Импликации на воената тематика во експресионистичката лирика“], во: Зборник од Меѓународната конференција на Здружението на германисти од Југоисточна Европа на тема „Das Jahr 1914“ [„1914-та година“], што се одржа во Сараево, Босна и Херцеговина, од 15 и до 19 октомври 2014 година. | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | **Вкупно поени од научноистражувачка дејност** | **21** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста: стручно-апликативна / дејности од поширок интерес** | **Поени** |
|---|---|---|
| **1.** | **Член на комисија за избор во звање** | |
| | Член на Рецензентска комисија за избор на еден лектор по Германски јазик  на Приватниот универзитет ФОН, со Одлука број 16-98/3, од 3.7.2013 година. | 0,2 |
| **2.** | **Член на факултетска комисија** | |
| | Член на Комисијата за пресметување на варијабила на вработените на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, со Одлука број 02-1554/1 од 25.12.2008 (два мандата) со важење до октомври 2012 година. | 0,5 |
| | Член на Комисијата за попис на библиотечниот фонд на Катедрата за германски јазик и книжевност, со Решение број 05-1938/1, од 14.12.2011 година. | 0,5 |
| | Член на Комисијата за спроведување на испит по предметот Морфологија 2 (устен), со Решение број 09-816/2, од 25.6.2013 година. | 0,5 |
| | Член на Техничката комисија за пресметување на просекот и изготвување на ранг листите на пријавените кандидати за упис во прва година во учебната 2013/2014 година, со Одлука број 09-107/15, од 2.7.2013 година. | 0,5 |
| | Член на Комисија за попис на библиотечниот фонд на Катедрата за германски јазик и книжевност, со Решение број 05-1715/2, од 12.12.2013 година. | 0,5 |
| | Член на Поткомисијата за евалуација на Катедрата за германски јазик и книжевност (студиска програма по германски јазик и книжевност“, со одлука број 02-869/85, од 6.2.2014 година. | 0,5 |
| | Член на Универзалната единица за заштита и спасување, во | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | јачина на Вод (42 обврзници), со Одлука број 03-697/5, од 19.06.2014 година. | |
| | Член на Комисија за попис на библиотечниот фонд на Катедрата за германски јазик и книжевност, со Решение број 05-2375/1, од 1.12.2014 година. | 0,5 |
| | Член на Техничката комисија за пресметување на просекот и изготвување на ранг листите на пријавените кандидати за упис во прва година во учебната 2014/2015 година. | 0,5 |
| | Член на Централната комисија за координација, усогласување, насочување и следење на работата на комисиите за попис со состојба на 31.12.2014 година, со Одлука број 05-2375/1, од 1.12.2014 година. | 0,5 |
| **3.** | **Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија, проценка на капитал, систематизација, методологија** | |
| | Коавтор на: *Рамковен курикулум за германски како странски јазик на нефилолошки факултети на универзитетите во Република Македонија*, Гете-институт, 2013 година (http://www.goethe.de/ins/mk/sko/lhr/dlr/deindex.htm). | 1 |
| | Коавтор на: *Rahmencurriculum für Deutsch als Fremdsprache im studienbegleitenden Fremdsprachenunterricht an den Universitäten und Hochschulen in Bosnien-Herzegowina*, Sarajevo, Buybook, март 2011, ISBN 978-9958-30-104-9. | 1 |
| **4.** | **Членство во извршно тело на меѓународна организација која поддржува / организира научноистражувачка дејност** | |
| | Член на Здружението на германисти на Југоисточна Европа | 2 |
| | **Вкупно поени од стручно-апликативна дејност** | **9.2** |

| | |
|---|---|
| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | **Поени** |

| | |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **72,8** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **21,0** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **9,2** |
| **Вкупно** | **103,0** |

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Емилија Бојковска, с.р.

Доц. д-р Емина Авдиќ, с.р.

Проф. д-р Зорица Николовска, с.р.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

# ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ЦЕНТРАЛНИТЕ ЗАМЕНСКИ СИСТЕМИ ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК СО ОСВРТ КОН СОСТОЈБИТЕ ВО АЛБАНСКИОТ ЈАЗИК“ ОД М-Р АНГЕЛИНА ПАНЧЕВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, на својата 57. редовна седница одржана на 1.7.2015 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Ангелина Панчевска со наслов „Централните заменски системи во македонскиот јазик со осврт кон состојбите во албанскиот јазик“, во состав: проф. д-р Симон Саздов (претседател), проф. д-р Марјан Марковиќ (ментор), проф. д-р Анета Дучевска (член), проф. д-р Станислава-Сташа Тофоска (член) и проф. д-р Ваљбона Тоска (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Коонески“ му го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**АНАЛИЗА НА ТРУДОТ**

Докторската дисертација на кандидатката м-р Ангелина Панчевска, со наслов „Централните заменски системи во македонскиот јазик со осврт кон состојбите во албанскиот јазик“, содржи 268 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со 1,5 проред и големина на букви 12, со 2 фусноти, 109 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во 3 глави, вовед и заклучни согледувања. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **воведот** на трудот, изложени се предметот и целите на истражувањето, хипотезата, истражувачките прашања, теоретската рамка и методите на истражувањето. Кандидатката укажува на општите сфаќања и теории за заменките како затворен систем. Кандидатката детално ги образложува научните ставови за значењата и функциите на заменките во јазикот, при што наведува цитати од повеќе значајни меѓународни автори од таа област. Потоа, кандидатката ја

воведува терминолошката рамка поединечно опишувајќи ги основните термини со кои оперира во понатамошниот дел од дисертацијата – актуализација, референција, деиксис / деикса, животност, прагматика...

**Првата глава** од докторската дисертација е насловена „Лични заменки". Во неа се претставени и анализирани личните заменки преку категориите: лице, број и падеж. Последнава категорија – падеж, е главниот критериум за нивната функционална анализа. Почетниот дел на првата глава го зазема претставувањето и анализата на номинативните форми на личните заменки, а потоа следуваат акузативните и дативните форми на заменките. Тие се разгледувани според формален пристап при што секоја форма е претставена според неколку критериуми. Првиот критериум се однесува на претставувањето на соодветна заменска форма во сите словенски јазици, потоа се обработува нејзината етимологија, нејзините можни дијалектни реализации и нивната географска распространетост. За секоја форма се наведени голем број илустративни примери од фондот на македонските дијалекти, од говорениот стандард и од пишаниот јазик (убава литература). На крајот од описот на секоја класа заменки според категоријата падеж, претставена е и опсежна функционална анализа на соодветните заменски форми.

**Втората глава** ги анализира генитивните форми на заменките, односно, според традиционалната терминологија – класата на присвојни заменки. Присвојните заменки често се нарекуваат присвојни заменски придавки поради функцијата што ја вршат во именската синтагма. И во оваа глава е доминантен формалниот приод кон анализата на присвојните заменки, односно „генитивните форми на личните заменки". Анализираните заменки (*мој, т̄вој, неѓов, наш, ваш,....)* се претставени во соодnos со соодветните форми во сите словенски јазици, потоа е објаснета нивната етимологија, како и можните дијалектни и современојазични реализации. Сето тоа е проследено со голем број примери од повеќе јазични нивоа – дијалектно, гоовоорен стандард, убава литература. На крајот на оваа глава е прикажана функционална анализа проследена со приказ на состојбата на присвојните заменки во албанскиот јазик.

**Третата глава** се занимава со анализа на показните (демонстративни) заменки, при што е прикажана современата состојба во другите словенски јазици и нивното потекло. Етимолошката анализа укажува на фактот дека во повеќето словенски јазици централната прасловенска форма **tъ* е засилена со некој дополнителен елемент. Кандидатката го илустрира тоа со приказ на дијалектните форми во македонскиот јазик: *т̄ӑј*, *т̄ај*, *т̄аја*, *т̄иа*, *т̄оа*, *т̄оо*, *т̄о*, *т̄ове*, *т̄ос*, *т̄ус*, *т̄ози*, *т̄узи (*за машки род*)*. Во продолжение од оваа глава, кандидатката ја прикажува географската дистрибуција на показните заменки во македонскиот дијалектен систем проследена со голем број соодветни примери од дијалектниот јазик. Потоа следуваат примери од говорениот

стандард и од убавата литература. Посебен осврт е посветен на прасловенската заменка * *ѕь* чии остатоци можат да се најдат како постпозиција кај други класи зборови. Кандидатката детално ја обработува и категоријата определеност, односно ги разгледува постпозитивните реализации на показните заменки преку анализа на членските форми. Во продолжение следува исцрпен преглед на другите зборови што се изведени од корените на показните заменки, при што најголемо внимание им е посветено на прилозите. На крајот на третата глава следува сеопфатен приказ на показните заменки во албанскиот јазик, како и на постпозитивниот определен член.

Во заклучните согледувања, кандидатката ги сублимира ставовите и резултатите од истражувањето на трите централни заменски системи. Таа ја наведува нивната меѓусебна поврзаност како основен критериум за нивната анализа. Кандидатката ги сумира согледувањата за формите на замените почнувајќи од нивните реконструкции од прасловенскиот период, нивната дијалектна и современа реализација, како и споредба со албанскиот јазик како претставник на балканските јазици.

**<u>Предмет на истражување</u>**

Предмет на истражување претставуваат централните заменски системи во македонскиот јазик во нивниот поширок словенски контекст, како и споредба со состојбата во албанскиот јазик (балкански контекст). Се разгледува нивното потекло, нивната географска и дијалектна дистрибуција и се врши функционална анализа на заменките според нивните основни категории, а пред сѐ според категоријата падеж.

**<u>Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата</u>**

Заменските системи во македонскиот јазик претставуваат огромно поле во кое е неопходна континуирана и сеопфатна обработка. Таа обработка се однесува не само на опис на постојниот заменки систем во македонскиот јазик, туку и негова споредба во поширок словенски и балкански контекст. Токму оваа докторска дисертација се обидува да ги прикаже централните заменски системи во македонскиот јазик во рамките на поширокиот словенски контекст, а преку споредбата со албанскиот јазик во балкански контекст.

**<u>Краток опис на применетите методи</u>**

Кандидатката во својот труд се потпира на неколку методи за анализа на материјалот. Теоретските рамки врз кои ја темели својата обработка на заменските системи ѝ овозможуваат да проникне длабоко во семантиката и функционалната зона на опишуваните системи. Користењето на огромната картотека на Општословенскиот лингвистички атлас ѝ овозможува да врши споредба со дијалектните реализации на сета словенска територија. Ексцерпцијата на огромен број

дијалектни текстови, како и на убава литература и овозможува на кандидатката не само да ја прикаже дијалектната и современата состојба на централните заменски системи, туку и сето тоа да го илустрира со голем број примери.

**<u>Краток опис на резултатите од истражувањето</u>**

Резултатите од истражувањето целосно ја прикажуваат дијалектната и современата дистрибуција и функционална зона на централните заменски системи во македонскиот јазик. Прегледот на сите словенски форми, како и етимолошката реконструкција, дава поголем увид во развојот и во состојбата на разгледуваните системи во другите словенски јазици. Споредбата со албанскиот, од друга страна, го зголемува разбирањето за функционирањето на овие системи во балканскиот контекст. Резултатите од истражувањето во докторската дисертација на м-р Ангелина Панчевска ќе придонесат за понатамошни продлабочени истражувања на повеќе аспекти на македонскиот заменски системи и ќе го зголемат знаењето не само во македонистиката, туку и пошироко во рамките на јазичните типолошки истражувања.

## ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката м-р Агелина Панчевска, со наслов „Централните заменски системи во македонскиот јазик со осврт кон состојбите во албанскиот јазик", претставува лингвистичко истражување во областа на македонистиката. Изработката на оваа докторска дисертација претставува важен и оригинален придонес што ја унапредува македонистиката, а во тие рамки и дијалектологијата, славистиката и балканистиката. Трудот не само што ги дополнува нашите знаења за централните заменски системи во македонскиот јазик, туку дава и подлабок увид во развојот и во денешните состојби на разгледуваната проблематика, како на словенски, така и на балкански план.

Докторската дисертација на кандидатката м-р Ангелина Панчевска, со наслов „Централните заменски системи во македонскиот јазик со осврт кон состојбите во албанскиот јазик", според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката м-р Ангелина Панчевска, со наслов „Централните заменски системи во македонскиот јазик со осврт кон состојбите во албанскиот јазик",

КОМИСИЈА

**1. Проф. д-р Симон Саздов, претседател, с.р.**

**2. Проф. д-р Марјан Марковиќ, ментор, с.р.**

**3. Проф. д-р Анета Дучевска, член, с.р.**

**4. Проф. д-р Станислава-Сташа Тофоска, член, с.р.**

**5. Проф. д-р Ваљбона Тоска, член, с.р.**

## *ПРЕГЛЕД*

## *НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ ТРУДОВИ ВО ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ*

| *Ред. бр.* | *Име на кандидатот* | *Наслов на темата* | *Ментор* | *Одлука од Научен совет* |
|---|---|---|---|---|
| *1.* | Ружица Ангеловска | „Бихевиористичките аспекти на мотивацијата во сметководственото планирање“<br><br>Behavioral aspects of motivation in managerial accounting | Д-р Биљана Ангелова | Бр. 02-1247/2 од 3.9.2015 година |
| *2.* | Андреја Трајковска | „Кредитирање на население и кредитни процедури-состојби и можности за унапредување “<br><br>Retail Crediting and Credit Procedures -Stance and Improvements | Д-р Климентина Попоска | Бр. 02-1197/2 од 3.9.2015година |
| *3.* | Мила Караташева | “Влијанието на рамниот данок врз буџетската дисциплина и буџетот на Република Македонија“<br><br>“The impact of the flat tax of budgetary discipline and budget of the Republic of Macedonia” | Д-р Биљана Ангелова | Бр.02-1260/2 од 3.9.2015 година |
| *4.* | Круме Дончевски | “Глобални трендови и детерминанти на промените на платите во реалниот сектор, со осврт на Балканскиот регионот и Република Македонија“ | Д-р Верица Јанеска | Бр. 02-1191/2 од 3.9.2015 година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | “Global trends and determinants of the wage changes in the real sector, with a review on the Balkan region and тhe Republic of Macedonia“ | | |
| 5. | Сања Јосифовска | “Одредниците на проектниот менаџмент во имплементација на инвестиционен проект – Дом за згрижување и вдомување на стари лица Штип“<br><br>“Project management determinations during implementation of investment project - home care and hosting of the elderly in Stip“ | Д-р Биљана Ангелова | Бр. 02-1300/2 од 3.9.2015 година |
| 6. | Марко Каранфиловиќ | „Улогата на лидерството во поттикнување на мотивацијата “<br><br>„The role of leadership in encouraging motivation” | Д-р Наташа Данилоска | Бр. 02-1264/2 од 3.9.2015 година |
| 7. | Моника Арсова | „Стратегиите на промоција и на дистрибуција на прехранбените производи на примерот на претпријатието „Брилијант„-Штип„<br><br>„Distribution and promotion strategies of food products on the case of Briliant-Shtip„ | Д-р Татјана Петковска-Мирчевска | Бр. 02-1301/2 од 3.9.2015 година |

# РЕФЕРАТ

## за избор во звањето соработник-истражувач на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Земјоделски институт - Скопје, на научното поле биотехнички науки, научна област (дисциплина): економика на земјоделството и развој

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Земјоделскиот институт - Скопје, објавен во весниците „Утрински весник" и „Koha" од 11-12.7.2015 година, за избор на лице во звањето соработник-истражувач на Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Земјоделскиот институт - Скопје, од научното поле биотехнички науки, научна област (дисциплина) "економика на земјоделството и развој" и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот/Научниот совет, бр. 02-373/7, донесена на редовна 69-та седница одржана на ден 23.7.2015 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Борис Анакиев редовен професор во пенизја, д-р Сашо Ќосев редовен професор на УКИМ Економски факултет во Скопје и д-р Илијана Кришкова доцент на Земјоделскиот институт во Ќустендил.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на соработник-истражувач во научното поле биотехнички науки, научна област (дисциплина): економика на земјоделството и развој, во предвидениот рок се пријави м-р Лазо Димитров.

### 23. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот м-р Лазо Димитров е роден на 17.7.1974 година во Скопје, каде што го има завршено основното и средното образование, со одличен успех.

На Земјоделскиот факултет во Скопје се запишал во учебната 1994/1995 година, на полјоделската насока, а студиите ги завршил со просечна оценка 8,58. Дипломирал 1999 година, и во истата година се запишал на постдипломски студии на Земјоделскиот факултет, на групата агроекономика.

Постдипломските студии успешно ги завршува со просечна оценка 9,63. Магистерската теза под наслов „Влијание на кредитната политика во земјоделството врз комерцијализацијата и специјализацијата на семејните земјоделски стопанства во Република Македонија" успешно ја одбранил на 30 декември 2009 година и се стекнал со звањето магистер од областа на земјоделските науки, група: агроекономика.

Од 31.12.2013 година, м-р Лазо Димитров станува дел од УКИМ, Земјоделски институт - Скопје и е избран во звањето асистент за научното поле биотехнички науки, област: економика на земјоделство и развој, каде што и во моментот ја има истата работна позиција. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр.1067 од 16.12.2013 година.

Во 2014 година запишал трет циклус - докторски студии на студиските програми при Школата за докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во академската

2014/2015 година, по економски науки, на насоката економија на аграрен сектор на Економскиот факултет во Скопје.

Се служи со англискиот јазик и има одлични познавања од областа на информатиката.

## 24. Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата

Својата работна кариера ја започнал во 1999 година во Рударскиот институт каде што работел како советник за екологија и проценка на условите во животната и работната средина. Од 2000 до 2003 година, работел како советник на Проектот за поддршка на индивидуалните земјоделски производители, проект на Светската Банка. Во текот на работата учествувал и бил одговорен за спроведување на повеќе проектни активности, како што се: маркетинг-студијата за градинарското производство, воведување на системот за финансиски мониторинг на фарма, следење и проценка на програмата за финализација на земјоделските производи, како и интензивна поддршка и јакнење на земјоделските здруженија и формирање на Федерацијата на фармерите на Република Македонија.

Од 2003 до 2008 година работел како советник за проценка и следење на влијанието на Проектот за финансиски услуги во земјоделството - ИФАД. Во рамките на ИФАД-проектот одговорен е за воспоставување и менаџирање на систем за следење и проценка на проектните активности, нивото на исполнување на стратешките цели на проектот и давање препораки за подобрување на достигнувањата.

Во 2008 година формирал своја консултантска компанија „Тера консалтинг“, која како примарна дејност има давање на бизнис и финансиски консултантски услуги во земјоделско - прехранбениот сектор и руралниот развој.

Покрај работа во земјава, има и меѓународно работно искуство. Имал работни ангажмани во Холандија, Турција, Ерменија, и Босна и Херцеговина.

Активно е вклучен како стручен соработник и експерт во голем број на работни и експертски групи во земјоделството, како и во изработка на низа национални стратегии.

Повеќепати учествувал на студиски престои во странство, учествувал, организирал и одржувал обуки од областата на агробизнисот, бизнис-планирањето, советодавните услуги, менаџментот и човечките ресурси.

### Научноистражувачка дејност

М-р Лазо Димитров има два научни труда од агро економската област, од кои еден труд објавен во зборник од научни собири и тоа: „Економска оптимизација на инвестициите и системите на одгледување на јаболка во Република Македонија“, 5 Меѓународен земјоделски симпозиум, Босна и Херцеговина, октомври 2014 (GJOSHEVA-KOVACHEVIKJ M; DIMITROV L.; “ECONOMIC OPTIMIZATION OF THE APPLE INVESTMENT AND GROWING SYSTEM ALTERNATIVES IN REPUBLIC OF MACEDONIA”, 5th International Agricultural Symposium "Agrosym 2014"- Bosnia & Herzegovina, October 2014, http://www.agrosym.rs.ba/agrosym/agrosym_2014/documents/6rd/rd10.pdf) и еден апстракт со презентација на труд на тема: „Оправданост на инвестирање во УВ-мрежи во овоштарското производство на круши“, Сплит, Хрватска, март 2014 (Dimitrov L.;

Kiprijanovski M.; Toso A.; Gjamovski V.; "ECONOMICAL FEASIBILITY TO INVEST IN UV NET IN PEARS ORCHARDS PRODUCTION", Split, Croatia, March 2014).

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Кандидатот м-р Лазо Димитров активно е вклучен во научната апликативна дејност. Како стручен соработник и експерт учествувал во имплементацијата на научните достигнувања, изработката и имплементација на многу проекти во областа на:

**1. Климатските промени и приспособување на земјоделското производство кон нив.**

Кандидатот бил вклучен во изработка на Студија за адаптација на анималното производство во Република Македонија според климатските промени со акциски план (проф. д-р Андонов С.; проф. д-р Узунов А.; проф. д-р Србиновска С.; проф. д-р Ѓорѓиевски С.; м-р Димитров Л.; м-р Киранџиски Т.; проф. д-р Вуковиќ В.; проф. д-р Ефтимова Е., Мрежа за рурален развој на Република Македонија, УСАИД, Скопје, 2014, ISBN 978-608-65755-0-2, http://ruralnet.mk/wp-content/uploads/2013/03/Animalno-proizvodstvo_web.pdf). Дополнително, кандидатот е дел од експертскиот тим кој учествува во изработка на Трета национална комуникација за климатските промени (м-р Димитров Л. и други автори, Министерство за животна средина и просторно планирање, Скопје 2014, ISBN 978-9989-110-88-7, Third National Communication on climate change, http://unfccc.org.mk/content/Documents/TNP_ANG_FINAL.web.pdf), под надлежност на УНДП и Министерството за животна средина, Климатски промени во Вардарскиот плански регион, имплементирана од УНДП, како и Проект за приспособување на климатските промени, имплементиран од Мрежата за рурален развој на Р.Македонија, а финансирана од УСАИД. Главната експертиза на кандидатот во овие проекти е насочена кон агроекономска анализа на финансиската одржливост на предложените адаптивни мерки и сценарија за приспособување на земјоделското производство на климатските промени. Во рамките на оваа проблематика, кандидатот учествувал и во имплементацијата на Аналитичката и советодавна програма за поддршка на зелен раст и климатските промени во Македонија финансирана од Светската банка, со цел да се поддржи Владата на Р.Македонија во проценка на економскиот бенефит и недостатоци од преориентирање кон зелен економски раст за надминување на климатските промени. Како партнер во имплементацијата на оваа програма, во соработка со ЛЕИ-институтот од Вагениген универзитетот (Wageningen University) во Хаг, Холандија, направена е проценка и евалуација на влијанието што зелениот раст и мерките за зелен раст (предложени во Националната стратегија за одржлив развој) ќе ги имаат врз социјалната димензија во Р.Македонија, за што и е објавена меѓународна публикација (Kamphius, B; Verburg, R; Kuhiman, T; Brouwer, F; Berg, J; Dimitrov, L; "The social dimension of green growth in the Republic of Macedonia", LEI Wageningen UR, The Hague, Netherlands, March 2013, http://www.wageningenur.nl/upload_mm/7/e/c/173a60a5-5405-482a-a167-7f4a05bf10ae_Rapport%202013-028%20Kamphuis_DEF-WEB.pdf).

**2. Микро економски анализи, Буџетирање на фарма и ФАДН – ЕУ-систем за мрежа на сметководствени податоци на фарма.**

Кандидатот беше вклучен во воспоставување на ЕУ-системот за Мрежа на сметководствени податоци на фарма. Тој е еден од пионерите кои ги направија првите чекори за воведување на ФАДН-системот. Основата на ФАДН-системот беше направена во

рамките на финансискиот мониторинг на фарма. Оваа програма беше развиена во рамките на Проект за поддршка на индивидуалните земјоделски производители, финансиран од Светска банка и имплементиран од Министерството за земјоделство, шумарство и водостпанство. Во рамките на оваа програма, кандидатот ги дефинираше основните принципи на собирање на податоци од репрезентативните фарми, буџетирање и финансиски анализи на ниво на фарма, како и давање на активна поддршка и обука на вработените во Агенцијата за поддршка на развојот на земјоделството (АПРЗ) за работење со системот (Бизнис-податоци од фарма, Скопје, јули 2002, Светска Банка, Проект за поддршка на индивидуалните земјоделски производители, Земјоделско-економски истражувачки институт (ЛЕИ), Холандија, Kamphius, B; Dimitorv, L; "FARM BUSINESS DATA MACEDONIA", World Bank Private Farmers Support Project (PFSP), Macedonia, Agricultural Economics Research Institute (LEI), The Netherlands, July, 2002, http://www.worldagricultureswatch.org/sites/default/files/documents/Kamphius_Macedonia.pdf).

Во текот на годините, кандидатот активно беше вклучен и соработуваше со Факултетот за земјоделски науки и храна во обработка и анализа на националните ФАДН-податоци собрани од АПРЗ. Во рамките на својата професионална ориентација кон агроекономијата, креира, воспоставува и развива Систем за сметководство на фарма во рамките на ФФРМ, базиран врз собирање и анализа на податоци од микро ниво на фарма. Податоците се употребуваат за стратешко и бизнис планирање и развој, како и за лобирање и застапувачки активности на ФФРМ.

Исто така, во рамките на проектот СФАРМ и поддршка на задругите во Р.Македонија, ја воведува агроекономска анализа на производството и производната цена на црвената пиперка како алатка за подобрување на врските помеѓу преработувачите и одгледувачите на црвена пиперка.

### 3. Следење и проценка на влијанието и резултатите (M&E)

Како дел од ИФАД-проектот во Р.Македонија (ИФАД 1 и 2), беше одговорен за воспоставување и менаџирање на систем за следење и проценка на проектните активности, нивото на исполнување на стратешките цели на проектот и давање препораки за подобрување на достигнувањата. Специфичните активности се однесуваа на идентификација и развој на стратешки цели, развој на индикатори, директна и блиска соработка со фармерите со цел да се мери влијанието на проектот и кредитирањето. Во рамките на своите професионални активности, направил голем број на финансиски и економски анализи за ефектите од кредитирањето кои се објавени во редовните годишни и полугодишни извештаи за следење и проценка на проектот во периодот од 2004 – 2007 година (Dimitrov, L.; "MONITORING AND IMPACT ASSESSMENT REPORTS, IFAD - Agricultural Financial Services Project, Ministry for Agriculture, Forestry and Water Economy, Skopje, 2004 – 2007), како и проценка на советодавните услуги (Uzunov, A; Dimitrov, L; Jones, I; "IFAD and client-financed agricultural advisory services, IFAD", Rome, Italy, November 2010, http://www.ifad.org/pub/land/advisory.pdf).

Своето искуство и експертиза во областа на M&E и анализи продолжува да ја дава и по завршувањето на ИФАД-проектот, како во Р.Македонија, така и интернационално. Во периодот од 2007 до 2011 има низа мисии во Турција, Ерменија и Италија, во насока на експертска поддршка и пренесување на знаењето од областа на M&E, на локалните проекти и други интернационални партнери.

**4. Статешко и бизнис-планирање**

Кандидатот има направено и учествувано во изработката на голем број стратегии, како национални и секторски, и во рамките на развојот и унапредувањето на невладиниот и приватниот бизнис сектор. Одговорен е за подготовка на стратегија за стручна едукација и неформално образование, како дел од поддршката на телото за управување со ИПАРД во развојот и програмирањето на ИПАРД-мерката 303 “Унапредување на тренингот (М 303)” за акредитација (Критичка проценка на структурата за обука во земјоделството, храната и руралниот развој во Република Македонија, Импликации за програмирање на ИПАРД мерката 303, Скопје, Р.Македонија, октомври 2010, ИПАРД-тело за управување, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Проект за поддршка на ИПАРД, проект финансиран од ЕУ, Dimitrov, L; “CRITICAL ASSESSMENT OF THE TRAINING STRUCTURE IN AGRICULTURE, FOOD AND RURAL DEVELOPMENT IN REPUBLIC OF MACEDONIA, IMPLICATIONS FOR THE PROGRAMMING OF THE IPARD MEASURE 303”, Support to IPARD Preparation Project (SIPP), EU funded Project, IPARD Managing Authority - Ministry of Agriculture, Forestry and Water Economy, Skopje, October 2010). Бил вклучен во развојот на програмата за осигурување на земјоделството во Македонија, Србија и Албанија, со специјален фокус на проценка на сегашната состојба, идентификација на потребата на клиентите и потребата од осигурителни пакети. Учествувал во подготовката на национата стратегијата за рурално финансирање. Во рамките на СИДА-проектот за јакнење на ФФРМ, одговорен е за проценка, евалуација и редизајнирање на стратегијата за развој на федерацијата со цел зголемување на одржливоста и национално препознатливост на организацијата (Димитров, Л.; “Стратегија за одрлжив развој на организацијата (2012 - 2016)”, Федерацијата на фармери во Република Македонија (ФФРМ), Шведската меѓународна развојна организација (СИДА), Скопје, 2011). Во рамките на СНВ-проектот има направено стратешка анализа на пчеларскиот сектор, како идентификација на препреките и стратешките приоритети, стратешки развој и бизнис-планирање, институционално градење на капацитетот и јакнење на задругите (1. Dimitrov, L; “Beekeeping sub-sector in R.Macedonia - Challenges and opportunities for value chain development”, SNV, Skopje, July 2011).

Има изготвено голем број на бизнис-анализи и бизнис-планови за агро-прехранбената индустрија, како за потребите за ИПАРД-аплицирањето, така и во обласа на кредитирањето. Во рамките на KfW/ГФА проектот за поддршка на националниот парк Галичица, беше одговорен е за редефинирање на стратегијата, развојниот план и надградба на бизнис-планот на паркот (1. Dimitrov, L; Ljubecki Angelik, N.; “Update of the National Park Galicica Business plan 2011 - 2016”, German Government KfW project “Support of the National Park Galicica”, National Park Galicica, Skopje, 2011). Учесник е во работната група за утврдување на постапките за подготовка на бизнис-план за потребата на ИПАРД и Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР), а подоцна активно ја поддржуваше АФПЗРР во градење на капацитетот и воспоставување на правилата за проценка на бизнис-планот.

Во рамките на своето професионално работење, кандидатот има спроведено голем број обуки со различни тематика и проблематика.

## 5. Друга стручно-апликативна дејност и документи

1. Dimitrov, L.; "Economic feasibility analysis of proposed modelling scenarios for mitigating and adapting to the effects of climate change in the agriculture sector (viticulture) in the Vardar Planning Region", UNDP CO in Skopje 'Local Action for Inclusive Development – Local Development Programme' for the Vardar and South–East Planning Regions, Ministry of Local Self-Government, Skopje, November 2013.
2. Dimitrov, L.; "Financial Results Agricultural Adaptive Research", USAID/Macedonia "Adaptation to Climate Change in Agriculture", Rural Development Network of the Republic of Macedonia (RDN of the RM), Skopje, October 2013.
3. Dimitrov, L.; "Economic feasibility analysis of proposed Climate Change modeling scenarios in the agriculture sector", THIRD NATIONAL COMMUNICATION TO UNFCCC, UNDP, Ministry of Environment and Physical Planning, Skopje, June 2013.
4. Група автори.; "Упатство за изготвување на Деловен план", ИПАРД Агенција за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Скопје, 2009. http://www.ipardpa.gov.mk/Root/mak/_docs/Programi/IPARD/BP_MAJ_2013_MKD_PREVOD_08072013.docx
5. Димиторв, Л.; "Excel модел на Деловен план", ИПАРД Агенција за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Скопје, 2009. http://www.ipardpa.gov.mk/Root/mak/_docs/Programi/IPARD/Deloven_plan_xls.xls
6. Димитров, Л.; "Водич за вработените во Агенцијата за потикнување на развојот на земјоделството на Република Македонија за изработка бизнис план за ИПАРД корисниците", МААСП – GRM International AB / Macedonian Agricultural Advisory Support Programme, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Агенција за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој - ИПАРД, Скопје, 2009.
7. Димиторв, Л.; Магистерската теза "Влијание на кредитната политика во земјоделството врз комерцијализацијата и специјализацијата на семејните земјоделски стопанства во Република Македонија", Скопје, декември 2009.
8. Dimitrov, L.; "Value chain activities in the frame of Macedonian Agricultural Advisory Support Programme", GRM International AB / Macedonian Agricultural Advisory Support Programme, Skopje, December 2009.
9. Dimitrov, L.; "Farm Diversification Website Agroalternativa", GRM International AB / Macedonian Agricultural Advisory Support Programme, Skopje, September 2009.
10. Dimitrov, L.; "Capacities of the rural development stakeholders improved in relation to diversification", GRM International AB / Macedonian Agricultural Advisory Support Programme, Skopje, December 2008.
11. Wageningen van, N.; Dimitrov, L.; "REVIEW OF DATABASE OF ENTERPRISE DIVERSIFICATION AND PROPOSAL FOR FURTHER ACTIVITIES OF THE WEBSITE", GRM International AB / Macedonian Agricultural Advisory Support Programme, Skopje, Oktomber 2008,

## Заклучок и предлог

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на м-р Лазо Димитров.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот, Комисијата заклучи дека м-р Лазо Димитров поседува научни и стручни квалитети според Законот за научно истражувачка дејност на Р.М („Службен весник на Република Македонија“ бр.46/2008, 103/2008, 24/2011, 80/2012, 24/2013, 147/2013 и 41/2014) и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето соработник-истражувач на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Земјоделски институт - Скопје, од научното поле биотехнички науки, научна област (дисциплина): економика на земјоделството и развој.

Според горе изнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на научниот совет на Земјоделскиот институт во Скопје, м-р Лазо Димитров да биде избран во звањето соработник-истражувач, од научното поле биотехнички науки, научна област (дисциплина): економика на земјоделството и развој.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Борис Анакиев с.р.**

**Проф. д-р Сашо Ќосев с.р.**

**Доц. д-р Илијана Кришкова с.р.**

# РЕЦЕНЗИЈА

# ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ ВО ВАРДАРСКИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА (1918-1941)" ОД М-Р РЕЈХАН МАНДАК, ПРИЈАВЕНА ВО ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА-СКОПЈЕ

Со Одлука на Научниот совет на Институтот за национална историја во Скопје, бр.10-294/4 од 6.7.2015 година определени сме за членови на Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација со наслов: "Верските заедници во вардарскиот дел на Македонија (1918-1941)" од кандидатот м-р Рејхан Мандак, во состав: проф. д-р Надежда Цветковска, проф. д-р Амет Шериф, проф. д-р Нада Јурукова, проф. д-р Македонка Митрова и доц. д-р Лидија Ѓурковска.

Откако Комисијата со особено внимание ја прегледа и оцени докторската дисертација, го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Изработената докторска дисертација прпаѓа на историографските теми од областа на историјата на религиите, бидејќи обработува прашања за верските заедници во вардарскиот дел на Македонија во периодот од 1918 до 1941 година, кога оваа територија се наоѓа во составот и територијалните рамки на новоформираната држава – Кралството на Србите, Хрватите и Словенците, а од 1929 година - Кралството Југославија. Новата држава, во чии рамки беше и вардарскиот дел на Македонија, претставуваше конгломерат составен не само од различни народи и националности, туку и конгломерат на различни религии, кои му налагале на Кралството да го реши и уреди прашањето на верските заедници. Но, состојбата во вардарскиот дел на Македонија беше многу комплексна. Неоспорно е дека по анектирањето кон Кралството Србија по балканските војни, а потоа и кон Кралството на СХС/Југославија по Првата светска војна вардарскиот дел на Македонија беше третиран како објект, а не како субјект. Ваквиот статус имаше тешки последици не само во општествено-политичкиот, стопанскиот, културно-просветниот туку и во црковниот живот. На македонскиот народ на кого не му беше признаен националниот идентитет не му беше дозволено да има и своја македонска православна црква, како верска заедница, бидејќи македонските црковни општини (епархии) беа ставени под јуриздикција на Српската православна црква (СПЦ). Покрај СПЦ, во вардарскиот дел на Македонија дејствуваа и Исламската верска заедница (ИВЗ), Римокатоличката црква и Еврејската верска заедница.

Иако за одредени прашања и проблеми од овој период поврзани со темата во докторската дисертација е пишувано од повеќе автори, сепак цениме дека забележително е отсуството на еден научноистражувачки труд во кој комплетно и комплексно ќе бидат претставени и обработени верските заедници во вардарскиот дел на Македонија. Токму и тоа го нуди оваа докторска дисертација. Затоа и темата што се обработува во докторската дисертација претставува значаен научен потфат, бидејќи се однесува на едно чувствително прашање во овој мошне комплексен и чувствителен период од историјата на Македонија во првата половина на 20 век.

Треба да напоменеме дека во докторската дисертација верските заедници не се разгледуваат изолирано, односно само во вардарскиот дел на Македонија, туку и пошироко, односно во целото Кралство, бидејќи настаните и процесите што се одвиваат меѓусебно биле поврзани.

Композициски докторската дисертација ги запазува критериумите кои се однесуваат за трудови од историската наука и таа концепциски се состои од: Предговор, Вовед, пет глави (обработени во повеќе наслови и поднаслови), Заклучок, Извори и литература, Кратенки и Прилози.

Во Предговорот кандидатот се осврнува на мотивите и на научната оправданост за обработка на оваа тема, потенцирајќи дека „ова не е само историографска тема од областа на историјата на религиите, туку дека таа е од значење и за историјата на правото и за политичката историја на Македонија". Токму затоа, сеопфатното проучување на историјата на Македонија, во кој било период, па и во периодот меѓу двете светски војни го прави неопходно и истражувањето и проучувањето на прашањата и проблемите од областа на црковната историја, а во тој контекст и на верските заедници. Исто така, даден е и краток осврт на користените извори и литература што се однесуваат на дадената проблематика.

Во воведот е даден историски осврт на верското прашање во Македонија до балканските војни, а посебен акцент е даден на периодот од балканските војни до создавањето на Кралството на СХС (1912-1918), кога вардарскиот дел на Македонија е анектиран и влегува во составот на Кралството Србија. Цениме дека во анализата на настаните и процесите изнесени во воведот, кандидатот вложил труд и умешност сѐ со цел да даде една опширна елаборација на овие настани, а во интерес на темата, користејќи притоа и научна апаратура.

Првата глава е од општ карактер и го обработува верското прашање во Кралството на СХС/Југославија, а во тој контекст и во вардарскиот дел на Македонија. Во неа, во кратки црти, се обработени прашањата и проблемите кои генерално се однесуваат на сите верски заедници, и тоа: положбата на верските заедници; државната помош и верските даноци; државните привилегии и олеснувања на верските заедници; верските училишта и верската настава во државниот јавен и образовен систем.

Втората глава е посветена на Српската православна црква и нејзиното дејствување во вардарскиот дел на Македонија, бидејќи судбината на македонскиот народ ја споделила и црквата, односно поделбата на Македонија по балканските војни, а потврдена по Првата светска војна довела и до распарчување на македонските црковни епархии. Во почетокот се обработени прашањата за обновата и единството на СПЦ, како и нејзината општествено-правна положба која била уредена со Закон (од 1929 г.) и со Устав на СПЦ (од 1931 г.). Со овие акти биле регулирани односите меѓу СПЦ и државата и со нив СПЦ била поставена во ранг на афтокефална црква. Мошне прегледно кандидатот го обработува прашањето за реорганизацијата на македонските црковно-административни институции од страна на СПЦ, со што таа воспоставила своја јурисдикција над нив. На местото на поранешните епархии во вардарскиот дел на Македонија биле основани нови црковни институции. Мошне сериозно и аналитички е обработен шематизмот на новите црковни институции: на Скопската митрополија и на Злетивско-струмичката, Битолската и Охридската епархија, кои, пак, се делеле на протопрезвитеријати, архиерејски намесништва и парохии. Дадени се значајни податоци за протоереите, архиерејските намесници и воопшто за свештенството кое било поставувано во црковните институции

во вардарскиот дел на Македонија од страна на СПЦ. Таквите претставници на високиот и нискиот клер, поради нивната големосрпска улога, Министерството за вера ги третирало како национални работници. Особено внимание во оваа глава е посветено на обработка на верското образование на СПЦ и на верската настава во јавното државно образование. Обработено е основањето и функционирањето на Битолската богословија “Св. Јован Богослов“ од 1922 до 1941 година. Најпрво е даден осврт на функционирањето на Богословијата како петтокласна во периодот од 1922 до 1928, а потоа е обработен периодот од 1928/29 до 1941 година кога таа станала шестокласна и имала ранг на Виша школа. Мошне прегледно се обработени прашањата кои се поврзани со начинот и условите за работа на Богословијата, условите за запишување на учениците, за наставната програма и наставните предмети, училишните здруженија и нивната активност, училишните фондови, работата на училишната библиотека и наставниот кадар. На крајот е обработена дејноста на православното свештенство во вардарскиот дел на Македонија.

Исламската верска заедница е обработена во третата глава. Како што истакнува кандидатот, дејствувањето на ИВЗ во Кралството на СХС/Југославија, а во тој контекст и во вардарскиот дел на Македонија, во меѓувоениот период минува низ три периоди кои се разграничени со одредени настани.

Првиот период од дејствувањето на ИВЗ ја опфаќа временската рамка од 1918 до 1928 година. Во овој период, како што констатира кандидатот, ИВЗ ја задржала положбата и организационата структура во одредени подрачја каква што била до формирањето на Кралството на СХС, обработувајќи ја притоа нејзината правно-политичка положба.

Вториот период е од 1929 до 1935 година, период кога е спроведена единствена организација на ИВЗ во целата држава, а во тој контекст и во вардарскиот дел на Македонија, кога нејзината работа била под строга контрола на државата. Посебен акцент е даден на одразот и последиците на диктатурата врз ИВЗ.

Во третиот период од 1935 до 1941 година се извршуваат промени во законодавството на ИВЗ, а тоа е донесувањето на новиот Закон на ИВЗ и се извршени промени во нејзиниот Устав. Тоа е период кога седиштето на ИВЗ од Белград повторно се враќа во Сараево. Како што истакнува кандидатот со законодавните промени се менува правната положба и организацијата на ИВЗ. Со новиот Закон, а особено со новиот Устав, на кои во дисертацијата кандидатот им посветува особено внимание, се констатираат промените во организационата структура: на верската организација, на вакафите, на шеријатските судови и на верското образование. Кандидатот ги обработува и прави историски осврт на развојните фази на шеријатското право и судство во вардарскиот дел на Македонија од 1918 до 1941 година, а кои се дел од државно-правниот систем на Кралството на СХС/Југославија. Притоа, акцентот е даден на обработката на повеќе прашања и тоа: на уставните и меѓународните гаранции за останувањето на шеријатското право во судството во новоформираната држава и на неговата примена, на воспоставувањето, структурата, функционирањето на шеријатските судови и на нивнот опшествен статус, како и на односот на шеријатските судови со државата и со ИВЗ. Посебен акцент во докторската дисертација е даден на исламското верско образование и на неговата улога во создавањето на шеријатскиот судски кадар. На крајот, обработена е реорганизацијата и надлежноста на муфтиската функција.

Во четвртата глава се обработени прашањата и проблемите кои се однесуваат на Римокатоличката црква во Кралството на СХС/Југославија, а во тој контекст и во

вардарскиот дел на Македонија. Во почетокот кандидатот ја разгледува политичката положба на оваа верска заедница до потпишувањето на Конкордатот, кој претставува меѓудржавен договот меѓу Светата столица (Ватикан) и некоја држава со кој се уредува правниот однос меѓу Римокатоличката црква и одредената држава. Затоа, во оваа глава кандидатот мошне исцрпно ги елаборира првите расправи за Конкордатот, посебно преговорите со Светата столица во 1925 година, активноста на кралот Александар и преговорите на Владата на Богољуб Јевтиќ со Ватикан, како и прашањето поврзано со потпишувањето на Конкордатот меѓу Ватикан и Кралството Југославија и реакциите во врска со тоа во Кралството, а и во вардарскот дел на Македонија. Исто така, обработена е и организационата структура на Римокатоличката црква во вардарскиот дел на Македонија.

Во последната петта глава е обработена Еврејската верска заедница. Кандидатот ја обработува положбата на Евреите во Кралството на СХС/Југославија, а во тој контекст и во вардарскиот дел на Македонија, а потоа се осврнува на организационата структура на оваа верска заедница, истакнувајќи дека Евреите биле организирани во вероисповедални општини, а овие биле организирани во Сојуз на вероисповедални еврејски општини и во Здружение на ортодоксните вероисповедални еврејски општини, кои одиграле значајна улога во борбата за остварувањето на граѓанските права и слободи на Евреите. Елабориран е и Законот на оваа верска заедница, донесен во 1929 година со кој се уредува не само односот на оваа верска заедница кон државата, туку се пропишува и нејзиното внатрешно уредување. Со посебни правилници била уредувана работата на Еврејската вероисповедална општина. Акцент е даден и на верското образование.

Докторската дисертација е работена врз основа на архивска документација (необјавена и објавена) и на историографска литература од домашна и странска провениенција, што може да се констатира од богатиот научен апарат, а и од изворите и литературата дадени на крајот од дисертацијата. Сето тоа ни дава потврда дека м-р Рејхан Мандак извршил мошне обемни научни истражувања.

Треба да се одбележи дека оваа дисертација добива поголема тежина и квалитет и со тоа што во неа се дадени во прилозите повеќе документи поврзани со дадената проблематика, како и богат илустративен материјал (фотографии на верски објекти и личности), што го први трудот поавтентичен. Сетоа тоа дава потврда дека кандидатот пристапил мошне сериозно и одговорно при обработката и притоа успеал да даде одговор на поставените прашања и проблеми што се предмет на обработка на оваа докторска дисертација.

## З А К Л У Ч О К

Со својот сериозен и одговорен пристап кон разгледувањето и анализата на документацијата и историографската литература, како и понудените одговори на поставените прашања што произлегуваат од темата, може да констатираме дека докторандот м-р Рејхан Мандак ни се претставува како сериозна и одговорна личност, која може да се носи со предизвиците што ги носи научноистражувачката работа.

Врз основа на изнесеното и согласно со законските барања содржани во Правилникот за единствените основи за организирање на постдипломски и докторски студии на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје, Комисијата за оценка и одбрана на докторската дисертација, има чест и задоволство да му предложи на Советот на Институтот за национална историја во Скопје докторската дисертација на м-р Рејхан

Мандак „Верските заедници во вардарскиот дел на Македонија (1918-1941)“ да ја прифати за одбрана.

Комисија

1.Проф. д-р Надежда Цветковска с.р.

2. Проф. д-р Амет Шериф с.р.

3. Проф. д-р Нада Јурукова с.р.

4 Проф д-р Македонка Митрова с.р.

5. Доц. д-р Лидија Ѓурковска с.р.